# *В О В Е Д*

*Овој извештај е четврти редовен годишен извештај што Народниот правобранител согласно член 24 од Законот за народниот правобранител (“Службен ве-сник на РМ” бр. 7/97) го доставува до Собранието на Република Македонија со цел да ги информира народните избраници за проблемите, тешкотиите и непра-вилностите со кои се соочуваат граѓаните на Република Македонија во остварувањето на уставните и законските права пред органите на државната управа и другите органи и организации што имаат јавни овластувања, како и за мерките и активностите што оваа институција ги презема во правец на заштита на правата на граѓаните и отстранување на констатираните неправилности и незаконитости во работата на овие органи.*

*Оттаму Собранието на Република Македонија, во рамките на своите овластувања, треба да преземе мерки и активности за надминување на констатираните неправилности со што ќе се обезбеди доследно почитување на уставните и законските права на граѓаните, а Владата на Република Македонија, во рамките на своите надлежности, да побара од органите на државната управа и од другите органи и организации што имаат јавни овластувања навремено да постапуваат по укажувањата на Народниот правобранител и да ги почитуваат неговите интервенции со цел да се отстрануваат незаконитостите, а со тоа и повредите на уставните и законските права на граѓаните.*

*Законска обврска е Народниот правобранител извештајот за работата да го достави и до средствата за јавно информирање со цел граѓаните на Република Македонија да се запознаат со работата и активностите што Народниот правобранител ги презел во правец за заштита на нивните права. Народниот правобранител очекува Извештајот сериозно да биде сфатен и од јавноста со што ќе се придонесе да се изврши дополнителен притисок врз државната управа и органите и организациите што имаат јавни овластувања за почитување на правата на граѓаните.*

*Во однос на претходните извештаи, методолошкиот пристап по кој е изготвен овој извештај во еден дел е изменет со тоа што прегледот и состојбите со почитувањето на човековите права не се дадени по органи, туку по области, со проблемска анализа, критички осврт и соодветни заклучоци, препораки и мерки за надминување и отстранување на констатираните повреди. Во Извештајот дадени се и компаративни статистички податоци за бројот на примени, решени и отфрлени претставки, констатирани повреди по претставките на граѓаните по области пропратени со соодветни компаративни слики, табели и графикони. Во останатиот дел Извештајот е непроменет во однос на минатогодишниот, па така во овој*

*извештај дадени се оцени за почитувањето на човековите права од страна на органите во извештајната година, потоа даден е осврт на остварувањето на правата на граѓаните по области, осврт за соработката на Народниот правобранител со органите и организациите со јавни овластувања врз кои надлежно постапува, како и осврт за другите позначајни активности на Народниот правобранител. Како посебен прилог даден е краток опис на покарактеристични примери од практичното работење кои би биле од интерес како за експертите и поединците, така и за јавноста.*

# 1 ОСТВАРУВАЊЕ НА ДЕЛОКРУГОТ НА РАБОТАТА

Дејствувајќи како единствен, самостоен и независен орган со надлежност да ги штити уставните и законските права на граѓаните кога им се повредени од органи на државната управа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања, покрај вообичаените тешкотии и проблеми со кои се соочуваше при остварувањето на делокругот на работата, за жал оваа година Народниот правобранител беше сведок на масовни и тешки повреди на основните човекови права предизвикани од вооружениот конфликт што се случи на дел од територијата на Републиката.

За време на вооружениот конфликт во северозападниот дел од Републиката, практично беше оневозможено дејствувањето на Народниот правобранител бидејќи од безбедносни причини институцијата не беше во можност да ги проверува поднесените претставки или пак самоиницијативно да презема дејства и да упатува соодветни критики, препораки, мислења и сугестии. Улогата на Народниот правобранител во овој период се состоеше само во барања, потсетувања и апели до надлежните органи да ги преземат сите неопходни мерки за спречување на воените конфликти, крвопролевања, киднапирања, убиства, протерувања на граѓани, уништување на објекти, имоти и слично. Истовремено се укажуваше дека: мирното решение на конфликтот, компромисот, комуникацијата, соработката, почитувањето на идентитетот, отфрлањето на насилството како средство за остварување политички цели, усогласувањето на домашните прописи со меѓународните стандарди и поттикнувањето демократска партиципација на граѓаните се принципи што водат кон зачувување на демократијата во Република Македонија и развој на граѓанското општество.

Воениот конфликт негативно се одрази во сите пори на општествениот, политичкиот, економскиот и културниот соживот помеѓу припадниците на различните етнички заедници. Кревките демократски мостови меѓу овие заедници до тој степен се разнишаа што ќе биде потребна долготрајна и континуирана соработка, едукација и промоција за помирување за да може да се врати довербата за мултиетнички соживот. Поради настанатата поларизација на меѓуетничките односи, во текот на кризата и по потпишувањето на Рамковниот договор, беа уништувани и сквернавени објекти, цркви, манастири, џамии кои претставуваа дел од културно-историското наследство во Републиката и беа запалени многу имоти и објекти во сопственост на припадници од разни етнички заедници.

Воената криза претставуваше погодно тло за разни криминални и терористички однесувања на поединци или групи за остварување на нивните лични интереси. Од друга страна пак, припадниците на безбедносните сили и одговорните лица во надлежните органи, пред се во Министерството за внатрешни работи и во Министерството за одбрана, не успеаја да ги заштитат граѓаните од дејствувањето на овие екстремистички, вооружени групи или поединци, па како резултат на тоа дојде до киднапирања на недолжното

цивилно население, убиства, уништување на имотот, културно-историските споменици, стопански објекти и слично.

Оттаму се постави и прашањето како може Народниот правобранител да дејствува како демократска институција и на кој начин да се справи во новонастанатите услови, а притоа да ја одигра својата улога на ефикасен контролен механизам во остварувањето и заштитата на правата на граѓаните кога практично, а пред се од безбедносни причини, на дел од територијата на Републиката беше суспендирано дејствувањето на институциите на системот.

Меѓутоа и покрај тешкотиите и невозможните услови за дејствување, Народниот правобранител правеше напори, пред се на превентивен план, да придонесе за подобрување и стабилизирање на состојбите . Во оваа смисла, а во рамките на уставните и законските надлежности се правеа напори и се бараа и изнаоѓаа разни начини, форми и методи на дејствување што беа во доволна мера ефикасни, а за кои ќе стане збор во понатамошниот текст од извештајот.

### 1.1. Обем на работа

Во текот на извештајната година Народниот правобранител постапуваше по вкупно 1.423 претставки поднесени од над 5.000 граѓани од кои 1.107 претставки беа поднесени во извештајниот период, а 316 беа пренесени од претходната година. Во однос на претходната година кога беа примени 1166 претставки, оваа година бројот е незначително намален за 0.05%. Народниот правобранител во 11 случаи покрена постапка по сопствена иницијатива. Исто така, оваа година на разговор беа примени над 3.000 граѓани од кои 580 беа примени надвор од канцеларијата на Народниот правобранител, а извршени се телефонски разговори со над 4.000 граѓани. Меѓутоа треба да се има предвид дека обемот и ефектите од работата не треба да се оценуваат само од аспект на бројот на примените претставки и направените разговори со граѓаните, туку и од аспект на мерките, дејствата и активностите што ги презема Народниот правобранител во врска со севкупното работење и функционирање на институцијата.

### 1.2. Преглед на поднесени претставки по области

Најголем број од претставките со кои граѓаните бараа заштита на правата се од областа на урбанизмот и градежништвото 217 или 15,24%; потоа од работните односи 184 или 12,93%; од правосудството 171 или 12,02%; од имотно-правната област 137 или 9,63%; од пензиското и инвалидското осигурување 123 или 8,64%; од потрошувачките права (комунални и други надоместоци) 121 или 8,50%; од полициската постапка 93 или 6,53%; од социјалните права 80, односно 5,62%; од станбената област 65 или 4,57%; од детската заштита 56 или 3,94%; од здравствената заштита 37 или 2,60%; од финансиите 18 или 1,26%; од образованието, науката, културата и спортот 12 или 0,84%; од животната средина 7 или 0,49%; од воените лица и воените обврзници 4 или 0,28%; од правата на заедниците кои не се мнозинство 1 или 0,07%; од областа на царинското работење 1 или 0,07% и од други области 96 или 6,75% претставки. **(Преглед бр. 1 и Графикон бр. 1)**

## *Преглед бр.1*

| ПРЕГЛЕД ПО ОБЛАСТИ на примени, решени и предмети останати во работа од 01.01.2001 - 31.12.2001 год. | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Примени претставки во 2001 год. | Број на подносители | Број на претставки префрлени од 2000 год. | **Вкупно претставки во работа** | начин на решавање: Број на примени анонимни претставки | Отфрлени претставки | Откажување на подносителот | Решени на друг начин | **Констатиран и повреди**: Дадени мислења, | Постапено по интервенција на | Непостапено по интервенција на | Информација до министерот | Информација до Влада на РМ | Вкупно решени предмети | **Предмети останати во работа** |
| Заштита на правата на заедниците кои не се мнозинство | 1 | 1 | | **1** | | 1 | | | | | | | | 1 | |
| Заштита на правата во полициска постапка | 72 | 132 1 | 21 | **93** | | 40 | | 6 | 17 | 14 | 3 | 1 | 1 | 63 | **30** |
| Заштита на права од областа на правосудство | 148 | 228 | 23 | **171** | | 112 | 2 | 3 | 20 | 18 | 2 | | | 137 | **34** |
| Заштита на права на воените лица и воените обврзници | 2 | 2 | 2 | **4** | | 3 | | | 1 | 1 | | | | 4 | |
| Заштита на права од областа на социјалните права | 65 | 64 | 15 | **80** | 1 | 56 | 1 | 2 | 12 | 8 | 4 | | | 72 | **8** |
| Заштита на права од областа на работните односи | 159 | 984 | 25 | **184** | 1 | 83 | 3 | 7 | 57 | 21 | 36 | 3 | | 151 | **33** |
| Заштита на права од областа на станбените односи | 59 | 59 | 6 | **65** | 1 | 17 | 2 | 6 | 13 | 4 | 9 | | 27 | 39 | **26** |
| Заштита на права од областа на здравствената заштита | 25 | 25 | 12 | **37** | | 8 | | 3 | 21 | 13 | 8 | 1 | | 32 | **5** |
| Заштита на права од пензиско и инвалидско осигурување | 102 | 103 | 21 | **123** | | 59 | 3 | 3 | 28 | 17 | 11 | | | 93 | **30** |
| Заштита на права од областа на образованието, науката, културата и спортот | 11 | 11 | 1 | **12** | | 4 | | 1 | 6 | 1 | 5 | | | 11 | **1** |
| Заштита на правата на децата | 47 | 47 | 9 | **56** | | 19 | | | 23 | 18 | 5 | 1 | | 42 | **14** |
| Заштита на права од областа на урбанизмот и градежништвото | 123 | 142 | 94 | **217** | | 63 | 3 | 7 | 38 | 22 | 16 | 6 | | 111 | **106** |
| Заштита на права од областа на животна средина | 7 | 165 4 | | **7** | | 2 | | 1 | 2 | 2 | | 1 | | 5 | **2** |
| Заштита на права од областа на финансиите | 16 | 32 | 2 | **18** | | 14 | | | 3 | 2 | 1 | | | 17 | **1** |
| Заштита на права од областа на царината | 1 | 1 | | **1** | | 1 | | | | | | | | 1 | |
| Заштита на права од областа на имотно-правните односи | 107 | 124 | 30 | **137** | | 63 | 2 | 8 | 33 | 16 | 17 | 1 | | 106 | **31** |
| Заштита на права на потрошува-чите | 80 | 127 | 41 | **121** | 1 | 50 | 3 | 5 | 32 | 19 | 13 | | | 91 | **30** |
| Заштита на права од други области | 82 | 101 | 14 | **96** | | 67 | 1 | 7 | 12 | 10 | 2 | | | 87 | **9** |
| **ВКУПНО** | **1107** | **502 6** | **316** | **1423** | **4** | **662** | **20** | **59** | **318** | **186** | **132** | **14** | **28** | **1063** | **360** |

***Графикон бр.1***



1. Заштита на правата од други области
2. Заштита на правата од областа царинска
3. Заштита на правата на заедниците кои не се мнозинство
4. Заштита на правата на воените лица и воените обврзници
5. Заштита на правата од областа на животната средина
6. Заштита на правата од областа на образованието, науката, културата и спортот
7. Заштита на правата од областа на финансиите
8. Заштита на правата од областа на здравствената заштита
9. Заштита на правата на децата
10. Заштита на правата од областа на станбените односи
11. Заштита на правата од областа на социјалните права
12. Заштита на правата во полициска постапка
13. Заштита на правата на потрошувачите
14. Заштита на правата од пензиското и инвалидското осигурување
15. Заштита на правата од областа на имотно -правните односи
16. Заштита на правата од областа на правосудството
17. Заштита на правата од областа на работните односи
18. Заштита на правата од областа на урбанизмот и градежништвото

Прегледот на поднесените претставки по области во однос на минатата година покажува дека тој однос значително не е изменет, односно постои незначително намалување или зголемување на бројот на претставките во однос на некои од областите. Што се однесува до органите и организациите на кои се однесуваа претставките забележително е дека најголем број се однесуваа на актите и дејствата преземени и донесени од страна на Министерството за транспорт и врски и Министерството за труд и социјална политика, потоа следат јавните претпријатија и Министерството за внатрешни работи, односно органите и организациите за кои се надлежни овие министерства и други. **(Преглед бр. 2)**.

## *Преглед бр.2 - за 2001*

| ПРЕГЛЕД ПО ОРГАНИ И ОРГАНИЗАЦИИ | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | начин на решавање | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | Констатирани повреди на човековите права | | | | | | | |
| | Органи на кои се однесуваат претставките | Примени претставки | Бр. на претставки префрлени од 2000 год. | Вкупно претставки во работа во 2001 год. | Број на примени анонимни претставки | Отфрлени претставки | Откажување на подносителот | Решени на друг начин | Дадени мислења, сугестии, препораки, забелешки | Постапено по интервенција на НП до органите и | Непостапено по интервенција на НП од органите и | Информација до министерот | Информација до Влада на РМ | Вкупно решени предмети | Предмети останати во работа | Процент на констатирани повреди од вкупно решените претставки(%) |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 |
| 1 | **Министерство за одбрана** | **2** | **2** | **4** | | 3 | 1 | | | | | | | 4 | | **0.00%** |
| 2 | **Министерство за внатрешни работи** | **89** | **30** | **119** | | 54 | | 5 | **21** | **17** | **4** | **1** | 1 | 80 | 39 | **17.65%** |
| 3 | **Министерство за правда** | **140** | **59** | **199** | | 112 | 2 | 1 | **19** | **16** | **3** | | | 134 | 65 | **9.55%** |
| 4 | **Министерство за транспорт и врски** | **155** | **44** | **199** | | 62 | 3 | 12 | **46** | **20** | **26** | **5** | | 123 | 76 | **23.12%** |
| 5 | **Министерство за економија** | **3** | **1** | **4** | | 2 | | 2 | | | | | | 4 | | **0.00%** |
| 6 | **Министерство за финансии** | **61** | **8** | **69** | | 32 | 1 | 1 | **20** | **8** | **12** | **1** | | 54 | 15 | **28.99%** |
| 7 | **Министерство за труд и социјална политика** | **196** | **48** | **244** | **1** | 122 | 5 | 5 | **63** | **44** | **19** | **3** | | 196 | 48 | **25.82%** |
| 8 | **Министерство за образование и наука** | **62** | **3** | **65** | **1** | 33 | | 2 | **21** | **11** | **10** | **1** | | 57 | 8 | **32.31%** |
| 9 | **Министерство за култура** | **5** | **2** | **7** | | 3 | | 1 | **3** | | **3** | | | 7 | | **42.86%** |
| 10 | **Министерство за здравство** | **36** | **7** | **43** | | 10 | 1 | 5 | **24** | **15** | **9** | **1** | | 40 | 3 | **55.81%** |
| 11 | **Министерство за надворешни работи** | **3** | | **3** | | | | 1 | **1** | | **1** | | | 2 | 1 | **33.33%** |
| 12 | **Министерство за земјоделство** | **8** | **2** | **10** | | 5 | | | **4** | **1** | **3** | | | 9 | 1 | **40.00%** |
| 13 | **Министерство за животна средина и просторно планирање** | **6** | | **6** | | 2 | | 1 | **2** | **2** | | **1** | | 5 | 1 | **33.33%** |
| 14 | **Влада на Република Македонија** | **71** | **2** | **73** | **1** | 28 | 2 | 6 | **19** | **7** | **12** | | 27 | 57 | 16 | **26.03%** |
| 15 | **Агенција на РМ за приватизација** | **3** | **9** | **12** | | 3 | | 2 | **1** | **1** | | | | 6 | 6 | **8.33%** |
| 16 | **Државен завод за геодетски работи** | **33** | **4** | **37** | | 23 | 1 | 2 | **10** | **5** | **5** | **1** | | 35 | 2 | **27.03%** |
| 17 | **Министерство за локална самоуправа** | **47** | **19** | **66** | **1** | 30 | 2 | 2 | **22** | **10** | **12** | | | 57 | 9 | **33.33%** |
| 18 | **Јавни претпријатија, установи и служби** | **112** | **62** | **174** | | 74 | **2** | **8** | **34** | **22** | **12** | | | 118 | **56** | **19.54%** |
| 19 | **Други органи и организации** | **1** | **4** | **5** | | 2 | | | | | | | | 2 | 3 | **0.00%** |
| 20 | **Други** | **74** | **10** | **84** | | 62 | | 3 | **8** | **7** | **1** | | | 73 | 11 | **9.52%** |
| **21** | **ВКУПНО** | **110 7** | **316** | **1423** | **4** | **662** | **20** | **59** | **318** | **186** | **132** | **14** | **28** | **1063** | **360** | **22.35%** |

Меѓутоа мора да се има предвид дека овој сооднос не мора да е реален, односно тоа не мора да значи дека органите и организациите на кои се однесуваа помалиот број упатени претставки не ги повредуваат или помалку ги повредуваат правата на граѓаните пред се поради фактот што граѓаните се уште не се доволно едуцирани и информирани за надлежностите и за областите во кои може да бараат заштита на нивните слободи и права од Народниот правобранител.

Според местото на живеење на подносителите на претставките најголем број се од Скопје 386, а најмалку, односно по една претставка поднесена е од Богданци, Виница, Демир Капија, Дојран и по една од државјани на Република Хрватска, Бугарија, Албанија и Шведска. Овој однос е реален и соодветен на бројот на граѓаните според местото на живеење со незначителни отстапувања. **(Преглед бр. 3)**

***Преглед бр.3***

| ***Ред. број*** | ***Градови*** | ***Бр. на претставки по градови*** | | ***Ред. Број*** | ***Градови*** | ***Бр. на претставки по градови*** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ***2000год.*** | ***2001год.*** | | | ***2000 год.*** | ***2001 год.*** |
| 1 | Берово | 11 | 4 | 22 | Мак.Брод | 7 | 8 |
| 2 | Битола | 54 | 65 | 23 | Неготино | 8 | 2 |
| 3 | Богданци | 1 | 1 | 24 | Охрид | 52 | 52 |
| 4 | Валандово | 2 | 4 | 25 | Пехчево | 19 | 5 |
| 5 | Велес | 43 | 43 | 26 | Прилеп | 56 | 76 |
| 6 | Виница | 3 | 1 | 27 | Пробиштип | 20 | 23 |
| 7 | Дебар | 5 | 4 | 28 | Радовиш | 80 | 47 |
| 8 | Делчево | 16 | 10 | 29 | Ресен | 16 | 15 |
| 9 | Демир Хисар | 6 | 5 | 30 | Скопје | 441 | 386 |
| 10 | Демир Капија | 1 | 1 | 31 | Струга | 25 | 27 |
| 11 | Дојран | 1 | 1 | 32 | Струмица | 23 | 34 |
| 12 | Гевгелија | 18 | 16 | 33 | Свети Николе | 5 | 12 |
| 13 | Гостивар | 21 | 21 | 34 | Тетово | 29 | 22 |
| 14 | Кавадарци | 25 | 36 | 35 | Штип | 39 | 66 |
| 15 | Кичево | 25 | 28 | 36 | Р.Албанија | - | 1 |
| 16 | Кочани | 19 | 21 | 37 | Р.Бугарија | - | 1 |
| 17 | Кратово | 16 | 5 | 38 | Р.Словенија | 1 | - |
| 18 | Кр.Паланка | 18 | 7 | 39 | Р.Југославија | 1 | - |
| 19 | Крушево | 7 | 6 | 40 | Р.Хрватска | - | 1 |
| 20 | Куманово | 46 | 37 | 41 | Шведска | - | 1 |
| 21 | М.Каменица | 6 | 11 | | | | |
| | | | | | **ВКУПНО** | **1166** | **1107** |

## 1.3. Начин на постапување и одлучување по претставки

Од вкупно 1423 претставки завршени се 1063, а по останатите 360 постапката е во тек.





Од завршените претставки отфрлени се 686 или 64,53%, во 318 или 29,92% утврдени се конкретни повреди на уставните и законските права на граѓаните, додека 59 претставки или 5,55% решени се на друг начин.





По претставките Народниот правобранител постапуваше итно при што доколку се оценеше дека може да се интервенира без да се проверуваат наводите се одлучуваше веднаш, а доколку постоеше потреба претставката да биде дополнета и проверена се бараше нејзино објаснување и дополнување од граѓаните или од орга-ните и организациите на чии акти или дејства се однесуваше претставката. По потреба се вршеше увид во органите, а беа повикувани на разговор и одговорни или други службени лица заради појаснување на претставките. Меѓутоа чести беа појавите по барањата на Народниот правобранител органите и организациите ненавремено да постапуваат или воопшто да не постапуваат.

### 1.4. Отфрлени претставки

Анализирајќи ги податоците за отфрлените 686 претставки евидентно е дека најголем број, односно 505 се отфрлени бидејќи е констатирано дека не се работи за повреда на основните слободи и права на подносителите на претставките, 118 се отфрлени поради тоа што се работеше за случаи за кои е во тек постапка пред судските органи, 32 се отфрлени поради тоа што во дополнително оставениот рок не е дополнета, 4 претставки не се земени во разгледување и се отфрлени бидејќи подносителите останале анонимни, по 7 претставки не е покрената постапка бидејќи е констатирано дека од дејството или од последната одлука на органот кој одлучувал по барањето на граѓанинот изминало повеќе од една година и 20 претставки се повлечени бидејќи подносителите во меѓувреме ги оствариле своите права.

Големиот број отфрлени претставки, по основ на тоа дека не се констатирани повреди, е резултат пред се на неинформираноста на граѓаните за надлежноста на Народниот правобранител и непознавањето на нивните права, но и на нивната желба да ја проверат законитоста на донесените акти од страна на органите и преку институцијата Народен правобранител.

## 1.5. Констатирани повреди на правата на граѓаните по претставки

Од вкупниот број 1063 решени претставки во 318 или 29.92% Народниот правобранител констатирал повреди на правата на граѓаните од страна на органите на државната управа и од другите органи и организации што имаат јавни овластувања. За отстранување на констатираните повреди упатени се 116 препораки, 95 мислења и 84 сугестии. Покрај дадените препораки, мислења и сугестии Народниот правобранител поднесе осум предлога за повторно спроведување на управната постапка, девет барања за запирање од извршување на управни акти, две барања до Јавното обвинителство за поведување постапка за кривична одговорност, два предлога за поведување дисциплинска постапка и повеќе предлога до органите и организациите за подобрување на работењето и однесувањето со странките. **(Преглед бр. 1 и Преглед бр. 2)**

Од упатените препораки, мислења, сугестии и други соодветни интервенции органите на државната управа и органите и организациите со јавни овластувања прифатиле 186 со што го почитувале ставот на Народниот правобранител, а по 132 интервенции се уште не е постапено и Народниот правобранител не е известен за причините за непостапувањето, иако тоа за органите и организациите е законска обврска. Ако се споредат податоците од оваа со минатата година евидентно е дека нивото на почитување на интервенциите на Народниот правобранител е речиси непроменето, односно во 2000 година тој процент изнесуваше 60,97%, додека во извештајната година е 58,49%.

Во овој контекст треба да се имаат предвид и неприфатените 96 препораки, сугестии и други интервенции упатени до органите и организациите во текот на минатата и предминатите години. И покрај упорноста и настојувањата на Народниот правобранител органите и организациите да постапат, за жал често пати обидите останувaa безуспешни, па така по изминат подолг рок за постапување интервенциите практично остануваа беспредметни

За да се подобрат состојбите во овој правец Народниот правобранител во текот на годината покрај укажувањата на должноста за почитување на неговите барања и интервенции од страна на овие органи и организации, согласно своите законски надлежности изготви 14 извештаи со кои ги информира надлежните министри и другите одговорни функционери за потребата од преземање мерки и активности за почитување на интервенциите, 37 извештаи достави до Владата на Република Македонија, еден извештај до Анкетната комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот на Собранието на Република Македонија, а во повеќе случаи преку средствата за јавно информирање беше информирана и јавноста. Меѓутоа загрижува констатацијата дека министерствата и Владата на Република Македонија не посветија доволно внимание на овие информации поради што состојбите во однос на минатата година не се изменија.

## 1.6. Претставки за кои постапката е во тек

На крајот на извештајниот период во работа кај Народниот правобранител останаа 360 претставки. Причините поради кои не се завршени овие претставки се големиот број примени претставки на крајот на календарската година, нивната сложеност и обемност, потребата за прибирање податоци и докази од повеќе органи и организации, како и ненавремените одговори од надлежните органи и организации и неприфаќањето на дадените иницијативи од страна на Народниот правобранител.

## 1.7. Прием на граѓани во канцеларијата на Народниот правобранител и надвор од неа

Прием на граѓаните во канцеларијата на Народниот правобранител се врши секој работен ден. Оваа година во канцеларијата на Народниот правобранител примени се над 3.000 граѓани. При приемот на граѓаните доколку се оценеше дека за случајот Народниот правобранител не е надлежен на странката и се даваше соодветна стручно-правна помош каде, како и на кој начин да го оствари своето право.

***Преглед бр.4***

| Ред. број | Посетени градови | Примени граѓани наразговор | | Број на формирани предмети | | Ред. број | Посетени градови | Примени граѓани наразговор | | Број на формирани предмети | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2000 г. | 2001 г. | 2000 г. | 2001 г. | | | 2000 г. | 2001 г. | 2000 г. | 2001 г. |
| **1** | Битола | 23 | 71 | 14 | 41 | **16** | Крива Паланка | 25 | - | 14 | - |
| **2** | Берово | 9 | - | 3 | - | **17** | Мак. Брод | 7 | 10 | 4 | 8 |
| **3** | Велес | 28 | 26 | 12 | 11 | **18** | Мак. Каменица | - | 25 | - | 9 |
| **4** | Гевгелија | 22 | 11 | 11 | 7 | **19** | Неготино | 3 | 9 | 2 | - |
| **5** | Гостивар | 4 | - | 3 | - | **20** | Охрид | 36 | 37 | 18 | 25 |
| **6** | Делчево | 3 | 10 | 2 | 5 | **21** | Прилеп | 52 | 78 | 21 | 48 |
| **7** | Демир Хисар | 9 | 14 | 3 | 5 | **22** | Пехчево | 5 | | 1 | |
| **8** | Демир Капија | 5 | - | 2 | - | **23** | Пробиштип | 25 | 20 | 14 | 11 |
| **9** | Дојран | 10 | 3 | 5 | - | **24** | Ресен | 13 | 16 | 8 | 11 |
| **10** | Кичево | 29 | 16 | 9 | 9 | **25** | Радовиш | 25 | 22 | 14 | 12 |
| **11** | Кавадарци | 28 | 15 | 10 | 6 | **26** | Струмица | 10 | 24 | 6 | 13 |
| **12** | Кочани | - | 15 | - | 6 | **27** | Струга | 13 | 10 | 6 | 8 |
| **13** | Куманово | 43 | 26 | 21 | 11 | **28** | Свети Николе | 6 | 14 | 1 | 5 |
| **14** | Крушево | 4 | 8 | 1 | 4 | **29** | Тетово | 25 | 7 | 10 | 4 |
| **15** | Кратово | 21 | 11 | 13 | 4 | **30** | Штип | 37 | 20 | 12 | 5 |
| | | | | | | | **ВКУПНО** | **520** | **518** | **261** | **268** |

Остварувајќи ги своите програмски активности, како изграден метод на работа Народниот правобранител и во извештајната година организираше прием на граѓани и надвор од канцеларијата на Народниот правобранител во поголемите центри на единиците на локалната самоуправа. Така, во текот на месеците мај и септември беа организирани средби во 29 градови. При овие средби на разговор беа примени 518 граѓани, а по извршениот разговор беа формирани 268 предмети по кои е покрената постапка поради постоење на основано сомневање дека на граѓанинот му е повредено некое уставно или законско право.

Со цел да се олесни пристапот на граѓанинот до институцијата Народен правобранител и оваа година изготвениот образец на претставка редовно се дистрибуираше до општините каде граѓаните имаа можност, доколку оценеа дека во постапувањето на државната администрација им е повредено некое право, да го пополнат и да го достават до Народниот правобранител.

## 1.8. Соработка на Народниот правобранител со органите и организациите

Основен предуслов за успешно извршување на функцијата Народен правобранител е соработката и комуникацијата што треба да постои помеѓу институцијата и органите и организациите врз кои надлежно постапува. Согласно член 20 од Законот за

народниот правобранител, органите и организациите се должни да соработуваат со Народниот правобранител и на негово барање да му ги обезбедат сите податоци и информации без оглед на степенот на доверливост и да му овозможат спроведување на постапката. Органите и организациите, исто така согласно Законот, должни се да го известат Народниот правобранител за мерките донесени врз основа на неговите предлози, мислења или препораки. Доколку органите, односно организациите не го известат Народниот правобранител за спроведувањето на неговите предлози или препораки или пак предлозите или препораките само делумно ги прифатат, Народниот правобранител за тоа може да го извести непосредно повисокиот орган, надлежното министерство, Владата на Република Македонија, а со посебен извештај да го извести Собранието на Република Македонија или предметот јавно да го објави.

Ваквите законски обврски неминовно налагаат функционална и делотворна соработка на органите и организациите со Народниот правобранител. Таа мора да биде во интерес на граѓаните и во правец на зацврстувањето на уставноста и законитоста како основни начела на правната држава и како основа на актите и дејствата на овие органи и организации заради остварување на слободите и правата на граѓаните.

Во овој контекст минатата година Народниот правобранител преку писмени-те барања упатени до органите и организациите бараше ажурност во постапувањето и почитувањето на дадените препораки, мислења, предлози и извештаи. Во овој правец беа одржани средби со раководни и службени лица во овие органи, меѓутоа бројни иницијативи и барања на Народниот правобранител за средби со поедини министри останаа нереализирани.

Оттаму, општа е оцената дека соработката со носителите на јавните функции и со одговорните лица во овие органи и организации не е на потребното ниво, па така чести се примерите, односно појавите на неприемчив и некооперативен однос на некои од раководните и службените лица кога Народниот правобранител се обидуваше да воспостави контакт и да изврши увид во списите за кои беше поднесена претставка. Често пати овие лица го сокриваа своето присуство, а нивните соработници даваа погрешни или непотполни информации.

Меѓутоа загрижува фактот што барањата на Народниот правобранител до надлежните претпоставени органи да преземат соодветни мерки за надминување на состојбите вообичаено остануваа безуспешни, па наместо носителите на ваквите појави да бидат казнети, често пати беа заштитувани.

За изнесените состојби, согласно Законот, Владата на Република Македонија беше информирана со 26 посебни извештаи. Но за жал, мора да се потенцира дека Владата по повеќе извештаи нема постапено, ниту пак за тоа го информираше Народниот правобранител.

Оттаму по четиригодишно дејствување и укажување на законските обврски за соработка со Народниот правобранител со право може да се заклучи дека кај некои органи и организации повеќе не може да се постави прашањето за нивното непознавање на институцијата, туку за намерно непочитување или нејзино игнорирање.

Ваквата состојба неминовно налага потреба од преземање поенергични мерки и активности од страна на Собранието на Република Македонија со тоа што, не само што ќе им укаже на органите на државната управа и органите и организациите со јавни

овластувања на нивната законска обврска за соработка и почиту-вање на интервенциите на Народниот правобранител, туку и ќе ги повика на одговорност носителите на јавни функции што се одговорни пред Собранието, а коишто несовесно, неодговорно и незаконито се однесуваат во обезбедувањето, остварувањето и заштитата на правата на граѓаните.

Во овој контекст и во оваа прилика им се препорачува на органите и на организациите одговорно да се однесуваат и да ги почитуваат одлуките и интервенциите на Народниот правобранител. Во спротивно, доколку и понатаму продолжат да се однесуваат на ваков начин, сериозно ќе го доведат во прашање работењето на оваа институција, што неминовно ќе се рефлектира и врз оцената на евро-атлантските структури за прием на Република Македонија во нивното семејство, што неспорно е декларирана цел.

### 1.9. Јавност во работата

Кога се зборува за јавност во работата на Народниот правобранител значајни се два сегмента. Како прво, колку работата на Народниот правобранител во изминатиов период беше транспарентна, односно колку Народниот правобранител ги користеше средствата за јавно информирање како инструмент за информирање на јавноста за својата работа и второ колку се користеа тие, како дополнителен инструмент за притисок врз државната управа за почитување на правата на граѓаните.

Како и претходната и оваа година Народниот правобранител почесто ги користеше средствата за јавно информирање како инструмент за притисок врз органи-те на државната управа и другите органи и организации со јавни овластувања за почитување на неговите интервенции, а тоа го правеше доволно транспарентно преку конференции за печат, изјави, соопштенија и информации до средствата за јавно информирање, како и со повеќе настапи во емисии на електронските медиуми. Како резултат на ваквата практика со силината на јавното мислење и информирање оваа година успешно се разрешени некои состојби и поедини случаи.

Народниот правобранител цени дека средствата за јавно информирање во содејство со него и со другите институции што работат на заштитата на човековите права, особено невладините организации, можат многу повеќе да придонесат во развојот и заштитата на човековите права и во едукацијата на граѓаните за нивните права.

Меѓутоа загрижува фактот што, иако сметавме дека информациите од Народниот правобранител упатени до средствата за јавно информирање се од интерес за граѓаните, средствата за јавно информирање не беа спремни без надомест да ја информираат јавноста, а од друга страна пак државата за таа намена на Народниот правобранител не му определува дополнителни средства, што секако се наметнува како проблем за кој е потребно итно решавање.

# 2 ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОДНОС НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО, ПОЧИТУВАЊЕТО И ЗАШТИТАТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ПО ОБЛАСТИ

## 2.1. Права на граѓаните кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинство во Република македонија

Покрај македонскиот народ во Република Македонија живеат и припадници на уште дваесет и шест заедници кои не му припаѓаат на мнозинското население.

Според пописот на населението извршен во 1994 година, заедницата од албанско етничко потекло учествува со 23% во вкупниот број на населението, потоа следат припадниците на турската заедница чие учество изнесува 4%, српската и ромската со по 2%, а останатите се припадници на влашката, бошњачката и на други заедници.

Обезбедувањето услови за мултиетнички соживот со оглед на ваквиот хете-роген состав на населението е од особено и суштествено значење заради натамошен успешен развој на демократските процеси во Република Македонија, владеењето на правото и функционирањето на правната држава. Оттука и потребата за целосна и доследна нормираност на овие односи, како и нивна практична реализација.

Како самостојна и независна држава од 1991 година и наследничка на поранешна СФРЈ, Република Македонија е потписничка и ратификувала поголем број од меѓународните правни документи што се однесуваат на слободите и правата на граѓаните, па во тој контекст и оние што непосредно се однесуваат на заштитата на правата на националните малцинства. Меѓу нив секако спаѓаат: Општата декларација за човековите права на Обединетите нации од 1948 г., Конвенцијата за заштита на човековите права на Советот на Европа и Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства со што изрази целосна подготвеност да ги почитува сите меѓународни стандарди во областа на заштитата и унапредувањето на основните човекови слободи и права, вклучително и на правата на припадниците на заедниците кои не му припаѓаат на мнозинското население.

На овој план, а со цел за остварување, заштита, но и промоција на правата и слободите на припадниците на заедниците кои не се мнозинско население, Република Македонија како членка на Обединетите нации, ОБСЕ, Советот на Европа, УНЕСКО и другите меѓународни организации и асоцијации остварува широка меѓународна соработка при што слободното изразување на националната припадност и општоприфатените меѓународни норми поврзани со правата на националните малцинстава покрај останатите

основни човекови слободи и права, претставуваат дел од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија.

По својот концепт Уставот на Република Македонија од 1991 година е граѓански и како таков веќе добил меѓународна верификација.Според него на сите граѓани на Република Македонија им се гарантира целосна еднаквост во уживањето на правата и слободите, независно од нивната националност, пол, раса, верска припадност, социјален и економски статус. Оттука произлегува дека ограничува-њето на слободите и правата по овие основи не може да биде дискриминаторско.

Во согласност со вака утврдените уставни одредби на секој гарѓанин што значи и на граѓаните кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија им е загарантирано правото да можат да побарат заштита на слободите и правата пред редовните судови и пред Уставниот суд на Република Македонија во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност.

Граѓаните кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија и покрај тоа што во поглед на основните човекови и граѓански слободи и права имаат еднаков третман со мнозинското македонско население, сепак за нив со Уставот и особено со уставните амандмани загарантирани им се и дополнителни права, особено по прашањата на образованието на сите степени, учество во политичкото одлучување, употребата на јазиците и особено при вршењето на јавни овластувања на локално ниво.

Досегашните уставни решенија преточени се во законската регулатива чија измена е во тек, како резултат на имплементација на охридскиот Рамковен договор и уставните амандмани. Меѓутоа треба да се има предвид дека суштината во остварувањето на правата на граѓаните кои им припаѓаат на заедниците што не се мнозинство не се состои само во правното нормирање, туку пред се во создавањето услови за практична реализација.

Измените на Законот за народниот правобранител, на кои оваа институција инсистираше уште пред нарушувањето на безбедносната состојба во Републиката, што ќе мора да се случат до крајот на 2002 година како обврска што исто така произлегува од Рамковниот договор, уште повеќе ќе придонесат во прилог на напорите што оваа институција ги прави на полето за подоследно остварување на правата на сите граѓани на Република Македонија, што значи и на оние кои не му припаѓаат на мнозинското население.

Во досегашното практично постапување на Институцијата не е водена евиденција по однос на националната припадност на подносителите на претставките. Ова не само поради фактот што тоа не е практика и во другите земји, туку првенствено поради фактот што водењето на ваквата евиденција би ја одвело Институцијата во погрешна насока и губење време во утврдувањето на овај факт, кој во крајна линија може да предизвика и револт кај граѓаните пред се поради нивното право на слобода на изразување на припадноста, а на штета на основното прашање со кое е засегнат подносителот на претставката-има или не повреда на неговите права и како да бидат заштитени. Поради ова Народниот правобранител смета дека отсуството на ваквата евиденција не претставува погрешен приод во работата, дотолку повеќе што од личните податоци на подносителите на претставките може да се добијат приближни бројки во поглед на нивната националната структура.

Од овие причини, иако во овој извештај нема нумерички показатели по однос на националната припадност на подносителите на претставките, сепак од увидот во службената евиденција може да се констатира дека добар дел од претставките е поднесен од граѓани припадници на заедниците. Ваквата состојба е резултат првенствено на еднаквиот пристап што го имаме кон сите подносители на претставките, без оглед на националната припадност и промоцијата на институцијата преку јавен настап и на медиумите што емитуваат програма на албански јазик или се печатат на истиот. Во истиот правец и со истата цел брошурата на Народниот правобранител издадена пред повеќе од две години со која граѓаните поблиску требаше да се запознаат со оваа институција покрај тоа што беше издадена на македонски, во соодветен тираж беше отпечатена и дистрибуирана и на албански јазик. Вакви и слични методи на информирање на граѓаните ќе бидат практикувани и во иднина со тоа што ќе се настојува во зависност од материјалните можности на Институцијата истото да се чини и во полза и на другите заедници што не му припаѓаат на мнозинското население.

Во извештајниот период не е регистрирана претставка што се однесува на повреда на малцинските или на националните права, што не мора да значи дека не се случиле повреди на правата и од ваков карактер. Причините за тоа може да се припишат, меѓу другото, и на изгубената општа доверба на сите граѓани, па и на припадниците на малцинските групи во сите институции на системот, што секако има соодветен одраз и на институцијата Народен правобранител.

Поради ова во наредниот период Народниот правобранител со цел за подобрување на положбата на припадниците на заедниците што не му припаѓаат на мнозинското население во Република Македонија ќе презема дејства и активности во следните правци:

- следење на состојбите во однос на почитувањето на правата на граѓа-ните што припаѓаат на заедниците што не се мнозинство;
- заштита на начелата на недискриминација и застапеноста на граѓаните припадници на заедниците што не се мнозинство во органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа и во јавните установи и служби;
- давање предлози и мислења за унапредување на законската регулатива што се однесува на правата на припадниците на заедниците што не се мнозинство и во таа смисла усогласување на домашното законодавство со меѓународните документи за заштита на човековите права, односно правата на националните малцинства;
- доследно информирање на припадниците на заедниците за улогата и функцијата на Народниот правобранител и за начинот на постапува-њето по доставените претставки

*   *
*

Заради хармонизација на меѓуетничките односи и поуспешен мултиетнички соживот, а со тоа и создавање услови за позабрзан општествено-економски развој, Народниот правобранител е на мислење дека надлежните државни органи треба да ги преземат следните мерки и активности:

- целосна имплементација на Рамковниот договор и позабрзано усогласување на законската регулатива со меѓународните акти, особено со Рамковната конвеција за заштитата на националните малцинства и со Европската повелба за регионални и малцински јазици;
- изнаоѓање на форми и методи за градење модели на заеднички вредности и потреби што би создавале основа за мирно и толерантно мултикулктурно заедништво ослободено од етнички, религиозни, полити-чки и други предрасуди.

## 2.2. Заштита на правата во полициска постапка

Уставот на Република Македонија и 18-те амандмани, како базичен правен документ, ги определува како основни граѓанските и политичките слободи и права, како и економските, социјалните и културните права на граѓаните на Република Македонија без оглед на национална или верска припадност, пол, раса, боја на кожа, политичко уверување, општествена или имотна состојба. Притоа гаранција на остварувањето на правото е обезбедена преку можноста за заштита на истите пред судовите и пред Уставниот суд на Република Македонија во постапка заснована на начелата на приоритет и итност. Со Уставот исто така е загарантирана и судска заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и на другите институции што вршат јавни овластувања.

Меѓу основните вредности загарантирани со Уставот секако спаѓаат: неприкосновеноста на физичкиот и моралниот интегритет на човекот, забраната на секој облик на мачење, нечовечко или понижувачко постапување и казнување, слободата на движење, слободата на уверувањето, совеста и јавното изразување на мислата, слободата на тајноста на писмата и други облици на општење, слободата на мирно собирање и изразување јавен протест, неповредливоста на домот, правото на сопственост и други основни слободи и права што се општоприфатени во меѓуна-родните правни документи.

Имплементацијата на уставно загарантираните слободи и права на граѓаните спроведена е во законската регулатива донесена по осамостојувањето на Република Македонија, како и во голем број подзаконски акти при што кривичното законодавство предвидело казниви дела за оние кои би ги ограничиле или на кој било друг начин би ги повределе основните слободи и права на човекот и граѓанинот.

Гледано на генерален план, Народниот правобранител ја споделува општата оцена дека Министерството за внатрешни работи во текот на извештајната година не успеа да остане на висината на задачата за која е надлежно согласно Уставот. Годината започна со се уште нерасветлената афера на неовластено прислушкување на поедини граѓани од јавниот и од политичкиот живот во Република Македонија, на тоа се надоврзаа повеќе афери околу определување и доделување квоти за увоз на одредени стоки и производи, а кулминираше со нарушување на општата безбедност и сигурност на граѓаните со отпочнувањето на вооружени дејства предизвикани од страна на екстремни вооружени групи од албанска националност. Потценувачкиот однос и свесното прикривање или минимизирање на почетните воени дејства доведе до нивно охрабрување, а подоцна и до инволвирање и на голем дел од населението од оваа етничка групација, па вооружените дејства зафатија значителен дел од територијата на Република Македонија. Краен епилог беше суспендирана правна држава на дел од територијата на Република Македонија, илјадници бегалци и внатрешно раселени лица,

убиени, силувани, киднапирани и ѕверски измачувани недолжни граѓани, разделени семејства и уништени домови, верски, културно-историски споменици и стопански објекти. Последиците од овој конфликт ќе бидат долготрајни, а траумите на непосредно засегнатите вечни.

Проблемот на дванаесетмина киднапирани граѓани од македонска националност и шестмина од албанска е се уште неразјаснета енигма за ова министерство, но и за меѓународните организации кои малку придонесоа на овој план поради што нивните семејства и понатаму живеат во исчекување и надеж дека можеби најлошо-то сепак не се случило.

Во конкретното остварување на најголемиот дел од своите уставни права граѓаните се во нужна врска поврзани токму со полицијата, односно со Министерството за внатрешни работи и со неговите подрачни служби.

Пред цивилните служби на Министерството тие ги остваруваат правата поврзани со матичната евиденција, потоа со државјанскиот статус, живеалиштето и престојувалиштето и други статусни прашања, додека контактите полиција-граѓанин пред униформираниот дел на ова министерство се остваруваат кога е доведен во прашање јавниот ред и мир, општата сигурност, личната безбедност на граѓаните или безбедноста на имотот.

При конкретното постапување во канцеларијата на Народниот правобрани-тел во текот на извештајната година забележан е извесен тренд на зголемување на бројот на примени претставки во однос на претходната. Притоа не може со сигурност да се тврди дека тоа е резултат на конфликтот бидејќи бројот сепак не претставува вистински одраз на состојбите и последиците што беа предизвикани. Меѓутоа во структурата на регистрирани случаи, за разлика од предходниот период кога беа регистрирани преставки во врска со нерегулирани права на државјанство, оваа година доминираа претставките што се однесуваа на случаи на прекумерна употреба на сила од припадници на полицијата при повикување или доведување на службен разговор на граѓани во полициски станици, при вршење претрес во домови при непосредно фаќање на сторители на кривични дела или пронаоѓање траги за сторени кривични дела без налог на судот, при постапување со сомнителни предмети или во други контакти со полицијата. Народниот правобранител во неколку случаи регистрира примери на прекумерна употреба на сила, што значи постапување спротивно на Законот за внатрешни работи, Правилникот за вршење на работите на Министерството за внатрешни работи и Уредбата за употреба на средства за присилба и огнено оружје. Како покарактеристични беа: случајот со еден граѓанин од с.Романовце-Куманово работник во фабриката “ЧИК”, потоа еден граѓанин од с.Рашче-Скопско и во неколку други случаи кога врз основа на непосреден увид се констатирани телесни повреди како резултат на прекумерна употреба на сила. Пречекорување на овластувањата на полицијата се констатирани и во врска со познатиот случај при нападот на Полициската станица во с.Теарце кога полицијата, за да ги открие сторителите на ова криминално дело, изврши претрес во домовите на повеќе граѓани во с.Шемшово и с.Шипковица и притоа, според наводите на граѓаните, кон нив се постапувало спротивно на прописите при што им бил оштетен дел од имотот. Сите овие случаи исто така беа предмет на истрага, но мора да се каже дека речиси без исклучок на барање од Народниот правобранител полицијата одбиваше да го открие идентитетот на службените лица кои го извршиле пречекорувањето на службените овластувања, а често и лицата врз кои е употребена физичка сила не беа во можност да го идентификуваат службеното лице. Ваквиот однос на полицијата кон Народниот правобранител и

евентуално непреземање дисциплински и други мерки кон своите припадници кога со граѓаните постапиле надвор од рамките на службените овластувања само го нарушува угледот на Министерството и ја зголемува недовербата кон оваа институција, која треба да претставува синоним за општата и поединечна сигурност на граѓаните, како и за безбедноста на нивниот имот.

Иако бројот на претставките во врска нерешени или одбиени барања за прием во државјанство на Република Македонија бележи извесно намалување во споредба со предходните години, сепак зачудува фактот дека и понатаму се јавуваат лица на кои им е одбиено барањето иако де факто државјанскиот статус им бил признат кога истите веќе биле повикувани или служеле воен рок во редовите на Армијата на Македонија, што пак од друга страна претставува обврска само за граѓаните кои се државјани на Република Македонија. За очекување е дека долго најавуваните измени на Законот за државјанство ќе придонесат не само во забрзување на нерешените барања за прием во државјанство, туку и дека законските решенија ќе бидат полиберални по прашањата за економската и здравствената состојба на барателите, како и во поглед на времето предвидено за непрекинат престој на територијата на Република Македонија.

Во последно време, а особено по завршувањето на вооружените дејства, забележани се зачестени случаи на злоупотреба на оружје од припадници на резервниот состав на полицијата при што во некои случаи дојде и до трагичен епилог.

Она што е општа карактеристика и за другите органи на управата во поглед на неоправдано долгото траење на постапките започнати по барања на граѓаните за остварување на права во врска со прием во државјанство на Република Македонија или регулирање на други статусни прашања, секако се однесува и на Министерството за внатрешни работи иако навистина во овој поглед во последно време состојбите бележат некаков тренд на подобрување.

Негативна појава, што исто така беше карактеристика на извештајната година, а за чие сузбивање пред се е надлежно Министерството за внатрешни работи, е појавата на огромен број патнички возила што се движеа во сообраќајот без регистерски таблички или со симболи што не се составен дел на пропишаниот образец од Министерството. Ваквата појава негативно влијае не само на безбедноста, туку и на општата сигурност на граѓаните и како таква не смее да биде толе-рирана.

Народниот правобранител не може да биде во потполност задоволен од соработката со Министерството за внатрешни работи не само по прашањето на бавност во давањето на бараните податоци или информации и по однос на почитува-њето на неговите препораки, мислења или сугестии, туку особено во поглед на отсуството на спремност за непосредни контакти со раководни функционери заради размена на мислења поврзани со намерата да се сугерира подобрување на работењето и начинот на постапување на овластените службени лица при работата со граѓаните. За жал, изостана и посакуваната средба за истата цел и со првиот човек на ова министерство.

Сепак за поздравување се почетните чекори што ги прави Министерството со цел за подобра информираност на граѓаните преку издавање брошури со кои граѓаните ќе можат поблиску да се запознаваат со своите права и со начинот на нивното остварување пред службите на ова министерство.

*　　*

*

Со цел да се отстранат незаконитостите и неправилностите во работењето и да се подобрат состојбите со заштитата на слободите и правата на граѓаните во полициската постапка на Владата на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи им се препорачуваат следните мерки и активности:

- потполна законитост при постапувањето со доведените или повиканите граѓани што подразбира исклучување на мерки на присилба заради изну-дување исказ од осомничен или сведок и овозможување право на бранител во полициско постапување;
- поголема активност на службата за внатрешна контрола со цел за нама-лување на незаконитостите во постапувањето на припадниците на полицијата и преземање мерки за санкционирање на сторителите;
- преземање на сите законски дејства во правец на успешно откривање на сторителите на казниви дела со обезбедување потребни доказни средства заради натамошен кривичен прогон;
- забрзување на постапката за изготвување на предлог-законот за измените на Законот за државјанство и негово доставување во натамошна процедура;
- донесување подзаконски акти што ќе овозможат практична реализација на законските одредби во врска со статусните прашања на граѓаните;
- перманентна едукација на припадниците на Министерството, особено на вработените кои учествуваат при донесување на управните акти и оние кои се во непосредна комуникација со граѓаните;
- поголема ажурност во комуникацијата со Народниот правобранител и обраќање поголемо внимание на неговите препораки, сугестии или мислења.

## 2.3. Заштита на правата во областа на правосудството

Заштитата на правата на граѓаните во оваа област Народниот правобранител ја врши преку следење на стојбите во судовите, јавните обвинителства, Јавното правобранителство, нотарската служба, Министерството за правда и казнено-поправни-те установи во Република Македонија.

Впечатокот за состојбите во оваа област, мора да се напомене, се темели единствено врз основа на наводите изнесени во претставките од граѓаните и нивната проверка преку писмената комуникација со Министерството за правда. Токму пора-ди ова, изнесените впечатоци не мора да значи дека претставуваат реален и целосен приказ на состојбите, но треба само да го потврдат општото мислење дека не се такви какви што би сакале да бидат, а дека може да се подобрат единствено со нивно постојано следење од страна на сите субјекти задолжени за тоа, преку укажување на неправилностите во работењето, но и преку преземање мерки за надминување на истите.

Уште од самиот почетокот на функционирањето на институцијата, Народниот правобранител се судри со едно спорно прашање. Дали, како и на кој начин Народниот правобранител би можел да им овозможи заштита на правата на граѓаните кога им се повредени од самите носители на судиската функција или од страна на вработените во судската администрација. Ова од причина што за тоа нема конкретна законска поддршка, а сепак голем дел од претставките се однесуваат токму на права за кои подносителите сметаат дека им се повредени од овие субјекти.

Иако во поднесените претставки граѓаните од Народниот правобранител бараа да интервенира во судовите со влијание врз начинот на водење на постапката, на начинот на одлучување или на видот на судските одлуки, сепак респектирајќи ја самостојноста и независноста на судовите, загарантирана со Уставот и Законот за судовите, Народниот правобранител се задржа само на испитување на наводите, единствено кога станувaше збор за одолжување на судска постапка.

Со заклучок донесен на општа седница, Врховниот суд на Република Македонија му го оспори правото на Народниот правобранител по ова прашање непосредно да се обраќа до судовите поради што во наредниот период проверка на истите продолжи да врши преку Министерството за правда врз основа на ингеренции што тоа ги има од Законот за судовите и Деловникот за работа на судовите. Ваквата посредна комуникација со судовите до денес не е оспорена, но е од влијание за ажурно постапување на Народниот правобранител не само при неговото постапување, туку истата придонесува за натамошно одолжување на остварувањето на правата на граѓаните кои токму за тоа се обратиле до него.

Од табеларниот преглед може да се видат констатираните состојби во оваа сфера во периодот за кој станува збор, но општ е впечатокот дека преостанува да се работи уште многу во правец на подобрување на истите. Воведувањето на компјутерско работење, кое е во тек, во значителна мера ќе придонесе за поефикасно работење, особено во основното судство каде што е најчесто одолжувањето на судските постапки, меѓутоа тоа само по себе нема да придонесе за подобрување на состојбите ако не се влијае и за надминување на субјективните слабости што се евидентни кај носителите на судиската функција и во судската администрација. Максимата *судење во разумен рок* и *закаснетата правда е најголема неправда* треба да претставуваат основно мото од кое неминовно треба да се раководи секој носител на оваа професија и покрај сите потешкотии на кои наидува во нејзиното извршување. Од друга страна законодавната и извршната власт должни се со попрецизна законска регулатива да создадаваат материјална основа за поефикасно функционирање на овој сегмент од власта, а со самото тоа за побрзо и поефикасно остварување на правата на граѓаните.

**Јавното обвинителство**, како самостоен државен орган за гонење на сторителите на кривични дела, **Јавното правобранителство**, како самостојна служба за заштита на имотните интереси на Република Македонија и **Нотаријатот**, како јавна служба, во извештајниот период не беа особено апострофирани во претставките упатени до Народниот правобранител. Меѓутоа она што претставува општ впечаток за сите носители на јавни функции и јавни овластувања дека е неопходно потребна поголема совесност и компетентност при вршењето на јавна функција, а за што основен предуслов е постојана едукација и следење на законските прописи, секако се однесува и на носителите на овие функции.

Во изминатиот период се чини дека Јавното обвинителство како да подзаборави на својата законската обврска за преземање мерки за откривање и прогон врз основа на допрен глас до јавниот обвинител. Основ за вакво постапување веројатно можеше и требаше да има во поголемиот број на афери изнесени во медиумите во текот на 2001 година. Ако не поради друго, токму поради задоволување на јавноста, која во спротивно останува во недоумица дали некоја афера навистина се случила или пак се работи само за шпекулација со која се сака да се постигне одредена цел. Ова од причина што отсуството на одговор понекогаш остава простор за сомневање за прашање што можеби воопшто не е спорно.

Во **казнено-поправните установи** (домовите и затворите) се сместуваат лица на кои слободата на движење им е ограничена врз основа на правосилни судски одлуки или одлуки со кои е изречена мерката притвор. Лицата сместени во овие установи основните слободи и права ги остваруваат како и останатите граѓани на Република Македонија, но и во согласност со Законот за извршување на санкциите и Куќниот ред на установата во која ја издржуваат санкцијата или мерката.

Во извештајниот период остварувањето на правата на овие лица беше следено преку посета на затворите и домовите, како и низ проверка на наводите изнесени во претставки поднесени од лица сместени во овие установи или од нивни роднини. За стандардот на сместувањето и исхраната на притворените и затворените лица во споредба со веќе изнесените констатации во претходните извештаи, нема нешто особено што би требало да се нагласи со оглед дека состојбите во тој смисол битно не се изменети иако на овој план се прават почетни чекори. Поради ова и натаму остануваат веќе дадените препораки, првенствено упатени до извршната власт, за потребата од подобрување на животниот стандард на затворените и притворените лица во поглед на сместувањето и исхраната и доведување на ниво на меѓународно признатите и прифатени стандарди во сите затвори и казненопоправни установи.

Во дел од претставките, упатени од лица сместени во овие установи, се бара Народниот правобранител да интервенира во врска со намалување на изречените казни или се изнесуваат наводи за неправедна осуда, што секако не е од надлежност на институцијата. Меѓутоа во добар дел од претставките изнесени се наводи за неадекватен однос кон подносителите на претставките од страна на воспитувачите и останатиот персонал задолжен за процесот на ресоцијализација на осудените лица. Ваквите наводи се проверувани преку посета во затворите особено во КПД “Идризово” од каде најчесто се упатувани претставки до канцеларијата на Народниот правобранител. Притоа мора да се напомене дека тешко е наводите да се потврдат низ разговори со посочените лица од управата на Домот, а во отсуство на каков било материјален доказ. Одговорот на лицата на кои се однесува претставката вообичаено гласи дека *“осуденикот не може да се помири со фактот што не е на слобода и заборава дека се наоѓа во установа во која по сила на законот слободата на движење му е ограничена”*. Од друга страна, испитувајќи одредени претставки што се однесуваа на ускратено право на викенд или одмор надвор од установата беше констатирано дека не се исполнети условите за користење на оваа погодност во смисла на одредбите пропишани во куќниот ред на установата во која беше сместен подносителот на претставката. Ова не значи дека не постојат повреди на правата, но се поставува прашањето за обемот и како тие да се надминат.

Ако се направи паралела со изминатиот период и ако како параметар се земе бројот на поднесени претставки, ќе се констатира дека нема позначителни промени во поглед на обемот. Но ако се бара надминување на состојбите, тука пред се треба да се мисли на зајакнување на внатрешната контрола, како и позачестена контрола од Управата за извршување на санкциите при Министерството за правда. На овој начин секако би се придонело не само на полето на поголема заштита на правата на осудените лица, туку и за повисок степен на професионално извршување на работите од лицата задолжени да го спроведуваат процесот на ресоцијализација. Во спротивно казнено-поправните установи и натаму ќе останат само покрив над главата за лицата на кои со одлука на суд им е изречена затворска казна, но не и место за нивна ресоцијализација, место за нивно подготвување за успешно враќање во нормално општествено живеење, што е една од примарните цели на казнената политика.

Во извештајниот период не се регистрирани претставки од граѓани што се однесуваат на непосредно нанесена повреда на права од страна на **Министерството за правда**. Меѓутоа во делот од излагањето, во кој стана збор за одолжување на судските постапки, беше наведено дека Народниот правобранител изнесените наводи ги проверува преку ова министерство кое, согласно Законот за организација и функционирање на органите на државната управа, ги следи состојбите во оваа сфера. Тоа значи дека овој орган на управата треба да презема мерки и за надминување на негативните состојби во оваа сфера. Министерството за правда постапува рутински по барањата на Народниот правобранител, па со тоа во овој дел на своето работење се претвара во орган за пренесување на поставени барања и дадени одговори.

Поради ова Народниот правобранител е на мислење дека Министерството за правда проверките треба да ги врши врз основа на непосреден увид во судските списи, а тие да се однесуваат исклучиво на прашањето за оправдано или неоправдано одолжување на постапката, а потоа врз основа на севкупни согледувања да презема мерки од своја надлежност за надминување на констатираните состојби. Ваквото постапување апсолутно не би значело мешање во работата на судовите ниту задирање во нивната самостојност во водењето на постапката и одлучувањето. Напротив, со преземање мерки за сузбивање на причините што ги прават судските постапки долги и неефикасни ќе се придонесе за поефикасно судство, а со тоа и за вистинско владеење на правото и функционирање на правната држава.

### 2.4. Заштита на правата на воените лица и воените обврзници

Правата на воените лица и воените обврзници кои се предмет на заштита во оваа област регулирани се со Законот за одбраната кој е донесен во текот на извештајната година, како и со другите подзаконски акти на Министерството за одбрана.

Во споредба со претходниот, во овој закон внесени се повеќе новини во поглед на обезбедувањето на правата на овие лица. Новина во овој закон е регулирањето на правата на регрутите кои не само од верски, туку и од морални убедувања (приговор на совеста) не сакаат да служат воен рок во Армијата со оружје, така што истите можат да служат воен рок без оружје или во цивилна служба во здравствени, хуманитарни или социјални организации и установи и противпожарни единици кои ќе ги определи Владата на Република Македонија. Времетраењето на служењето на ваквиот воен рок изнесува 14 месеци. Исто така новиот закон го регулира праша-њето за ослободување на воениот обврзник од обврската за учество на воена вежба. Пред донесувањето на Законот истото беше регулирано со правилник, донесен од министерот за одбрана, меѓутоа тие одредби од Правилникот беа укинати од Уставниот суд на Република Македонија од причина што се работи за прашање што треба да се регулира со закон.

Народниот правобранител оствари средба со претставници на религиозната група “Јеховини сведоци” во која тие бараа негова интервенција за запирање на судските постапки што се водат поради сторено кривично дело Одбегнување на служење воен рок и упатување на овие лица на служење на воениот рок во согласност со новите законски одредби. Исто така побараа залагање за практично имплементирање на Законот. Во контекст на изнесеното, Народниот правобранител постапувајќи по претставките, се обрати до министерот за одбрана со барање за имплементирање на новите законски решенија на регрутираните припадници на оваа религиозна група со оглед на нивното

гарантирано уставно право на слобода на уверувањето и совеста. Народниот правобранител се надева дека Министерството ќе постапи по барањата и ќе ја ажурира постапката за донесување подзаконски акти.

Во канцеларијата на Народниот правобранител остварена е средба со членови на семејствата и роднините на загинатите припадници на безбедносните сили за време на воениот конфликт. Притоа од нивна страна е изразен револт кон надлежните органи дека само декларативно пред јавноста изразуваа грижа за семејствата на загинатите, но во практиката ништо не е реализирано. Од страна на Народниот правобранител им беше укажано за нивните права, предвидени во Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства (“Службен весник на РМ” бр.2/2002) како и за постапката на нивното остварување, а им беше понудена и соодветна правна помош за нивно остварување.

Заради запознавање со правата на воените лица и воените обврзници Народниот правобранител изготви брошура, чие издавање ќе биде реализирано во текот на 2002 година.

Имајќи го предвид малиот број предмети во кои се бара заштита на правата на воените лица и воените обврзници, од страна на Народниот правобранител во иднина треба да се преземат активности во правец на остварување редовни посети на установите во кои се служи воениот рок и установите во кои воените обврзници се упатуваат на служење во резервниот состав низ сите градови во Републиката каде што постојат вакви установи, потоа организирање трибини и спроведување анкети меѓу регрутите, војниците и воените обврзници со цел да се утврдат најакутните проблеми со кои се соочуваат за да се утврдат приоритетните области на делување на Народниот правобранител.

## 2.5. Заштита на правата во областа на социјалните права, работните и станбените односи

### *2.5.1. Социјални права*

Економските и социјалните права, според Уставот на Република Македонија, се вбројуваат во основните слободи и права на човекот и граѓанинот. Оттука произлегува и правото на граѓаните да живеат во општеството без страв од беда и сиромаштија. Според Меѓународниот пакт за економските, социјалните и културните права и Уставот на Република Македонија, граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување. Државата се грижи за овие права согласно со начелото за социјална праведност и им гарантира право на помош на немоќните и граѓаните неспособни за работа. Меѓутоа, повеќе години наназад, во Република Македонија основните слободи и права на човекот и граѓанинот, па во тој контекст и социјалните и економските права, никогаш не биле позагрозени.

Од предметното работење може да се констатира дека како во претходната така и во извештајната година претставките од социјалната област главно се однесуваа на остварување на право на социјална парична помош, постојана парична по-мош, еднократна парична помош, право на туѓа помош и нега, право на паричен надоместок поради невработеност и право на отпремнина.

Бројката од преку 80.000 домаќинства кои во текот на минатата година користеле социјална помош зборува дека расте сиромаштијата и бедата на граѓаните на Република Македонија што подразбира намалување на нивниот животен стандард. Генерално гледано, причините за зголемување на овие корисници се должи пред се на: големиот обем на невработеност, престанокот или ненавременото исплаќање на паричен надоместок поради невработеност, нередовна исплата на пла-тите на вработените, престанување на работата на претпријатијата по разни основи, реформи, приватизација, затворање на пазарите во кризните региони и слично.

При постапувањето по претставките, покрај повеќето проблеми на граѓаните, се констатира дека центрите за социјална работа не ја утврдуваат целосно и правилно фактичката состојба поради што често ги одбиваат барањата на граѓаните доведувајќи ги во состојба истите да мораат да водат долготрајни управни постапки пред надлежното министерство и пред Врховниот суд на Република Македонија, оневозможувајќи ги ефикасно да ги остварат овие права. Од овие причини на надлежните центри повеќе пати им е укажано на неопходноста од подетално разгледување на секое поединечно барање.

Евидентирани се претставки во кои граѓаните се жалат на определениот износ на социјалната парична помош со образложение дека со неа не можат да ги покријат ни минималните трошоци за живот. Народниот правобранител иако се согласува со ваквите констатации, со оглед на вкупните состојби во државата не можеше да побара измени на точно определените износи од Министерството за труд и социјална политика.

### *2.5.1.1. Бегалци и времено раселени лица*

Како резултат на вооружените дејства што се случија во северозападниот дел на Република Македонија своите домови ги напуштија околу 140.000 лица. Околу 70.000 лица, од македонска националност, напуштајќи ги своите домови времено беа раселени и сместени низ Републиката во повеќе групни сместувачки центри или во семејства, додека останатите граѓани претежно од албанска националност заминаа во Југославија (Косово, Јужна Србија) или во други земји. Од друга страна уште од времето на *“косовската криза”* во Републиката се уште се присутни околу 3.000 бегалци, претежно Роми и Срби, за кои се уште не се создадени услови за враќање во нивните домови.

На овие лица им се обезбедија само минимални услови за живот, со што им беа загрозени основните човекови права како што се социјалната и здравствената заштита, образованието, живеењето во семејство и слично, при што Народниот правобранител укажуваше надлежните органи (пред се Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика и Координативното тело при Владата на Република Македонија за справување со кризи) да преземат мерки за соодветно згрижување и обезбедување на основните минимални стандарди за сместување и остварување на основните права и обезбедување услови за нивно безбедно враќање во домовите. Во овој период чести беа протестите на овие граѓани пред зградите на Собранието и на Владата на Република Македонија со барања да им се обезбедат нивните права.

Со цел за поефикасно справување со воената криза Владата на Република Македонија формира специјално тело за справување со кризи чија основна задача беше грижата за сместување на внатрешно раселените лица и обезбедување услови за нивно потполно и брзо враќање во сопствените домови. Со потпишувањето на Рамковниот договор дел од бегалците и внатрешно раселените лица се вратија во своите домови.

Меѓутоа настојувањето на надлежните органи да се вратат преостанатите бегалци предизвика и револт кај нив поради необезбедените елементарни и пред се безбедносни услови за нивно враќање (неоспособени куќи, уништена или оштетена инфраструктура, необезбедена едукација, здравствена заштита и присус-тво на вооружени екстремистички групи, односно необезбеденост на териториите од страна на безбедносните сили на Република Македонија).

Оттаму со загрижност може да се констатира дека враќањето на раселените лица во нивните домови се остварува бавно, а тоа е пред се поради необезбедените материјални услови и враќање на контролата на безбедносните сили во запоседнатите територии, што е приоритетна задача на надлежните органи, како основен предуслов за реинтеграција на оваа категорија граѓани.

За време на воената криза евидентирани се повеќе исчезнати лица-граѓани од македонска националност и неколкумина од албанско етничко потекло. Голем број од нив, со помош на меѓународните организации и формираните тела за пронаоѓање на исчезнатите и киднапираните лица, беа пронајдени, ослободени и вратени во своите домови, меѓутоа во моментов 13 лица од македонска националност и 6 лица од албанско етничко потекло се водат како киднапирани, а надлежните органи се уште не се во можност да дадат какви било факти за нивната судбина и покрај тоа што во нивното пронаоѓање се вклучени и меѓународните организации. Во знак на револт членовите на нивните семејства подолго време протестираат во просториите на Собранието на Република Македонија. Народниот правобранител за нивното пронаоѓање нема можности да стори ништо повеќе од она што го прават самите, односно со постојан притисок да бараат од надлежните домашни и меѓународни органи пронаоѓање на нивните роднини.

Од друга страна, пак, роднините на исчезнатите граѓани од албанско етничко потекло мислат дека исчезнувањата се случиле откако биле приведени од припадници на безбедносните сили во полициски станици на Министерството за внатрешни работи. Меѓутоа нашите проверки извршени во полициските станици не ги потвр-дија овие претпоставки, односно вакви случаи не биле регистрирани во полициските станици. Оттаму останува пораката до надлежните државни органи, како и странски авторитети да ги преземат сите мерки за нивно пронаоѓање.

### *2.5.2. Права од работен однос*

Правото на работа според Меѓународниот пакт за економските, социјалните и културните права и според Уставот на Република Македонија, исто така спаѓа во основните права на човекот и граѓанинот. Секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при рботењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност. Според Уставот исто така секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место и секој вработен има право на соодветна заработувачка. Секој вработен има право на платен дневен, неделен и годишен одмор. Од овие права вработените не можат да се откажат.

Но што претставува правото за работа во услови кога во државата има повеќе невработени отколку вработени. Според статистичките показатели во текот на извештајната година во Република Македонија имаше 311 илјади вработени, а над 360 илјади невработени со тенденција оваа бројка во идниот период да се зголемува. Оттаму е и констатацијата на Народниот правобранител дека правото на работа во Република Македонија, од основно човеково право се претвара во привилегија. Во вакви услови

улогата на институциите што се занимават со заштита на човековите права не само што е тешка, туку е и невозможна во отсуство на сериозна државна стратегија за излегување од овој голем економски и социјален проблем за граѓаните. Во текот на минатата година се случија многу промени и во работоправната положба на работниците. Една третина од работниците не примаа или нередовно примаа плата, 60% од вработените имаа просечно плата од околу 100 евра, секојдневно се зголемуваше бројот на работниците со нерегулиран правен статус. Во овој период голем број работници, исто така беа прогласени за технолошки вишок и стечајци. Еден дел од работниците останаа без работа затоа што во текот на кризниот период биле спречени да одат редовно на работа. Особено карактерис-тично беше менувањето на законите што ја уредуваат работоправната положба на работниците. Иако Народниот правобранител се обидуваше максимално да ги штити правата на работниците и на граѓаните кои во текот на минатата година по разни основи останаа без работа, неговите обиди и интервенции беа речиси безуспешни бидејќи Владата на Република Македонија, односно органите и организациите на кои се однесуваа претставките, не ги почитуваа неговите интервенции.

Најголемиот дел од претставките од областа на работните односи се однесуваа на престанок на работниот однос со отказ по потреби на службата што доведе до голема нееднаквост меѓу работниците, вработени во стопанството и јавната админи-страција за што Народниот правобранител констатираше многу неправилности и пропусти. Во врска со овие претставки Народниот правобранител, согласно неговите законски овластувања, достави мислење до Владата на Република Македонија, Министерството за труд и социјална политика и до Министерството за правда со кое укажа на повредите на одредбите од Уставот, законите и Колективниот договор, меѓутоа истото не беше прифатено.

Од друга страна, уставноста на одредбите од Законот за работните односи во делот кој се однесува на престанокот на работниот однос со отказ по потребите на службата беше предмет на оцена пред Уставниот суд на Република Македонија кој ги укина истите, односно го укина Законот за измена и дополнување на Законот за работните односи.

Народниот првобранител им укажа на подносителите на претставките да поведат судска постапка пред надлежните судови, а според информациите што ги поседуваме судовите веќе уважиле неколку тужбени барања на работници на кои им престанал работниот однос по потреби на службата, што дава за право да се констатира дека мислењето на Народниот првобранител, упатено до Владата на Република Македонија, беше оправдано и основано.

Значителен број од претставките се однесуваа и на повреди на правата на вработените во јавниот сектор и тоа при нивно прераспоредување од едно на друго место или разрешување од функција и прераспоредување на друго работно место, изигрување на институтот оглас, прием на некомпетентен кадар на работни места за кои е потребна соодветна стручна квалификација и искуство и слично. Ваквите состојби очигледно негативно се одразуваа и врз ефикасното остварување на правата на граѓаните кои овие појави ги поврзуваа со партиска припадност и непотизам. Во оваа прилика ќе ги издвоиме разрешувањата на повеќе директори од основните и средните училишта од страна на Министерството за образование и наука без да постојат доволно убедливи причини или барем такви не беа наведени во решенијата за нивно разрешување. За жал, препораките и укажувањата на Народниот правобра-нител упатени до министерот не беа прифатени, а ваквата практика продолжува и понатаму.

Во извештајниот период кај Народниот правобрнител се обратија и граѓани од кризните подрачја на кои им престанал работниот однос затоа што во текот на кризата, од безбедносни причини, биле спречени редовно да се јавуваат на нивните работни места. Меѓу нив беа и петмина граѓани од Арачиново вработени во ЈП "Водостопанство-Вардар" на кои со одлука на директорот на претпријатието им престанал работниот однос согласно Законот за работни односи поради неоправдано отсуство од три и повеќе последователни работни дена во текот на една година. Овие граѓани до Народниот правобранител доставија уредна документација со која се утврдува дека во време на кризниот период имале статус на бегалци. Ист беше случајот и со еден граѓанин од Радуша, вработен во ЈП "Македонски железници", на кого му престанал работниот однос од истите причини. Народниот правобранител постапувајќи по овие претставки им укажа на работодавците на потребата од повторно спроведување на постапката со што ќе им овозможат на овие лица услови за водење соодветна постапка за заштита на нивните права како во организацијата така и пред надлежниот суд. Владата на Република Македонија донесе заклучоци со кои ги задолжи органите и организациите овие лица да ги вратат на работа.

Што се однесува до поединечните претставки за повреди на правата од рабо-тен однос на вработени во приватниот сектор, со оглед на фактот дека Народниот правобранител нема овластувања директно да се обраќа до приватните работодава-тели, по потреба интервенираше преку Инспекцијата за труд и тоа само тогаш кога ќе оценеше дека постои основано сомнение за сторена повреда на правата на работниците.

### *2.5.3.Права од станбените односи*

Правото на сопствен дом е исто така основно право на граѓанинот. Државата што се прокламира за социјална, должна е на своите граѓани да им обезбеди пристојно место и услови за живот. Затоа граѓаните, сметајќи дека државата е должна да им го реши станбеното прашање, често се обраќаа и бараа од Народниот правобранител да им обезбеди стан, а тогаш кога Владата распишуваше оглас за распределба на станови од Народниот правобранител бараа постапката законито да се спроведе.

Оваа година покрај вообичаените претставки од оваа област, Народниот правобранител постапуваше и по такви што се однесуваа на распределба на станови, согласно Одлуката за начинот и постапката за распределба на становите изградени по "Проектот за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски приходи". Постапката ја водеше Министерството за транспорт и врски, а самата распределба ја вршеше посебна комисија составена од пет члена, од кои три од Министерството за транспорт и врски и два од Министерството за труд и социјална политика. Постапувајќи по поднесените претставки, Народниот правобранител констатира одредени неправилности, незаконитости и недоследности во примената на утврдените критериуми од Одлуката и во примената на законските одредби. Имено, по објавениот оглас за рспоредување на становите изградени по проектот наменет за решавање на станбеното прашање на младите брачни двојки и станбено необезбедените лица со ниски приходи, голем број граѓани од спомenатите општини изразија незадоволство од начинот на кој истите беа распределени и покрај тоа што, според наводите во претставките, во целост ги исполнувале предвидените услови. Притоа, граѓаните за одлуката на Комисијата на Министерството за транспорт и врски биле известени со допис без правна поука, а од друга страна Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи од втор степен од областа на урбанизмот и градежништвото сметајќи се за ненадлежна по жалбите на подносителите за понатамошно постапување истите ги

достави до Министерството за транспорт и врски-Сектор за станбено комунални работи и инфраструктура.

Констатирајќи повреда на правата на подносителите на претставките, во смисла на постоење на неправилности во постапката за распределување на становите, Народниот правобранител до Министерството упати препорака и мислење, а исто така и информација до министерот. Во овие дописи Народниот правобранител од ресорното министерство побара постапката за распределување на предметните станови да биде повторена, со што ќе се отстранат недостатоците и ќе бидат почитувани уставните и законските одредби. Притоа се укажа до конечното одлучу-вање да не се пристапува кон склучување договори за користење на станови со оние граѓани на кои во постапката истите им се доделени, доколку до моментот на давањето на препораките тоа не е сторено. Истовремено од Министерството за транспорт и врски беше побарано да ги разгледа и да одлучи по приговорите на граѓаните, а доколку пак смета дека не е надлежно, согласно одредбите од Законот за општа управна постапка, да поднесе предлог за решавање на судир на надлежностите. Исто така побарано е во повторената постапка да биде донесена одлука во форма на управен акт-решение, по што ќе се определи и орган што ќе биде надлежен во втор степен во врска со жалбите на незадоволните граѓани, а доколку истите се обраќаат со посебно барање, да им бидат вратени документите што како прилог ги доставиле кон поднесеното барање за распределување на становите.

Со оглед на тоа што дадените укажувања не беа прифатени, во натамошниот тек на постапката Народниот правобранител со информација се обрати и до Вла-дата на Република Македонија со која побара да ги отстрани констатираните пропусти при доделувањето на становите. Во Информацијата Народниот правобрани-тел предложи, Владата да ја преиспита Одлуката за начинот и постапката за распределба на становите, така што доколку становите ги третира како социјални, со одлуката за распределба доследно да го почитува Законот за социјална заштита, како во поглед на условите така и во поглед на постапката за распределба. За жал Вла-дата не одговори, ниту пак ги прифати интервенциите на Народниот правобранител.

Исто така како посебен проблем во Републиката претставува и негрижата на надлежните органи за решавање на прашањето со лицата “бездомници” за што ќе треба да се преземат неопходни и итни мерки за соодветно решавање на овој проблем.

*   *
*

Од изнесеното може да се констатира дека и оваа година повеќе уставни и законски права од таканаречената Втора генерација човекови права, како што се: право на работа, право на социјална заштита и социјална сигурност и право на стан со сите свои модалитети, немаа реална економска основа да бидат остварени. Во услови на тешка материјална и економска состојба низ која минува Република Македонија во овој транзиционен период, иако беа реални барањата на граѓаните, Народниот правобранител не беше во состојба да помогне во остварувањето на нивното право на вработување, да обезбеди социјална правда и сигурност, ниту да го реши станбеното прашање. Во овој контекст недостатокот на извори на средства за социјална заштита има негативно влијание на правото на социјална заштита и во ваква состојба тешко може да се применат меѓународните стандарди за социјална правда. Но и покрај тоа, надлежните органи и организации треба и мора да созда-ваат услови за вработување на граѓаните и услови за

минимум гарантирано ниво на социјална правда и сигурност за да може да се зборува за задоволителен стандард на почитување на граѓанските права и авторитет и легитимност на оној што ги гарантира.

Поради изнесеното Народниот правобранител и препорачува на Владата на Република Македонија и надлежните органи за подобрување на состојбите во овие области да ги преземат следниве мерки и активности:

- создавање здрави економски основи и финансиски услови за реално оства-рување на социјалните права на граѓаните;
- навремено постапување и почитување на барањата и интервенциите на Народниот правобранител и барањата на граѓаните;

## 2.6. Заштита на права во областа на здравственото, пензиското и инвалидското осигурување

### *2.6.1. Здравствено осигурување*

Според Уставот на Република Македонија на секој граѓанин му се гарантира правото на здравствена заштита што, согласно законската регулатива се остварува врз основа на начелата на заемност и солидраност. Карактеристично за извештајни-от период е тоа што скоро во половината од вкупно поднесените претставки е констатирана повреда на правата на подносителите, што укажува на фактот дека во оваа област иако треба да се применуваат начелата на заемност, солидарност, хуманост и социјална правда и да се почитува уставната одговорност на секој да го чува сопственото здравје и здравјето на другите, сепак не може да се каже дека доследно се почитуваат овие принципи пред се од одговорните лица повикани да се грижат за здравјето на граѓаните, недоволно се почитува законската регулатива, а често истата е пречка за остварување на правата во оваа област.

Како и претходните и оваа година голем дел од претставките се однесуваа на проблемот со неблаговремено плаќање на придонесите или неблаговремено издава-ње на сините картони на осигурениците, што секако доведува до отежнато користе-ње на здравствените услуги, но може да се забележи дека по одделни интервенции на Народниот правобранител овој проблем се надминуваше.

Посебен проблем што треба да се спомене при плаќањето на придонесите и користењето на здравствените услуги беше плаќањето на придонесот со дисконт од 70%, согласно Законот за финасиско работење, при што Фондот сметаше дека и надоместокот поради боледување по кој било основ треба да биде сразмерен на платениот придонес, односно на осигурениците да им се исплаќа само 30% од предвидениот надоместок на плата. Народниот правобранител во ваквите случаи укажу-ваше дека целта на олеснувањето за плаќање на придонесот со дисконт од 70% беше токму за да се обезбеди остварување на правата на осигурениците, а не да им се ускратат нивните права. Во прилог на ваквото мислење на Народниот правобранител беше и донесената одлука на Врховниот суд на Република Македонија. По долготрајно укажување и упорност на Народниот правобранител, по доставени информации до ресорниот министер и до Владата, Фондот за здравствено осигурување постапи по укажувањата на Народниот правобранител и го исплати надоместокот во полн износ. Во поглед на остварувањето на правата од здравствената заштита, зависно од платени или неплатени придонеси карактеристично е да се спомене и ставот на Фондот за неиздавање на сини картони на

вработено лице за кое редовно се плаќа придонесот од страна на работодавецот само затоа што лицето пред повеќе години како самостоен трговец платило придонес со помала стапка од предвидената. Народниот правобранител укажа до Фондот дека е во спротивност со закон да не се издаваат сини картони на лице кое е здравствено осигурано како вработено и за кое редовно се плаќаат придонесите, само затоа што тоа како сопственик на приватно претпријатие во претходниот период платило придонеси по пониска стапка. По повеќе интевенции и укажувања на Народниот правобранител, укажувањата беа прифатени.

Проблем при остварувањето на правата на граѓаните од здравствената област беше и незаконската постапка при признавањето на висината на трошоците за лекување во странство. Имено, граѓаните кои се обратија до Народниот правобранител имаа уредна документација за одобрено лекување во странство, а според Законот и подзаконските акти во ваков случај на осигуреникот му се признаваат 80% од фактички направените трошоци за извршеното лекување. Меѓутоа Фондот, спро-тивно на Законот, ги принудуваше граѓаните да склучат договор и да се согласат Фондот да им исплати само 20% од трошоците, а доколку граѓаните не се согласеа, Фондот не им издаваше решение за упатување на лекување во странство.

Тргнувајќи од изнесеното Народниот правобранител достави препорака со барање да се постапува во согласност со Законот и да се поништат ваквите договори, но Фондот не презеде дејства во тој правец, туку и понатаму продолжи со ваквата незаконска пракса. Поради ова, Народниот правобранител достави информација, до Фондот со предлог за преземање соодветни мерки и активности за постапување согласно Законот. Информацијата и препораката на Народниот правобранител не беа прифатени од страна на Фондот, за што беше информирано Министерството за здравство, кое забелешките на Народниот правобранител ги прифати, со што престанаа да се склучуваат договорите, а правото продолжи да се остварува согласно законот.

Пред Народниот правобранител беа истакнувани и проблеми на граѓаните во врска со прифаќање на конзилијарно мислење како и непостапување по пресуда на Врховниот суд на Република Македонија што се однесуваа на остварување на правото на лекување во странство заради вештачко оплодување, за што Народниот правобранител упати сугестија со предлог да се постапи во согласност со Законот и со Пресудата на Врховниот суд, но по истата се уште не е постапено.

Во Републиката оваа година актуелени беа и подзаконските акти на Фондот за определување на партиципација на осигурениците во цената на здравствените услуги. Народниот правобранител по сопствена инцијатива презеде активности за поништување на актите бидејќи истите не беа во согласност со законот, односно не беше дадена согласност од страна на министерот за здравство што е законска обврска. Ова беше причина дел од ризичните групи на население како што се децата и постарите лица тешко можеа да ги користат здравствените услуги. Со оглед на тоа Народниот правобранител предложи да се преиспитаат наведените акти и да се донесат акти што ќе овозможат користење на здравствена заштита на сите граѓани, а особено децата и старите лица со возраст над 65 години. Врз основа на ваквата иницијатива спорните акти беа поништени и заменети со нови што овозможија подобри услови за користење на здравствената заштита на овие категории граѓани.

Народниот правобранител, исто така, му предложи на Фондот преиспитување на можноста за ослободување од партиципација на лица болни од тешки и неизле-чиви

болести бидејќи трошоците за лечење се високи и постапката е долготрајна, а повеќето од осигурениците поради тешката материјална состојба не се во можност да ги обезбедат.

Постоечката законска и подзаконска регулатива, како и статусот на Воената болница, предизвика проблеми во работењето и на оваа здравстена установа во врска со начинот на обезбедување средства, односно покривање на дел од трошо-ците за лекување на пациентите преку Фондот за здравствено осигурување, за што интервенираше и Народниот правобранител. Мислењето на Фондот се сведуваше на тоа дека со престанок на претходно склучената спогодба со Воената болница, престанала обврската за префрлање средства на сметката на Воената болница на име трошоци за лекување што паѓаат на товар на средствата на Фондот, особено и поради тоа што истата е во состав на Министерството за одбрана. Сето ова резултираше со опструкција на работата на Болницата што се манифестираше и преку неиздавање упати на пациенти од другите установи за прегледи и други услуги во оваа установа. Овие проблеми, кои во крајна линија го оневозможуваат остварувањето на правата од здравствената заштита на граѓаните, се уште се актуелни и не разрешени.

*   *
*

За доследно остварување на правата од здравствена заштита Народниот правобранител им препорачува на Владата на Република Македонија, Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување да ги преземат следните мерки и активности:

- доследно почитување и правилно применување на законските и подзаконските акти што го уредуваат остварувањето на правото на здравствена заштита;
- измена на законската регулатива во поглед за создавање на услови што ќе овозможат ниедно дете или старо и изнемоштено лице поради која било причина да не остане без соодветна здравствена заштита;
- создавање услови за ослободување од партиципација за каква било здравствена услуга на лицата заболени од тешки и неизлечиви болести;
- почитување и навремено постапување по барањата,препораките и мислењата на Народниот правобранител;
- доследно почитување на судските одлуки;

### *2.6.2. Пензиско и инвалидско осигурување*

Правата од областа на пензиското и инвалидското осигурување врз основа на Законот за пензиското и инвалидското осигурување во прв степен се остваруваат пред Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, а во втор пред Владата на Република Македонија, додека судската заштита се остваруваат пред Врховниот суд на Република Македонија. Старосната, семејната, инвалидската, земјоделската или странската пензија се права за кои граѓаните најчесто се обраќаат до Народниот правобранител.

**Старосна пензија** може да се оствари под услови определени со Законот, односно кога граѓанинот ќе наполни определен број години на старост и определен број години пензиски стаж. Во пензискиот потребен стаж за остварување на правото на старосна пензија се земаат годините поминати на работа, но само доколку е платен придонесот и истите се запишани во матичната евиденција на осигуреникот во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување. Во практиката, иако постои законска обврска, многу често работодавците не ги плаќаат придонесите или не доставуваат до Фондот обрасци за

податоците на работниот, за пензискиот стаж, пора-ди што граѓаните не се во можност да остварат право на старосна пензија иако ги исполнуваат законските услови. Во случаите кога станува збор за приватен работо-давец за кој Народниот правобранител не е надлежен да постапува, граѓаните беа упатувани на судска заштита, а доколку се работеше за работодавец пред кој Народ-ниот правобранител е надлежен да постапува се преземаа дејства со укажување да се изврши плаќање на придонесите. Така поголемиот дел од укажувањата беа почитувани од страна на органите.

Во врска со остварувањето на правото на старосна пензија граѓаните често се жалеа и на утврдената висина на пензијата, сметајќи дека истата треба да е повисока. Во вакви случаи Народниот правобранител интревенираше само тогаш кога при определувањето на висината на пензијата не беше земен целокупниот пензиски стаж или исплатените плати, согласно законските одредби за определување на пензиската основа.

Во поглед на остварувањето на правото на **инвалидска пензија**, граѓаните најчесто се жалеа на одолжување на постапката и тоа не само пред првостепените комисии кои ја определуваат инвалидноста, туку и пред второстепениот орган кој одлучуваше по жалбите. Во поглед на одолжување на постапката Народниот правобранител често интервенираше, но за жал, иако соработката со надлежните комисии е подобрена и се преземаат мерки за забрзување на постапката, истата се уште трае долго што неминовно налага потреба од преземање мерки за забрзување на истите.

Во врска со остварување на ова право граѓаните често бараа Народниот правобранител да интревенира пред надлежните комисии да им се утврди степенот на инвалидност за да можат да го остварат правото на инвалидска пензија. Граѓаните изразуваат недоверба во комисиите за утврдување на инвалидност, сметајќи дека, иако од медицинската документација неспорно било дека не се способни за работа и треба да бидат прогласени за инвалиди, комисиите одлучувале спротивно. Во врска со овие претставки Народниот правобранител малку можеше да помогне затоа што не е компетентен да оцени дали граѓанинот ги исполнува условите за инвалидска пензија во поглед на здравствената состојба, но сепак во одередени случаи кога беше очигледно дека странката боледува од тешка неизлечива болест што го прави сосема неспособен за работа предлагаше комисиите да го преиспитаат својот наод.

Во остварување на правата од оваа област и оваа година беше поставувано прашањето за остварување на правото на **усогласување на пензиските примања** за 8% на одредена категорија пензионери на кои им се задржуваше дел од пензијата според Законот за исплата на плати и пензии, кој беше поништен од страна на Уставниот суд на Република Македонија, а се уште не е извршено за сите години во кои се задржуваше дел од пензијата. Оправдувањата на Фондот беа дека за таа намена не биле обезбедени средства од Владата на Република Македонија. Исто така актуелно беше и усогласувањето на пензиските примања на лицата кои се пензиони-рале како вработени во Министерството за внатрешни работи според Законот за внатрешни работи, за што беше донесена одлука од Врховниот суд на Република Македонија со која Фондот беше задолжен да изврши усогласување на пензиските примања на овие лица за 48,53%. Меѓутоа повторно поради недостиг на средства усогласувањето не беше извршено.

Како спорни случаи, што беа предмет на постапување пред Народниот правобранител, беа пензионерите кои пензијата ја оствариле во некоја од казнено-поправните институции што сега се под надлежност на Управата за извршување на санкциите при Министерството за правда и за кои не е предвидено усогласување како за

пензионираните лица од Министерството за внатрешни работи, а извршувале исти работни обврски и задачи. Постапувајќи по ваквите претставки Народниот правобранител укажуваше дека е потребно да се донесат решенија по барањето на граѓа-ните за да можат да водат натамошна управна постапка. Меѓутоа и по интервенциите на Народниот правобранител Фондот не донесе формално решение.

Остварувањето право на пензија врз основа на стаж стекнат во странство исто така е отежнато поради неблаговременото доставување податоци од странските фондови, како и поради одолговлекување на постапките пред Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија. Поради тоа Народниот правобранител по повод поднесени претставки повеќе пати интервенираше, што резултираше со позитивен исход.

Посебен проблем по кој постапуваше Народниот правобранител и во оваа година беше прибирање средства од пензионерите, кои средства се користат за помош на семејството во случај на смрт на пензионирано лице, во таканаречениот **солидарен фонд**.

Претходната извештајна година пензионерите побараа интервенција од Народниот правобранител поради намерата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување да донесе одлука за начинот на прибирање и распределба на средствата што пензионерите доброволно ги издвојуваат од својата пензија, при што Народниот правобранител укажуваше дека Фондот нема законско овластување со свој акт да го уредува прашањето за собирање средства од пензионерите и дека тоа право им припаѓа само на пензионерите и на нивните здруженија кои единствено можат да располагаат со средствата што тие доброволно ги издвојуваат во солидарниот фонд. Меѓутоа и покрај укажувањата на Народниот правобранител во 2001 година, Фондот донесе одлука со која го уреди прашањето за собирање средства во солидарниот фонд, при што утврди дека тие ќе се задржуваат на посебна сметка во Фондот и дека распределбата ќе ја вршат неговите подрачни служби. Народниот правобранител повторно укажа дека ваквата одлука не е во согласност со Уставот и законот и предложи Фондот да ја укине, а во меѓувреме ги поучи подносителите да поднесат и иницијатива до Уставниот суд на Република Македонија за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста. По поднесената иницијатива Устваниот суд ја запре од извршување донесената одлука и поведе постапка за оценување на нејзината уставност и законитост.

И оваа година повторно беше актуелизирано прашањето за остварување на правото на надоместок за време на чекање на ново вработување на лица трудови инвалиди во случај на стечај на претпријатието, односно негова ликвидација. По повод поднесените претставки по повеќе интервенции и преземени дејства од Народниот правобранител, Фондот постапи по укажувањата и беа остварени правата на подносителите на претставките. Меѓу проблемите при остварувањето на ова право беше формалното бришење од судскиот регистар на претпријатието што е ликвидирано, при што беше констатирано дека иако претпријатието беше ликвидирано тој факт не беше запишан во судскиот регистар, поради што странките не можеа да го остварат правото на надоместок. Поради тоа Народниот правобранител интервени-раше и до судот за запишување на овој факт, што беше направено и странките го остварија своето право.

Актуелни беа и претставките на граѓаните во кои бараа остварување на правото на надоместок за преостаната работна способност. Имено, овие лица кои Инвалидската комисија ги третира како лица со изменета работна способност или лица кај кои постои опасност од настанување на инвалидност, која категорија не е предвидена со Законот, не

можат да го остварат правото на надоместок. За разрешување на ова право се чека автентичното толкување на Законот од Законодавно-правната комисија при Собранието на Република Македонија.

*    *
*

Изнесените состојби со остварувањето и почитувањето на правата на граѓаните во оваа област упатуваат на заклучок дека иако има одреден напредок правата на граѓаните се уште бавно се остваруваат и притоа често се прават намерни и ненамерни законски пропусти и непочитување на правата на граѓаните. Оттаму за подобрување на состојбите во остварувањето на правата од оваа област на Владата на Република Македонија, надлежното министерство, Фондот и надлежните комисии им се препорачува да ги преземат следниве мерки и активности:

- почитување и навремено постапување по барањата на граѓаните и по барањата, препораките и извештаите на Народниот правобранител;
- забрзување на постапките при остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување;
- преиспитување и усогласување на законската регулатива за поефикасно остварување на правата, при што за овие проекти да се информира и Народниот правобранител;
- обезбедување на потребните финансиски средства за исплата на обврски-те што произлегуваат од одлуките на Уставниот суд и одлуките на Врховниот суд за усогласување на пензиите од 8%, како и средства за усогласување на пензиите на пензионираните работници од Министерството за внатрешни работи;
- доследно почитување и извршување на судските одлуки.

## 2.7. Заштита на правата во областа на образованието, науката, културата и спортот

Поголемиот број на предмети од оваа област што се однесуваа на заштита на правата во областа на образованието се однесуваа на високото образование и на обврската за кофинансирање на одделни факултети при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, дел се однесуваа на барања за добивање стипендија за студирање во странство, за нострификација на дипломи и за други прашања.

Карактеристично за претставките што се однесуваа на партиципацијата беше тоа што Факултетите често неправилно ги задолжуваа студентите со плаќање партиципација, односно не ги ослободуваа од оваа обврска, иако ги исполниле условите. Во врска со партиципацијата имаше и претставки што се однесуваа на висината на партиципацијата која ја определува Факултетот, при што Народниот правобранител нема можност да интервенира во поглед на ова прашање затоа што во рамките на утврдената висина на партиципацијата со конкурсите за упис на студенти, секој факултет самостојно ја определува висината на партиципацијата што студентите треба да ја платат при упис на година. Врз основа на одредени сознанија, стекнати од дневно информативните гласила и од другите медиуми каде беа објавени реагирањата на студентите на факултетите при Универзитетот “Св Кирил и Методиј” во Скопје, а се однесуваа на разликата во висината на надоместокот за студирање, Народниот правобранител по сопствена иницијатива покрена постапка за заштита на нивните права и достави сугестија до Ректоратот на Универзитетот. Народниот правобранител доби известување дека поголемиот број факултети каде што постоеле услови го прифатиле предлогот за изедначување на

условите за плаќање на партиципација. Оние факултети на кои материјалните услови не им дозволувале да ја намалат веќе определената партиципација, во моментот не ги изедначиле условите, односно и натаму ги применуваат претходно утврдените износи.

Народниот правобранител по сопствена иницијатива реагираше и во врска со условите за сместување на студентите во студентските домови па во овој правец бе-ше разговарано со надлежните органи во студентските центри и надлежното министерство кои од своја страна се обврзаа да преземат мерки за подобрување на студентскиот стандард.

Треба да се напомене дека оваа година постоеше разлика во конкурсите за запишување на студентите во прва година на факултетите при Универзитетот “Св.Кирил и Методиј” во Скопје и истите при Универзитетот “Св.Климент Охридски” во Битола. Имено, на Универзитет “Св.Кирил и Методиј” во Скопје студентите меѓу другите пропишани услови за упис во прва година беа задолжени да полагаат приемни испити додека на Универзитетот “Св. Климент Охридски” во Битола тоа не беше предвидено, а разликата беше евидентна и во висината на средствата за кофинансирање, што создава нееднаквост помеѓу студентите и налага потреба од преземање соодветни мерки за усогласување на условите за прием во двете високообразовни институции.

* *
*

Поради изнесеното, иако препораките и мислењата на Народниот правобранител дадени во поглед на правата од областа на образованието најчесто се прифаќаат од надлежните органи, сепак Народниот правобранител смета дека за надминување на проблемите од оваа област и за доследно почитување на правата на граѓаните, надлежните органи треба да ги преземаат следниве мерки и активности:

- да се создадат еднакви услови за студирање, особено во поглед на кофинасирањето на студентите;
- да се создадат услови за подобрување на студентскиот стандард;
- да се почитуваат предлозите, препораките и мислењата на Народниот правобранител и доследно да се применуваат прописите.

### 2.8. Заштита на правата на децата

Во рамките на институцијата Народен правобранител, веќе две години функционира Одделението за заштита на правата на децата кое постапува по претставките од оваа сфера и ги разгледува прашањата што се однесуваат на правата на децата и можностите за нивно остварување. На тој начин на заштитата на правата на децата им е дадено посебно место во функционирањето на институцијата Народен правобранител. При обезбедување заштита на правата на децата, Народниот правобранител се раководи пред се од Конвенцијата за правата на детето и основните начела кои имаат приоритет при заштитата на правата на децата, а тоа се: нивниот најдобар интерес, недискриминација и нивното право на учество во сите одлуки и активности што се однесуваат на нив.

Карактеристично за извештајната година е дека во повеќе од поднесените претставки, што се однесуваа на заштита на правата на децата, констатирани се повреди на правата. Битно е да се нагласи дека во поголемиот број случаи укажува-њата на Народниот правобранител се прифатени и е остварено правото на децата.

Главна карактеристика за предметното работење од оваа област е дека и оваа година како подносители во најголем број се јавуваат родителите, односно дека се уште се ретки случаите до Народниот правобранител непосредно да се обратат деца, што секако не мора да значи дека нивните права не се повредуваат. Можеби тоа се должи на фактот што децата се уште не се доволно едуцирани за нивните права и за можните начини на заштита, како и се уште недоволната информираност на децата за нивната можност заштита да побараат и од Народниот правобранител. Меѓутоа сепак оваа година бројот на деца кои се обратија за помош до Народниот правобранител е поголем, што секако е одраз на посетите и одржаните предавања во училиштата и дистрибуцијата на едукативната брошура за правата на детето.

По својата содржина претставките и во овој извештаен период главно се однесуваа на **семејните права**, односно правото на остварување лични контакти на родителите со децата во случаите кога бракот е разведен или кога родителите не живеат заедно, а детето со одлука на судот или на социјалниот орган е доделено на чување и грижа кај еден од родителите. Специфично за овие предмети е што во нај-голем дел родителите укажуваат на повреда на нивното право за видување со детето. При утврдување на фактичката состојба Народниот правобранител пред се се раководи од правата на децата и од нивниот најдобар интерес, при што најчесто произлегува дека поранешните брачни партнери поради нерасчистени меѓусебни односи преземаат дејства со кои самите тие ги повредуваат правата на децата, односно не го овозможуваат или го спречуваат одржувањето лични контакти на детето со другиот родител. Во постапувањето по овие предмети во најголем дел континуирано се контактира со стручните лица од центрите за социјална работа, со цел да се изнајде најдобро решение детето да го оствари своето право, да одржува контакти со родителот со кого не живее, но за жал, понекогаш активностите и на Народниот правобранител и на центрите не резултираат со позитивен исход затоа што не постои спремност за соработка на родителите со центрите за социјална работа. Исто така има и случаи на злоупотреба на правото на видување, односно родителот по видувањето со своето дете не го враќа на родителот на кој му е доверено и во практика надлежните органи тешко се справуваат со овој проблем.

Со оглед дека во најголем дел претставките се однесуваат на неизвршување решенија за видувања, асистенцијата на полицијата во овие постапки се применува како последно средство, понекогаш и воопшто, бидејќи овој метод може да остави трауматски последици врз психичкото здравје на детето, Народниот правобранител во своите сугестии и укажувања до центрите најчесто повикува на примената на советодавен метод, односно разговор со двајцата родители. Со оглед дека работењето по овие претставки најчесто нема позитивен исход поради исцрпени средства, односно неодзивање на поканите на центарот од страна на родителите, во последно време Народниот правобранител почна да го поканува на разговор родителот кој го оневозможува видувањето на детето со другиот родител и да му укажува за правата на неговото дете, гарантирани со Конвенцијата, и на правните последици поради оневозможување на личните контакти на детето со другиот родител. Овој метод на работа се покажа позитивен, односно се започна со остварување на видувањата помеѓу детето и родителот со кого тоа не живее.Во поглед на ова прашање може да се забележи дека центрите за социјална работа често се отка-жуваат од покомпликуваните случаи затоа што не можат да обезбедат соработка со родителите поради нивните крајно нарушени односи. Во ваквите случаи Народниот правобранител не гледајќи други можности за остварување и заштита на правата и интересите на децата, кои не ретко од разговорите со стручните лица во центрите се покажа дека се трауматизирани поради однесувањето на своите

родители, побара од овие органи преземање поенергични мерки, па дури и покренување постапка за одземање на родителското право. Меѓутоа останува како поразителен фактот дека во немање соодветни механизми во системот, односно нивно несоодветно функционирање некои од децата кои од страна на едниот родител се противправно одземени да немаат никава можност за одржување лични контакти со другиот родител. Овие родители многу често се селат за да не ги пронајде центарот или полицијата, што го отежнува извршувањето на решението за видување на детето со другиот родител.

Во врска со предметите во кои се третираат **социјалните права на децата** или други права пред други надлежни органи може да се забележи дека постои волја за соработка и дека центрите за социјална работа имаат слух и се пофлексибилни при постапувањето и признавањето на овие права.

Карактеристично за овој период е дека по донесувањето на Законот за зашти-та на децата се намали бројот на претставките за остварување на правото на детски додаток или правото на посебен надоместок за деца со специјални потреби, што секако е одраз на соодветното уредување на овие прашања со наведениот закон, за што своја улога имаше и Народниот правобранител кој даде повеќе предлози за уредување на правата на децата согласно Конвенцијата кои што беа прифатени и преточени во Законот. Но се уште не постојат услови за доследна примена на одделни одредби од Конвенцијата и од Законот за заштита на децата затоа што иако е изминат определениот рок, не се донесени подзаконските акти, поради што одредени одредби од овој закон се неприменливи во практиката, за што Народниот правобранител интервенираше до надлежното министерство за донесување на истите.

Забележително за овој извешатен период,имајќи ја предвид безбедносната состојба во земјата што резултираше со тоа и малолетници да бидат злоупотребени, односно вклучени во вооружените судири, беше и доставувањето на претставки во кои се бараше заштита на правата на малолетници кои од страна на судот биле огласени за виновни за сторено кривично дело Тероризам и за нивно притворање поради основано сомневање дека го сториле ова кривично дело.

Немајќи законска надлежност Народниот правобранител да влијае врз текот и исходот од судската постапка, беа преземани мерки единствено за заштита на правата на малолетниците во казнено-поправните установи при што беа вршени посети на малолетниците сместени во овие установи заради испитување на евентуални повреди од аспект на нивниот третман во установата.Со оглед дека во меѓувреме и малолетните лица осудени за тероризам беа амнестирани Народниот правобранител немаше основ за натамошно постапување по претставките.

Во областа на **образованието** оваа година беа поднесени поголем број претставки што се однесуваа на несоодветно постапување на професорите и наставници-те, односно се укажуваше на психичко малтретирање и несоодветно оценување. Во овие случаи Народниот правобранител не можеше да констатира основаност во тврдењата на родителите, но во еден случај поради основаност на наводите до јавниот обвинител беше доставена кривична пријава по која судската постапка е во тек.

Во поглед на претставките за наводно неправилно оценување на учениците, Народниот правобранител не можеше да преземе конкретни мерки освен да ги поучи родителите и децата за правните можности за оспорување на оценката од која се незадоволни.

Како и претходната, така и оваа година Народниот правобранител посебна грижа и внимание им посвети на **децата со посебни потреби** инсистирајќи пред надлежните органи за што подоследно почитување на правата на оваа категотија деца и за изнаоѓање посоодветни начини и мерки за создавање услови за задоволување на нивните потреби и права, без дискриминација и во согласност со нивниот најдобар интерс.

Со оглед дека во изминатата година беше извршена рационализација на кадарот не само во рамките на државните органи, туку и во јавните установи, се создаде сериозна опасност во установите во кои се згрижени деца и малолетници со пречки во развојот да има недостиг од кадар за нега и грижа на оваа категорија на деца. Од тие причини Народниот правобранител по сопствена иницијатива покрена постапка и му укажа на надлежното министерство за потребата од поголемо влијание во преземање мерки од аспект на рационализација на кадарот во овие установи, имајќи предвид за каква категоријата на децата се работи. Укажувањето на Народниот правобранител беше прифатено со тоа што надлежното министерство презеде дејства заради обезбедување на неопходниот кадар во овие установи.

Во контекст на преземање дејства, од аспект на остварување и заштита на децата со посебни потреби, потребно е да се спомене интервенцијата на Народниот правобранител по претставката на родителите на децата заболени од церебрална парализа. Имено, имајќи ги предвид околностите на кои укажуваа родителите на оваа категорија деца, Народниот правобранител до Министерството за труд и социјална политика и Министерството за здравство достави информација со предлог за преземање мерки во која укажа на потребата од формирање дневни центри за овие деца во кои ќе им биде обезбедена посебна грижа и нега, највисоко ниво на здравствена заштита без каква било партиципација, образование во зависност од психофизичкиот развој и способности на детето заболено од оваа болест, и созда-вање услови овие деца да се задржат во семејствата со подобрување на материјални-те услови и стручните способности на родителите за нега и грижа за овие деца. Исто така Народниот правобранител повторно укажа на потребата од подобрување на урбанистичките решенија заради обезбедување нормално движење на овие деца во урбаните средини.

Народниот правобранител и во овој период освен што работеше по претставки исто така преземаше и активности за подигнување на свеста за детските права кај самите деца и средината, со изготвувањето на брошурата “Запознајте ги своите права”. Оваа година, исто така, беа посетувани основните и средните учили-шта, како и установите каде се згрижени децата заради нивно запознавање со правата што им се гарантирани со Конвенцијата за правата на детето, Уставот на Република Македонија и законите, како и со надлежностите и можностите за заштита на нивните права пред Народниот правобранител. Брошурите за правата на децата се дистрибуирани до сите средни и основни училишта во Републиката. Заради доследно почитување на правата на децата од другите национални заедници брошурата ќе биде отпечатена и на јазиците на другите етнички заедници и дистрибуирана до основните и средните училишта. Со иста цел во тек е печатење на брошурата и на Браева азбука, наменета за деца со оштетен вид.

Народниот правобранител покрај другите активности преземаше и соодветни мерки за заштита на правата на децата жртви на трговијата со луѓе при што, покрај предлозите до надлежните органи за намалување и сузбивање на овој проблем, заради едукација на децата за нивните права и можности за заштита од оваа појава изработена е посебна брошура за правата што им се повредени во случај да станат жртви на трговија,

т.е. каде да побараат заштита за да се вратат во нормалниот живот, во своето семејство или во својата држава доколку се странци.

Предлозите на Народниот правобранител за законско дефинирање на трговијата со луѓе како посебно кривично дело и дефинирање на трговијата со луѓе се прифатени со измените и дополнувањата на Кривичниот законик.

На полето на имплементацијата на одредбите од Конвенцијата за правата на детето, треба да се спомене дека предлозите за измени и дополнување на законската регулатива која навлегува во правата на децата, дадени од страна на Народниот правобранител беа доставени до сите министерства и до Владата на Република Македонија. По наведените предлози на Народниот правобранител Националната комисија за правата на децата организираше тркалезна маса со учество на претставници од сите министерства и други релевантни органи и организации на која активно учество зедоа и поголем број невладини организации. Предлозите на Народниот правобранител, на министерствата и на невладините организации од страна на Националната комисија се доставени до Претседателот на Републиката, Претседателот на Собранието на Републиката и до Претседателот на Владата, по што треба да се очекува конкретно имплементирање на дадените предлози во соодветните закони. Во меѓувреме, согласно предлозите на Народниот правобранител, со Законот за локалната самоуправа уличните деца се предвидени како посебна категорија на деца со посебна заштита и грижа од страна на единиците на локалната сапоуправа, со што се очекува дека секоја општина, со вакви проблеми, ќе преземе соодветни мерки за сузбивање на оваа појава која остава лош впечаток за грижата на заедницата за оваа категорија деца.

Како резултат на безбедносната состојба во Република Македонија основните права на децата беа доведени во сериозна опасност, односно на голем број од децата од кризните подрачја им беше загрозено правото на живот, здравјето и нормалниот опстанок и развој, поради што Народниот правобранител од почетокот на овие кризни состојби се обраќаше до надлежните државни институции со барања при преземањето дејства од нивна надлежност, особено да се води сметка за личноста, правата и интересите на децата, да се преземаат мерки за нивна заштита од вклучу-вање во вооружените дејства, да им се обезбедат основните права на децата расele-ни од своите домови и правото на образование во местата на привремен престој. Во тој контекст во соработка со Црвениот крст на Македонија беше следена состојбата со бројот на раселените лица и условите за нивно соодветно сместување.

* *
*

Изнесените состојби во поглед на остварувањето на правата на децата упатуваат на оцена дека забележителен е одреден напредок во нормативното уредување на условите за остварување на овие права и тоа со донесување на Законот за заштита на децата и со измени и дополнување на други законски акти. Меѓутоа поради тешката економска состојба на Републиката, а пред се на населението, односно поради несоодветниот животен стандард одредени права на децата тешко се остваруваат. Поради тоа потребно е да се создаваат не само нормативни, туку и материјални претпоставки што ќе овозможат сите, а особено децата да ги уживаат сите права.

Како и претходната така и оваа година продолжи успешната соработка на Народниот правобранител со невладините организации кои се занимаваат со заштита на

правата на детето, при што за одделни прашања и проблеми во остварувањето на правата на децата се настапуваше заеднички пред надлежните органи или пак врз основа на сознанијата добиени од невладините организации Народниот правобранител покренуваше иницијативи до надлежните органи.

При постапувањето на Народниот правобранител во заштитата на правата на децата, надлежните органи се спремни за соработка и најчесто се почитуваат препораките и предлозите, но за надминување на проблемите во остварувањето на правата на децата и за доследно остварување на сите права гарантирани со Конвенцијата за правата на детето, Народниот правобранител препорачува надлежните органи да ги преземат следниве мерки и активности:

- изнаоѓање ефикасни методи и начини за извршување на актите на центрите за социјална работа кои се однесуваат на одржување лични контакти на децата со родителот со кој не живеат и изнаоѓање начини и методи за одземање на детето од родителот кој присилно го одзел од другиот родител на кој со судска одлука или со акт на центарот му е доделено на грижа и чување;
- при донесување на одлуки што се однесуваат на децата, надлежните органи да се раководат од најдобриот интерес на детето, а не само од интересите и желбите на родителите;
- Државата да изнајде потребни средства за обезбедување соодветен живо-тен стандард на децата, што претставува услов за остварување на другите права на децата и при распределбата на средствата приоритет да имаат децата;
- да се создаваат услови за остварување на правата и за вклучување во општествениот живот на децата со посебни потреби;
- да се создадат услови за нормален опстанок, раст и развој на раселените деца од кризните подрачја;
- да се прифатат предлозите на Народниот правобранител за целосно имплементирање на Конвенцијата за правата на детето при изменувањето на законската регулатива.

## 2.9. Заштита на правата во областа на урбанизмот, градежништвото и животната средина

### *2.9.1. Урбанизам и градежништво*

Урбанизмот и градежништвото се една од областите на општествениот живот што е од особено значење, а со тоа и од особен интерес за граѓаните на Република Македонија. Поради ова, заради остварување на овие интереси не само за потребите на граѓаните како поединци, туку и за заедницата во целина, потребна е прецизна законска регулатива, но и нејзино доследно спроведување.

Основните законски прописи преку кои граѓаните на Република Македонија ги остваруваат правата и интересите во оваа област се: Законот за просторно и урбанистичко планирање, Законот за изградба на инвестициони објекти, Законот за градежно земјиште, Законот за домување, како и повеќе подзаконски акти, а самиот чин на остварување се спроведува во управна постапка пред подрачните единици на Министерството за транспорт и врски.

Надзорот во спроведувањето на овие прописи е во надлежност на Инспекторатот за урбанизам и градежништво кој, исто така, е организациона единица во состав на истото министерство, а врз основа на одредбите од Законот за градежната инспекција.

Народниот правобранител како уставна категорија врз основа на своите надлежности што произлегуваат од Законот за народниот правобранител, претставува контролен механизам и низ своето предметно работење со препораки, сугестии или мислења, упатувани до ова министерство и до неговите организациони единици прави напори за доследно спроведување на прописите, а со тоа и остварување на правата на граѓаните водејќи сметка за принципот на правичност, но пред се за принципот на владеење на правото и функционирање на правната држава.

Раководејќи се токму од овие принципи, во досегашниот период, вклучително и во извештајниот, во оваа област забележани се бројни негативни појави за чие надминување вложени се и постојано се вложуваат огромни напори со цел за нивно надминување. Регистрираните негативни појави може да се лоцираат во неоправда-но долго траење на управните постапки по барањата за доделување на градежно земјиште на користење, за изградба на инвестициони објекти или за спроведување, односно извршување на правосилни управни акти донесени од страна на Министерството.

Посебен проблем, на кој Народниот правобранител укажуваше и во досегашните извештаи упатени до Собранието на Република Македонија, претставува отсуството на спремност за поголема соработка од страна на ова министерство со канцеларијата на Народниот правобранител, како и непочитувањето на неговите препораки во врска со извршување на правосилните управни акти за уривање на бесправно изградените градежни објекти. Токму ова беше причина во изминатиот период од страна на Народниот правобранител да бидат упатени повеќе информации не само до ова министерство, туку и до Владата и до Собранието на Република Македонија.

И покрај ова, нема видливи знаци за надминување на ваквите состојби ниту пак дошло до битно подобрување на соработката или почитување на препораките и мислењата на Народниот правобранител. Напротив, во комуникацијата со него која, патем речено формално се остварува, на Народниот правобранител му е оспорено правото на увид во Програмата за спроведување на извршни акти за уривање на бесправно изградени градежни објекти со изговор дека се работи за акт од доверлива природа. Ваквиот став на Министерството за транспорт и врски е во спротивност со член 20 од Законот за Народниот правобранител според кој *“органите и организациите се должни да соработуваат со Народниот правобранител и на негово барање да му ги обезбедат сите податоци и информации, без оглед на степенот на доверливост и да му овозможат спроведување на постапката”*.

Наталожените проблеми од минатото, во сферата на урбанизмот и градежни-штвото предизвикани со миграцијата село-град, поради неподготвеност на самиот правен систем тоа да го регулира на најадекватен начин дојдено е до хаос во оваа сфера и до енормен број на бесправно изградени градежни објекти, а со тоа и до пречки за нормално урбано живеење. Меѓутоа ваквите состојби никако не смее да претставуваат алиби и понатаму да се продолжи со толерантен однос кон инвестито-рите на бесправни градби и да не се преземаат мерки за постапно разрешување на ваквите состојби и тенденции. Токму поради ова зачудуваат одговорите на подрач-ните единици на Министерството за транспорт и врски од типот дека *“се работи за објект од постар датум”*, па во тоа се бара причината за неизвршување на конкретни решенија за уривање иако тоа се правосилни и извршни, и не е спорно дека се работи за објекти што не можат да се вклопат во урбанистичкиот план или пак одговор од типот дека *“списите се изгубени или*

*поради протек на временски период уништени"*, па со тоа се оправдува неизвршувањето.

Треба исто така да се напомене дека и самото извршување од страна на урбаната полиција не се спроведува целосно, согласно член 39 од Законот за изградба на инвестициони објекти, туку извршната служба се задоволува само со онеспособување на предметниот објект со поткопување на конструктивните делови од истиот. Ваквото нецелосно извршување на актите им овозможува на инвеститорите на бесправно изградените објекти и понатаму да продолжат со незаконски градежни дејства, односно да вршат санација на објектот и потоа да продолжуваат со бесправна градба на објекти.

Друг проблем, на кој исто така не се обрнува доволно внимание, е непрезема-њето на сите неопходни управни дејства во текот на постапката пред организационите единици на Министерството за транспорт и врски. Тука пред се се мисли на пропустите во текот на постапката да бидат вклучени заинтересирани граѓани чии права или интереси можат да бидат засегнати со изградба на одредени инвестициони објекти. Ваквите пропусти се одразуваат не само на брзината на градбата за која е заинтересиран инвеститорот, туку и на правата на заинтересираните лица кои мораат да ги штитат низ долготрајна постапка што најчесто завршува до Врховниот суд на Република Македонија.

Покрај ваквите пропусти во текот на постапките, присутни се и јавно изнесени различни становишта во поглед на прашањето дали одредени дејства на инвеститорите претставуваат градежни дејства (случаи со вршење поправки или пре-правки на тераси и нивно затворање), поради што засегнатите странки се упатуваат своите права да ги заштитуваат во постапка за нарушено владение пред редовните судови. Ваквите становишта на одделни подрачни единици на Министерството за транспорт и врски се во спротивност со одредбите од Законот за домување, кој во глава ВИ ја регулира постапката за поправки, преправки, адаптација и пренамена на становите и заедничките простории и делови на стамбените згради и според кој надзорот над законитоста во спроведувањето на истиот го врши Министерството за транспорт и врски и Инспекторатот за урбанизам и градежништво во негов состав. Укажувањата во овој правец од Народниот правобранител низ дадените препораки или мислења не се прифаќаат од страна на субјектите што ја водат постапката што претставува уште една потврда на некооперативност и отсуство на спремност за самонадградување, што е предуслов за доследно и законито спроведување на законската регулатива што ја регулира областа на урбанизмот и градежништвото.

Народниот правобранител е на мислење дека постојните проблеми може да се надминуваат единствено со постојана соработка помеѓу сите субјекти вклучени во одредени активности заради што и во наредниот период, низ своето пред се предметно, но и вонпредметно постапување, ќе инсистира и ќе работи на остварување на правата на граѓаните и во оваа сфера на опшественото живеење со барање за доследност во примената на законската регулатива без ничие фаворизирање.

Со оглед на неспорниот факт дека во канцеларијата на Народниот правобра-нител и во извештајниот период примени се претставки од граѓани за кои е оценето дека со акти и дејства на Министерството за транспорт и врски сепак не им се повредени законските права, се наложи потреба од поприемчиво запознавање на граѓаните со дел од материјалните прописи со кои се уредува планирање на просторот, утврдување на условите за градба, односно изградба на инвестициони објекти, како и доделување градежно земјиште на користење. Заради ова од страна на стручната служба на

Народниот правобранител изготвена и е пред печатење брошура со која граѓаните треба да се запознаат со нивните права во оваа област и со начинот и постапката за нивно остварување.

Порастот на бројот на претставките во канцеларијата на Народниот правобранител во оваа област упатува на неопходната потреба во наредниот период во Министерството за транспорт и врски да се вложат поголеми напори во правец на постојана едукација која би придонела за поголема законитост при донесување на управните акти, но и за надминување на субјективните слабости и доследност при спроведување на истите.

### *2.9.2. Животна средина*

Индустрискиот развој во последните два века, како и забрзаниот пораст на населението на планетата Земја, засега единствениот дом на човековото битие придонесе за позабрзано загадување на човековата средина пред се на водите, почвата и воздухот, со што се загрозува човековиот опстанок што ја предизвика нагласената свест за заштита на средината во која живееме.

Но овие основни ресурси не се единствените фактори што го овозможуваат опстанокот на човекот и што овозможуваат негово преживување. Животот и здравјето на луѓето се загрозени и од многу други штетни влијанија како што се: радиоактивното и јонизирачкото зрачење, прекумерната бучава, предизвикувањето или појавата на масовни шумски пожари и т.н.

Токму заради ваквата перманентна опасност за животот и здравјето на луѓето и заради обезбедување на опстанокот на човековото битие на меѓународен план донесени се повеќе правни документи како што се: Базелската конвенција, Сајтис конвенцијата, Виенската конвенција и други правни документи.

Поголемиот дел од правните норми на овие меѓународни акти се инкорпорирани во позитивните законски прописи кај нас, пред се во: Законот за заштита и уна-предување на животната средина, Законот за заштита на природните реткости, Законот за спречување на штетна бучава, Законот за заштита на воздухот од загадување, Законот за водите, Законот за заштита од јонизирачки зрачења и нуклеарна сигурност, како и ред други прописи што се однесуваат на заштитата на животната средина воопшто.

Ваквата правна регулатива, како на меѓународен така и на домашен план, доколку доследно се почитува не значи дека автоматски се обезбедува и се гарантира здрава животна средина бидејќи човекот како единствено свесно битие и понатаму останува единствениот фактор кој со своето неконтролирано однесување нару-шувајќи ја својата животна средина всушност го доведува во прашање сопствениот опстанок.

Кривичниот законик на Република Македонија исто така посветува цело поглавје со казнени одредби против сторителите на дела насочени кон животната сре-дина, а прекршочни санкции се предвидени и во разни други позитивни прописи. И покрај ова сведоци сме на перманентни нарушувања на животната средина со загадување на воздухот, водите, почвата и останатите животни ресурси.

Во Република Македонија како особен негативен пример може да се посочи загадувањето на воздухот и почвата што го врши Топилницата за олово и цинк “Злетово” во Велес за што имаше конкретни постапки и од страна на Народниот правобранител.

Исто така треба да се истакнат перманентните загадувања на поголемите реки со испуштање штетни материи во нив и со фрлање на градежен шут или други отпадоци, а тука е и штетната бучава што ја прават разни угостителски објекти. Релативно малиот број претставки што се однесуваат на загадување на животната средина, регистрирани во канцеларијата на Народниот правобранител, воопшто не ја одразува вистинската слика на состојбите во оваа област, а причината за тоа треба да се бара веројатно во недоволно развиената свест кај македонските граѓани, нивната индолентност или пак недоволната еколошка едуцираност.

Во текот на извештајниот период активностите на Народниот правобранител во оваа област не беа сведени само на конкретно постапување по претставки поднесени од граѓаните. Напротив, подготвена и пред печатење е брошура што треба поблиску да ги запознае граѓаните на Република Македонија со нивните права во поглед на заштитата на животната средина. Народниот правобранител исто така учествуваше на семинарите во организација на Министерството за животна средина и просторно планирање организирани заради поддршка за развивање стратегии за имплементација на Архуската конвенција, а претставник од канцеларијата е номи-ниран во интерминистерската работна група. Архуската конвенција Собранието на Република Македонија ја ратификува уште во текот на 1990 година и со тоа истата стана составен дел од домашната легислатива. Со ова на граѓаните на Република Македонија им се нуди одлична можност низ слободен пристап до информациите и учество при донесување на официјалните одлуки да преземат дел од сопствената одговорност заради постигнување на заедничката цел-правото на живот во здрава животна средина.

*　　*
*

Токму заради ова Народниот правобранител е на мислење дека е неминовна потребата од итно и неопходно преземање мерки во правец на:

- спроведување едукативен процес во областа на образованието со воведување задолжителна наставна дисциплина од областа на заштитата на животната средина на сите нивоа на образованието, започнувајќи уште од предучилишна возраст;
- поголема и поорганизирана активност на невладините организации и здруженија и нивна соработка во правец на откривање и пријавување на нарушувачите на животната средина и во едукацијата на граѓаните,
- поголема гласност на пишаните и електронските медиуми,
- позасилена активност на инспекциските служби на Министерството за заштита на животната средина и просторно планирање на превентивен план и преземање ригорозни мерки против сторителите на дела против животната средина.

## 2.10. Заштита на правата во областа на финансиите и царинската постапка

### *2.10.1. Финансии*

Секое организирано општество-држава, врши зафаќања од своите граѓани во вид на парични давачки, а акумулираните средства од таа наплата се трошат според однапред одредени намени предвидени со државен акт, односно со државниот буџет.

Буџетот по својата природа претставува проекција на сите јавни приходи и јавни расходи, односно проект како и во кој обем да се подмират јавните потреби на државата.

Државата мора да обезбеди што е можно поголем степен на правичност при распоредувањето на даночниот товар и притоа да води сметка за можностите на плаќањето. Доколку се определи поголемо зафаќање, тоа би претставувало преголем товар за граѓаните и за останатите субјекти, би го загрозило стандардот и во крајна линија би го наметнало прашањето на можноста за егзистенција. Исто така и малите даночни обврски од една и нивното нерамномерно распоредување од друга страна предизвикуваат негативни ефекти. Имено, во тој случај се создаваат услови за енормно и неосновано збогатување на одредена група граѓани и правни субјекти, а сето тоа резултира со создавање незадоволство и револт кај другата група граѓани и правни субјекти и доведува до нивно неплаќање на даночните обврски. Оттука произлегува дека ова е една многу чувствителна област на која мора многу да се внимава и максимално да се применува принципот на правичност при утврдување на даночните обврски.

Карактеристично е тоа што целокупната законска регулатива, што ја уредува областа на зафаќањата, треба да има што е можно поголема стабилност и долготрајност. Честите менувања на прописите и висината на зафаќањата по разни основи создава несигурност кај даночните обврзници и ги дестимулира во однос на нивните планови за натамошни инвестиции или други определби. Нестабилните услови доведуваат до создавање желба кај обврзниците за брзо враќање на инвестициите, а тоа пак може да се оствари единствено преку неисполнување на даночните обврски, односно преку прикривање на даноците и нивно затајување. Од овие причини државата треба да изгради најпогоден даночен систем, прилагоден на можностите на даночните обврзници, со што поголема застапеност на принципот на правичност при распределбата на обврските.

Она што особено привлекува внимание на обврзниците-граѓаните и другите правни субјекти во областа на финансиите е секако делот на јавните приходи. Овој дел ја опфаќа целата активност околу облогот, евиденциите и наплатата, што најчесто е и причина граѓаните да изразуваат незадоволство, односно да сметаат дека им се повредени одредени уставни и законски права и да бараат интервенција од Народниот правобранител. Причина за ова е тоа што јавните приходи во основа се остваруваат преку даноците и таксите. Начинот на остварувањето, односно приби-рањето на јавните приходи во делот на даноците е регулиран со повеќе закони и тоа: Законот за данок на промет на производи и услуги, Законот за акцизите, Законот за персоналниот данок од доход, Законот за даноците од имот, Законот за данок од добивка и Законот за додадена вредност.

Во текот на изминатата година карактеристично е тоа што беа донесени поголем број Закони за изменување и дополнување на постоечката законска регулатива со која се регулираат обврските на граѓаните и на другите субјекти (обврзници) за плаќање на даноците и другите јавни давачки.

Имено, со донесување на Законот за престанување на важењето на Законот за финансиското работење ("Службен весник на РМ" бр. 50/2001) престана да важи Законот кој дотогаш го уредуваше финансиското работење на правните и физички-те лица на територијата на Република Македонија. Истовремено, со донесувањето на Законот за платниот промет ("Службен весник на РМ" бр. 32/2001) во извештај-ниот период е извршена промена во платниот промет во државата и финансиските институции што беа задолжени за негово функционирање.

Неизбежен е впечатокот дека прописите од оваа област претрпуваат чести промени што може да доведе и до несакани последици, барем во почетокот, ако се има предвид актуелниот момент на живеење и крајно отежнатите услови на стопанисување, односно економско финансиската состојба на обврзниците. Со ова се поставува прашањето за можноста од запознавање на граѓаните со правната регулатива, односно со нивните обврски и права.

За граѓаните на Република Македонија, како физички лица, секако дека и во извештајниот период од особено значење беа одредбите од Законот за даноците од имот и Законот за данокот на промет на производи и услуги. Ова од причина што овде се опфатени данокот на имот, данокот на наследство и подарок и данокот на промет со недвижности и права.

Од досегашното работење и направените анализи и согледувања Народниот правобранител констатира дека и во извештајната година граѓаните најмногу се обраќаа заради настанати проблеми пред Управата за јавни приходи, а во врска со утврдувањето на даночните обврски. Во таа смисла граѓаните најчесто се жалеа на постапките за утврдување на обврската за плаќање на данок од имот и данок на промет на недвижности и права и притоа укажуваа на недоследната примена на одредбите за ослободување од даночната обврска. Исто така дел од предметите по кои Народниот правобранител постапуваше се однесуваа и на барања од граѓаните за ослободување од плаќање аминистративни такси, а особено во постапките за прием во државјанство на Република Македонија.

Со оглед на карактерот и значењето на оваа област, а особено во услови на настанатите социјални раслојувања на граѓаните во последните години, како и заради настанатите состојби во текот на извештајната година, Народниот правобранител со цел да ги запознае граѓаните со нивните права, а истовремено и со обврските, подготви брошура и од оваа област. Брошурата е изготвена во нацрт-верзија и ги опфаќа сите сегменти од јавните финансии што се од особен интерес за граѓаните. Предвидено е издавање на истата во текот на првата половина од тековната година, што ќе зависи од финансиските средства со кои ќе располага оваа институција.

Истовремено, изготвена е и програма за конкретнава област која во себе ги опфаќа сите претстојни активности во правец на зајакнување на местото и улогата на институцијата во поглед на заштитата на правата на граѓаните од областа на финансиите и финансиското работење. Тука особено внимание се дава на органи-зирање трибини во градовите на кои би се елаборирала едукативната улога на Народниот правобранител преку информирање на граѓаните за постојните законски решенија.

### *2.10.2. Царинска постапка*

Како посебна област од интерес за Народниот правобранител, заради остварување на правата на граѓаните, и покрај тоа што е застапена со многу мал број претставки, е издвоена и царината. Царинските постапки, правата и обврските на учесниците во царинската постапка, делокругот, начинот на работа и организацијата на органот на управата надлежен за работите во областа на царините се уредени со Царинскиот закон. Како предмет на царинската постапка е пуштањето во слободен промет, складирањето, привремениот увоз и извоз, транзитот, утврдувањето на царинскиот долг, наплатата, враќањето и ослободувањето од плаќање царина, во кои учесниците во постапката стекнуваат одредени права и подлежат на одредени обврски.

Како лица учесници во постапката пред Царинската управа, во смисла на цитираниот закон се сметаат физички и правни лица. Имајќи ја предвид надлеж-носта на Народниот правобранител, утврдена со Законот за народниот правобрани-тел, истиот може да постапува само во случај кога како учесник во постапка пред органот на управата надлежен за работите од областа на царината ќе се појави граѓанин, односно физичко лице. Во текот на извештајната година, со претставка пред Народниот правобранител се обрати само еден правен субјект, со барање за остварување права пред органот кој одлучува во втор степен. Со оглед на надлеж-ностите на Народниот правобранител, претставката беше отфрлена.

Народниот правобранител, оценувајќи дека за граѓаните се интересни праша-њата од оваа област што се однесуваат на ослободување од плаќање на царина, одложено плаќање на царински долг, враќање или ослободување од царински долг и правото на застапување пред царинските органи, во текот на извештајната година изготви брошура во нацрт-верзија. Целта на брошурата е во кратки црти, на приемлив и лесно разбирлив начин, граѓаните да се запознаат со своите основни права во постапките пред органот на управата надлежен за работите од областа на царината. Се планира брошурата да се издаде во текот на оваа година, што секако зависи од финансиските можности на институцијата.

Со оглед на тоа што во извештајниот период не се поднесени претставки од граѓаните во оваа област, Народниот правобранител, смета дека не е во можност да изгради став по однос на начинот на водење постапки пред царинските органи и брзината на одлучувањето. Меѓутоа од сознанијата што ги има од средствата за јавно информирање, повеќе од сигурно е дека и во оваа област граѓаните се сретнуваат со одредени проблеми, особено по однос на брзината на водењето на постапките.

* *
*

Заради чувствителноста на оваа област и проблемите со кои граѓаните се сретнуваат, а кои стануваат се поизразени во услови на опаѓање на животниот стандард и економската моќ, со цел граѓаните полесно и поефикасно да ги остваруваат своите права, Народниот правобранител на Министерството за финансии и на Управата за јавни приходи им препорачува:

- доследно применување и почитување на законската регулатива, а особено на одредбите што се однесуваат за ослободување од плаќање даноци и такси;
- воспоставување постојана соработка со Народниот правобранител;
- почитување и навремено постапувања по неговите барања, укажувања, препораки и информации;
- забрзување на постапките при остварување на правата, како пред првостепените така и пред второстепените органи;
- почитување на правосилните судски одлуки.

### 2.11. Заштита на правата на потрошувачите

Правната заштита на граѓаните како потрошувачи е битна за многу развиени земји во Европа, што несомнено произлегува од бројот на конвенциите со кои се штитат потрошувачите во Европската унија. За земјите како што е нашата -Репуб-лика Македонија, земји кои подолго време се во фаза на транзиција, заштитата на правата на потрошувачите станува актуелна од неколку аспекти.

Прво, затоа што во услови на транзиција, во услови на низок стандард и несигурност, правата на потрошувачите многу често и лесно се кршат. Второ, во услови на глобализација на светската трговија, заштитата на потрошувачите се наметнува како императив на актуелниот момент затоа што ако се повредуваат правата на потрошувачите не може да се очекува брзо вклопување во светските трговски текови. Трето, Република Македонија мора, ако сака да се асоцира со земјите на Европската унија, да го хармонизира своето право со правото на Европската унија, а во тој процес едно од важните полиња е и хармонизацијата на потрошувачкото право.

Од горните причини многу е актуелно прашањето каква е состојбата на правната заштита на потрошувачите во Република Македонија. Во нашиот правен систем постои основен Закон за заштита на потрошувачите. Меѓутоа правниот систем се карактеризира и со постоење на повеќе норми вградени во повеќе одделни закони, а кои не се однесуваат исклучиво за заштита на потрошувачите, туку со уредувањето на други односи посредно се заштитуваат и потрошувачите.

Како правни извори на потрошувачкото право во Република Македонија можат да се наведат Уставот, Законот за заштита на потрошувачите и повеќе други закони како што се Законот за облигационите односи, Законот за стандардизација, Законот за индустриската сопственост, Законот за здравствената заштита, Законот за нелојална конкуренција и други.

Инспекцискиот надзор над примената на законите го вршат Државниот паза-рен инспекторат, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, како и Државни-от инспекторат за животна средина. Токму тука Народниот правобранител го наоѓа своето место како значаен чинител во остварувањето и заштитата на правата на потрошувачите. Имено, Народниот правобранител нема ингеренции да интервенира кога некој потрошувач, односно граѓанин ќе се обрати заради заштита на неговите права доколку му се повредени со одредено дејство од страна на производителот или продавачот, без разлика дали се работи за физичко лице или правен субјект. Тоа од причина што Народниот правобранител презема дејства само кога повредата е сторена од орган на државна управа или од организација со јавни овластувања. Оттука Народниот правобранител може да постапува во случаи кога надлежниот државен инспекторат, до кој граѓанинот претходно се обратил, не презел дејство или пак несоодветно интервенирал.

Граѓаните како потрошувачи се корисници на услугите на јавните претприја-тија и другите субјекти-вршители на услуги од јавен интерес. Редовното испорачу-вање, односно непреченото користење на овие услуги е од животно значење за граѓаните. Овде како пример може да се истакне особено важната улога на телефо-нот како неопходно потребно средство за комуникација и неговото поставување во редот на нужно потребните јавни добра. Исто така постојаното користење на електричната енергија и водата во услови на современо и урбано живеење се јавни добра без кои секојдневниот живот е значително отежнат и невозможен.

Од тековното работење, односно од постапувањето по претставките подне-сени од граѓаните, како и од непосредните контакти и разговори извршени со граѓаните, може да се констатира дека најголемиот број барања се однесуваат токму на услугите на вршителите на јавните дејности, а особено на квалитетот на услугата, начинот на наплата и висината на утврдената цена, како и на мерките што вршителите на јавните услуги ги

преземаат спрема граѓаните, односно потрошу-вачите, во случај истите да не ги подмириле благовремено своите обврски или пак тоа го сториле со задоцнување.

Едноставно, може да се каже дека граѓаните во своите претставки што во извештајниот период ги доставуваа лично или пак посредно преку Организацијата на потрошувачите на Македонија, најчесто укажуваа на сторени повреди на нивните уставни и законски права од страна на давателите на јавни услуги кои, со оглед на поставеноста, претставуваат природни монополи. Потрошувачите, при користење на вода, електрика или телефон се наоѓаат во подредена положба на пазарот, од едноставна причина што не можат да избираат испорачувачи на овие услуги, односно немаат друг избор на пазарот. Во овие случаи испорачувачите имаат монопол над услугите што ги нудат. Потрошувачот, не може да биде снабден со вода од друг испорачувач доколку оцени дека испорачаната вода е со лош квалитет или пак истата нередовно се испорачува, односно доколку е незадоволен од понудената услуга. Со оглед на монополската поставеност на испорачувачите на јавните услуги-добра, потрошувачите немаат соодветно влијание врз определувањето на тарифите што се должни да ги прифатат и редовно да ги плаќаат. Од овие причини, потрошувачите често се обраќаа кај Народниот правобранител и притоа со право очекуваат Владата на Република Македонија преку соодветна законска и друга регулатива да обезбеди контрола над можните злоупотреби на пазарот сторени од страна на монополите.

**Телекомуникациите**, согласно Законот за телекомуникации се во надлежност на Јавен телекомуникациски оператор (ЈТО). Покрај Јавниот телекомуникациски оператор постојат и даватели на јавна телекомуникациска услуга. Она што може да се констатира е дека заради брзиот технолошки развој, како и заради барањата на корисниците на пазарот, Македонскиот телекомуникациски систем се гради според меѓународни стандарди и овозможува успешно вклучување на Република Македонија во Европските и во светските интеграциони процеси.

Дел од претставките доставени до Народниот правобранител се однесуваа на работата на овој правен субјект, како вршител на дејност од јавен интерес, односно на доставувањето на сметките со високо утврдени износи за наводно извршени услуги и покрај тоа што, според тврдењето на граѓаните, такви услуги не користеле. Ова особено се однесуваше за сметки што им беа доставувани на граѓаните за вршени разговори од нивните претплатнички броеви со телефонските броеви од групацијата 0500. Народниот правобранител, во рамките на своите законски надлеж-ности, укажа на потребата од преиспитување на доставените телефонски сметки и постапување по приговорите на граѓаните, а воедно предложи до конечното одлучу-вање по истите да не се врши исклучување на претплатничките броеви.

Од постапувањето по претставките на граѓаните, Народниот правобранител констатира дека кај овој правен субјект, кој врши дејност од јавен интерес, на граѓаните им е овозможена жалбена постапка. Имено, се почитува општиот принцип на поднесување жалби до операторот. Жалбите на граѓаните се доставуваат во посебен оддел без некоја посебна постапка.

**Водоснабдувањето** на населението во Република Македонија се врши преку јавни водоводи. Согласно законската регулатива, вршењето на дејноста го организира единицата на локалната самоуправа преку основање јавно претпријатие или со давање дозвола на правни или физички лица регистрирани за таа цел. Во овој случај се работи за дејност од локален карактер, односно за инфраструктурен систем што се протега на

подрачјето на една општина или Градот Скопје и го опфаќа локалниот водовод, како и пречистителните станици за отпадни атмосферски и фекални води.

Она што беше карактеристично од аспект на работењето на Народниот правобранител по конкретните претставки, а кои се однесуваа на јавните претпријатија што се занимаваат со јавна дејност од областа на водоводот и канализацијата, е перманентното исклучување на граѓаните од системот на водоснабдување заради неплатени сметки. Во текот на постапувањето Народниот правобранбител констатира дека има и случаи кога јавните претпријатија на одредени граѓани им го прекинуваат испорачувањето на водата и покрај тоа што неплатените сметки се со поодминат датум, односно за истите настапила застареност на побарувањето. Инаку, вршителите на дејноста, согласно Одлуката која се однесува само за град Скопје, можат да го прекинат снабдувањето, односно испораката на вода во случај на две неплатени сметки. Во другите општини исклучувањето на потрошувачите е регулирано со Одлуката за комунален ред, меѓутоа и кај нив исклучувањето се врши по основ на неплатени две до три сметки последователно.

Она што е карактеристично е тоа дека во овие случаи воопшто не е предвидена жалбена постапка, што е спротивно на основното начело на двостепеност на постапките, односно на право на жалба.

Проучувајќи ја проблематиката во оваа област од јавен интерес, како исклучително значајна област во секојдневниот живот на граѓаните, Народниот правобранител констатира дека во многу земји граѓаните се заштитени од исклучување од системот за водоснабвдување на начин што испорачателите на услугата, се должни претходно да добијат судска пресуда. Имајќи го предвид значењето на водата во секојдневното живеење на граѓаните Народниот правобранител смета дека е потребно да се престане со практиката на исклучување на граѓаните, без постоење на одлука од надлежен суд што е во интерес на зачувување на јавното здравје. Од предметното работење може да се констатира дека граѓаните најмногу имаат потреба од интервенција на Народниот правобранител токму пред овие комунални претпријатија.

При ова, Народниот правобранител има сознанија дека многу правни субјекти, со далеку повисоки износи на неплатени сметки за потрошена количина на вода од граѓаните, продолжуваат истите да не ги плаќаат, а не се исклучуваат од системот на водоснабдување што директно ги доведува во нерамноправна положба граѓаните како поединци и покрај тоа што се економски послаби. Оттаму произле-гува дека комуналните претпријатија предноста го компензираат преку наплата на сметките од граѓаните. Во оваа смисла неопходно ќе биде потребно во иднина да се преземат дејства за обезбедување сите потрошувачи, без оглед на тоа дали се работи за семејни домаќинства, деловни или индустриски објекти, редовно да ги плаќаат сметките. Ова секако дека ќе овозможи подобрување на квалитетот на услугата, редуцирање на загубите, а со тоа и до намалување на постојаните притисоци за покачување на цената на услугата, што во крајна линија секако дека е во интерес на граѓаните.

**“Електростопанство на Македонија” АД-Скопје,** е единствен носител за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во Република Маке-донија.

Дел од претставките доставени до Народниот правобранител во извештајниот период се однесуваа токму на однесувањето на “Електростопанство на Македонија” АД, по однос на извршените исклучувања на граѓаните заради стасани, а неплатени сметки за

потрошена електрична енергија. Во постапувањето по претставките, Народниот правобранител им укажа на граѓаните дека условите за испорака на електрична енергија, начинот на приклучување и начинот на исклучување се уредуваат со Општите услови за испорака на електрична енергија. Во согласност со Општите услови за испорака на електрична енергија, испорачателот е должен да му обезбеди на потрошувачот трајно и континуирано снабдување со електрична енергија. Од друга страна, испорачателот може да му ја прекине испораката на елкектричната енергија на потрошувачот, меѓу другото и ако не ја плати сметката за потрошената електрична енергија за најмалку еден месец, за што е должен претходно да го извести потрошувачот.

Народниот правобранител, смета дека "Електростопанство на Македонија" треба да ги има предвид објективните состојби по однос на економската моќ на граѓаните и да пристапува крајно селективно кон прекинување на испораката на електрична енергија на граѓаните.

Покрај тоа што во одредбите од погоре цитираните општи услови за испорака на електрична енергија е предвидена можност граѓаните доколку се незадоволни од преземените дејства на испорачателот да се жалат до дирекциите, а доколку се незадоволни од одговорот можат да се обратат до Управниот одбор, Народниот правобранител смета дека во случајов не постои посебна жалбена постапка што на граѓаните ќе им овозможи да ги заштитат своите права. Предвидените процедури се еднострани и не дозволуваат доволен пристап на граѓаните за исправки и за поднесување жалби во случај кога не им се прифатени поплаките.

Во своето постапување во доменот на заштита на потрошувачките права, како во претходните години така и во извештајниот период, Народниот правобранител остваруваше тесна соработка со невладините организации што исто така делуваат во правец на заштита на правата на граѓаните. Тоа од причина што со своето делување невладините организации ги следат состојбите во општеството во еден сегмент или општо, при што ги откриваат, односно ги лоцираат проблемите во одредена област. На тој начин невладините асоцијации, а конкретно Организацијата на потрошувачите има можност да создава база на податоци што го илустрира начинот на работа на јавните претпријатија како даватели на услуги во поглед на квалитетот на дадените услуги на граѓаните како потрошувачи.

Констатираните состојби и евентуално констатираните случаи на повреда на правата на одредени категории потрошувачи, оваа невладина организација му ги презентираше на Народниот правобранител кој пак, согласно своите законски овластувања, бараше од надлежните инспекциски служби да се изврши инспекциски надзор, а со цел да се утврдат конкретните повреди на граѓаните, односно потрошувачите на кои им се повредени правата.

Ваквиот начин на соработка меѓу невладините организации и канцеларијата на Народниот правобранител значи обезбедување демократски принцип на транспарентност во работата на јавните служби и јавните претпријатија од една и нивниот третман кон потрошувачите од друга страна, што претставува основен услов за функционирање на демократско општество во кое граѓанинот е поставен на централно место.

Стекнатото искуство и знаење до кои доаѓа Народниот правобранител преку предметното работење, наметнуваат одредени приоритети и цели на дејствување со кои се детерминираат активностите што треба да се преземат за нивно реализирање.

Фактот што категоријата потрошувачи е најбројна група на население во една држава, па во таа смисла и во Република Македонија, неспорно ја наметнува потребата нивните права да бидат загарантирани во јасно дефинирана легислативна рамка. Во социо-економски услови во кои се наоѓа Република Македонија, од суштествено значење е Законот за заштита на потрошувачите со кој се воспоставени основните гаранции и механизми за заштита на граѓаните и со кој нивните права ќе станат подостапни и поприменливи.

Донесениот Закон за заштита на потрошувачите, според оцената на Народниот правобранител, во глобала е добар затоа што како прво, значи збогатување на правната регулатива во која досега не беше нормирана оваа материја со посебен закон, а оттука значи придонес за начелото на правната сигурност на граѓаните, а како второ, во Законот се имплементирани решенија содржани во Европската правна регулатива, со што Законот ја доближува Република Македонија кон Европа.

Сепак, неизбежен е фактот дека во државите што се во фаза на транзиција, што е случај и со Република Македонија, во практиката чести се примерите на повреда на правата на потрошувачите.

Во сегашната фаза на пазарно стопанисување во Република Македонија се повеќе се наметнува потребата од транспарентност, односно задоволување на интересот на потрошувачите за добивање на потребните информации за производите што се во промет. Ова пред се, се однесува на основните карактеристики на производите и дали се исполнети пропишаните услови за тие да бидат пуштени во промет, а кои прашања најчесто се иницирани од потрошувачите пред надлежните инспекциски служби.

Со наведување на дел од областите во кои има повреда на правата на потрошувачите може да се заклучи дека и покрај направениот напредок со донесувањето на Законот за заштита на потрошувачите правата на граѓаните како потрошувачи се уште често се кршат и истите тешко се остваруваат.

* *
*

Од горните причини, а за обезбедување на правата од оваа област Народниот правобранител и препорачува на Владата на Република Македонија и на другите релевантни фактори да ги преземат следниве мерки и активности:

- да се дефинира потрошувачката политика од Владата на Република Македонија, во правец на донесување соодветна правна регулатива која за остварување на правната сигурност е повеќе од потребна;
- да се преземат мерки за надоградување и усовршување на правниот систем на Република Македонија во поглед на остварувањето на правата на граѓаните како потрошувачи пред јавните претпријатија и другите врши-тели на стопански дејности од јавен интерес. Релативизирањето на моно-полската положба и на монополското однесување на овие правни субјекти и активирање механизми за заштита на правата и интересите на граѓаните би требало да се постигне пред се преку одредени интервенции во законската регулатива;

- да се преземат мерки за воспоставување професионални и етички норми на дејствување на субјектите од чие однесување зависи остварувањето на правата на граѓаните како потрошувачи;
- државниот пазарен инспекторат доследно да ги применува правните инструменти дадени во Законот за заштита на потрошувачите, а заради нивна заштита и да врши постојан надзор при увозот на земјоделски и прехранбени производи;
- во остварувањето на оваа функција, да се воспостави тесна соработка со Народниот правобранител, која особено ќе се огледа преку почитување на неговите барања и укажувања, како и навремено постапување по истите;
- да се воспостави соработка со Комисијата за заштита на правата на потрошувачите формирана при Советот на Град Скопје;
- да се води сметка особено при утврдувањето на цените на услугите на овие добавувачи;
- со оглед на објективната состојба и економско финансиската моќ на граѓаните, потребно е да се воведат дополнителни социјални мерки за да им се помогне на најзагрозените граѓани кои не се во можност да ги плаќаат услугите на јавните претпријатија;
- процесот на хармонизација на законодавството на Република Македонија со законодавството на Европската Унија да се забрза, а притоа да се изврши целосна имплементација на европските правила во поглед на стандардизацијата и примената на прописите со кои се уредуваат техничките барања за производите и нивната сообразеност со пропишаните услови;
- да се овозможи соодветна жалбена постапка, односно да се почитува принципот на двостепеност на постапката.

### 2.12. Заштита на правата во областа на имотно-правните односи

Основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓуна-родното право и утврдени со Уставот на Република Македонија, правната заштита на сопственоста и почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право се темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија. На овие основи, како едно од фундаменталните права на човекот и на граѓанинот на кое му припаѓа челното место во сферата на економските права е правото на сопственост. Како индивидуално право, правото на сопственост ја претпоставува приватната сопственост.

Содржината на правото на сопственост и неговата гаранција е јасно поставена во член 30 од Уставот на Република Македонија. Во оваа смисла, од цитираниот член, како и од целината на Уставот, недвосмислено произлегува дека постојниот уставен поредок и општеството што се гради на тие темели, почива и се изградува врз основите на приватната сопственост. Ова дотолку повеќе што уставните одредби се децидни во обезбедувањето на правото на сопственост бидејќи никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата што произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон. Токму поради таквиот статус, само во случај кога се работи за јавен интерес утврден со закон може да дојде до ограничување на правото на сопственост, а во таков случај Уставот гарантира правичен надомест кој не може да биде понизок од пазарната вредност.

Започнатиот процес на своевидно преобразување на општествената сопственост во други облици на сопственост доведува до афирмација на приватната сопственост, што е основна претпоставка за обновување на индивидуализмот и граѓанството.

Токму ваквото значење на сопственоста и многубројните имотно-правни односи помеѓу граѓаните, што како резулатат на истата се воспоставуваат, беа една од причините во извештајната година да се донесе и практично да започне со примена на новиот Закон за сопственост и други стварни права, кој за првпат во правно-политичкиот систем на Република Македонија го уредува правото на сопственост и на другите стварни права во согласност со Уставот. Влегувањето во сила на овој закон значеше престанување на важењето на дотогашните законски решенија што произлегуваа од поранешноиот сојузен Закон за основните сопственосно-правни односи, кој секако дека не соодветствуваше на актуелниот миг на живеење и уставно прокламираниот принцип за слобода на пазарот и претприемништвото како основа за ширење на просторот за сопственички плурариризам. Во тој контекст значајно е да се истакне содржината на Законот за градежно земјиште кој нуди сосема поинакви решенија по однос на правото на сопственост и градба на градежно земјиште, особено што со донесувањето на Законот, во правно-политичкиот систем на Република Македонија, сопственици на градежно земјиште, покрај државата, стануваат физичките и правните лица, со неограничено право на располагање, но во практиката поради доцнењето со донесувањето на подзаконските акти неговата целосна имплементација се очекува дури во текот на претстојниот период.

Од содржината на поднесените претставки во текот на извештајната година, Народниот правобранител можеше да констатира дека граѓаните во основа укажуваа на сторени повреди на нивните права, односно бараа заштита и интервенција во четири основни сегмента во постапките: за денационализација, за експропријација, за запишување на правата врз недвижностите пред Државниот завод за геодетски работи и за одземање, односно доделување на градежно земјиште.

### *2.12.1. Денационализација*

Меѓу првичните форми на трансформација на општествениот капитал е несомнено процесот за враќање на одземените имоти, односно давање надоместок на одземените имоти во корист на државата само по 2 август 1944 година, односно процесот на денационализација. Правно-легислативната претпоставка за заживу-вање на денационализацијата како процес на реприватизација на имотите, конечно отстранување на последиците од неправдата, како и обесштетување на поранешните сопственици на кои имотите им биле присилно одземени е Законот за денационализација. Со оглед на тоа што законскиот текст во својата првична верзија содржеше бројни рестриктивни и дискриминаторски одредби со дополнителните измени и дополнувања на одредени одредби е донесен соодветен законски текст што одговара на уставно прокламираното начело за заштита и обезбедување на правата на граѓаните на приватна сопственост. Имено, со дополнувањата на законскиот текст меѓу другото се предвидува како поранешни сопственици да се јават не само физички лица, туку и верските заедници, а проширен е и кругот на основите по кои би се барала денационализација така што денационализација се врши и во однос на имоти одземени без правна основа и со изјава на волја дадена под закана и присилба кои не се докажуваат во судска постапка, туку се законска претпоставка.

Во однос на спроведување на постапката за враќање на одземениот имот, доколку не постои можност за нивно враќање или истите веќе не постојат предвидена е алтернатива да се исплати соодветен надоместок. Во оваа смисла, Законот се заснова на концептот според кој давањето надоместок за одземениот имот и за негова намалена вредност , како и при плаќање на разлика во вредноста за имот што се враќа, а чија

вредност е зголемена по одземањето, меродавен параметар не е пазарната вредност на имотот во моментот на денационализација, туку тоа се врши со посебна методологија чија карактеристика е извесна просечна вредност на имотите.

Во претходните години беа создадени сите нормативно-правни претпоставки и можности за спроведување на процесот на денационализација. Сепак во извештај-ната година фактички започна неговата практична реализација.

Најголем број од поднесените претставки во извештајниот период во оваа област се однесуваа токму на остварувањето и заштитатата на правата на граѓаните во постапките за денационализација каде што слободно може да се каже дека граѓаните се судруваат со разни бирократски произволности и субјективистички проценки на имотот што е предмет на денационализација. Барањата за интервенција на граѓаните најчесто се однесуваа на неоправдано одолжување на постапката по доставено барање за денационализација и покрај тоа што законските одредби што ја регулираат се децидни во поглед на итноста на постапката и законската обврска на надлежните органи да постапат во рок од 6 (шест) месеци. Коректив на ваквото решение е случајот на постоење претходно прашање, под што би требало да се подведат ситуациите кога по упатување на органот за денационализација треба да се прогласат законските наследници, (член 47 став 2) и кога заради утврдување на некое право треба да се поведе парница (член 56).

И покрај вака законски конкретно утврдениот временски период, анализирајќи ја фактичката состојба неспорно се наметнува заклучокот дека не е занемарлив бројот на случаите во кои постапката за денационализација се пролонгира, без притоа конкретно да се констатираат вистинските причини за настанатата состојба.

Имено, при првичната постапка по конкретните предмети се создаваат забуни во однос на тоа кои се надлежните органи што мериторно и конечно ќе се произнесат за барањето на граѓанинот. Причината за изнесената констатација е во фактот што по барањата со свое нацрт-решение се произнесуваат соодветни комисии по што истите се проследуваат на верификација до Советот за денационализација, кој пак од друга страна, заради одредени забелешки во однос на спроведената постапка и утврдените факти и околности, често ги враќа на повторна постапка и преиспитување. Оттука, имајќи ги предвид законската обврска за итност во постапката, што подразбира ефикасно и стручно однесување на надлежните органи, а од друга страна одолжувањето на започнатата постапка се поставува прашањето за степенот на професионалната оспособеност и подготвеност, како и кадровската екипираност на стручните служби на Министерството за финансии.

Од друга страна, во одделни случаи ситуацијата дополнително се комплицира бидејќи на недвижниот имот, кој е предмет на денационализација, истовремено е започната или веќе завршена постапката за издавање градежно-техничка документација за градба на одделни објекти или за доградување, односно за други градежни интервенции, што уште повеќе го отежнува спроведувањето на постапката.

Секако, ваквата состојба е резултат на недоволна комуникација меѓу Министерството за финасии и Министерството за транспорт и врски при што истата во иднина е потребно да се надмине.

Ваквиот начин на спроведување на процесот на денационализација негативно се реперкуира врз остварувањето на правата на граѓаните заради што Народниот

правобранител, во рамките на своите законски овластувања, во неколку наврати се обраќаше до комисиите за денационализација, а потоа и до ресорниот министер за финансии со укажување на нивната законска обврска да се постапува итно и рационално по доставените барања, со согледување на сите правно-релевантни докази, како и со целосно констатирање на објективната фактичка состојба на имотот кој е предмет за денационализација, по што би се донела правилна и соодветна одлука со која во крајна линија би се постигнало правично обештетување на граѓаните.

Сепак, и покрај ваквите укажувања не е постапено од страна на надлежните органи.

### 2.12.2. Експропријација

Експропријацијата како правен институт е регулирана во Законот за експропијација, кој во своите рамковни содржини ги прифатил основните уставни начела за гарантирање на правото на сопственост и дека никому не може да му биде одземена или ограничена сопственоста и правата што произлегуваат од неа освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон. Во случај на експропријација на сопственоста или во случај на ограничување се гарантира праведен надоместок кој не може да биде понизок од пазарната вредност.

Имено, експропријацијата е административна мерка (принудна) со која во постапка пропишана со закон, се одзема или ограничува сопственоста на имот, имотни права и интереси заради изградба на работи од јавен интерес со давање на праведен надоместок.

Во извештајниот период дел од претставките доставени до Народниот правобранител се однесуваа на постапките за експропријација. Во најголем дел барањата за интервенција на граѓаните се однесуваа на одолжување на постапките за определување праведен надоместок или истите воопшто не биле спроведени. Исто така, во доставените претставки се констатира дека и покрај тоа што е изминат подолг временски период, од кога е завршена постапката за експропријација, на граѓаните се уште не им бил исплатен надоместокот или истиот делумно е исплатен.

### 2.12.3. Запишување на правата во катастарот на недвижностите

Уставот на Република Македонија во член 30 го гарантира правото на сопственост и правото на наследување, како и дека никому не може да му биде ограничена или одземена сопственоста и правата што произлегуваат од неа, освен во случај кога се работи за јавен интерес утврден со закон. Согласно Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите, сите права на носителите на истите врз недвижностите (земјиште, згради, посебни делови од згради и други објекти изградени на земјиштето) се запишуваат во посебен катастарски операт. Запишувањето на правата во катастарот на недвижностите се врши врз основа на исправи составени во законски пропишана форма, правосилни судски одлуки и закон или одлука на државен орган. Согласно одредбата од член 71 од наведениот Закон, во случај некое лице да смета дека има појако право на недвижноста од лицето што е запишано може со тужба пред редовниот суд да бара запишувањето да се избрише и тоа да биде запишано како носител на право на недвижноста.

И во текот на извештајната година, исто како и во претходните, поголем број предмети се однесуваа токму на работењето на Државниот завод за геодетски работи. Граѓаните сметаа дека постапките пред овој орган се долготрајни, а често пати и извршеното запишување на носителите на правата врз недвижностите дека е извршено спротивно на одредбите од член 58 од истиот закон. Исто така во дел од претставките се укажуваше дека и покрај тоа што одредено право на граѓанинот веќе било утврдено со правосилна судска одлука, барањето за запишување на неговото право било одбивано и истиот бил упатуван да води повторно судска постапка за истата работа. Имаше случаи кога граѓаните, иако поседувале уредна документација по однос на сопственоста, на пример правосилна судска одлука, претходно издаден поседовен лист од кој произлегува дека конкретниот граѓанин порано бил евидентиран како носител на правото, која документација е предвидена како основ за запишување на правото на сопственост, барањето да биде одбиено и тие да бидат упатени до надлежен суд.

Во овие случаи Народниот правобранител сметаше дека ваквиот став на органот е погрешен и дека истиот треба да одлучи врз основа на презентираните материјални докази, кои неспорно се во согласност со прописите, односно да изврши упис на податоците во катастарот за недвижностите. Мора да се констатира дека ваквите укажувања на Народниот правобранител не беа прифаќани од страна на надлежниот орган што укажува на фактот дека меѓусебната соработка тешко се остварува. И натаму се забележуваат случаи кога барањата на граѓаните се одбиваат со образложение дека истите во постапката на излагање на податоците од премерот, катастарот и запишувањето на правата на недвижностите не вложиле приговор, и тогаш кога Државниот завод за геодетски работи не располага со соодветна документација од која со сигурност би можело да се утврди постоење на одредено право на субјектот кој е запишан во катастарската евиденција. Во ваквите случаи Народниот правобранител сметаше дека водењето судски постапки би ги изложило граѓаните на непотребни трошоци нужни за водење на долготрајни спорови. Од овие причини, во постапката пред овој орган, во вакви случаи беше укажувано на потребата од ефикасно постапување и правилно евидентирање на носителите на правата врз недвижностите.

Може да се заклучи дека остварувањето на правата на граѓаните пред овој орган тешко се реализира во долготрајни постапки, како во прв така и во втор степен. За таа констатација придонесува и фактот што укажувањата на Народниот правобранител не се почитуваат, а многу често и по повеќе дополнителни интервенции и добиени ветувања од овластените лица дека ќе биде одговорено, тоа не е сторено. Исто така општ впечаток е дека комуникацијата на Народниот правобранител со Државниот завод за геодетски работи треба да се подобри, а сето тоа во интерес на граѓаните.

### *2.12.4. Градежно земјиште*

Со Законот за национализација на наемните згради и градежното земјиште во градовите и населбите од градски карактер се национализира и стана општествена сопственост градежното земјиште. Како градежно земјиште се сметаа сите изгра-дени и неизградени земјишта што се наоѓаа во потесните градежни реони на градовите и населбите од градски карактер. Правото на користење, покрај правото на управување, претставуваше содржина на правото на општествената сопственост. Граѓаните, согласно овој закон, можеа да се стекнуваат само со право на користење на градежно земјиште. Со Законот за градежно земјиште и неговите измени од 1991 година е утврдено дека земјиштето во градовите и во населбите од градски карактер и другите подрачја предвидени за станбена и друга изградба, за кои се донесени Урбанистички планови е на

Републиката. На овој начин, општествената сопственост е трансформирана во државна сопственост.

Во текот на извештајната година, како што веќе погоре е истакнато, Собранието на Република Македонија го донесе Законот за градежно земјиште со кој се уредуваат правата и обврските во поглед на градежното земјиште и уредувањето на тоа земјиште. Овој закон, предвидува сосема поинакви решенија по однос на правото на сопственост и градба на градежно земјиште, така што сопственици на градежно земјиште стануваат физичките лица и правните лица, а тие имаат и право на промет со него.

Новиот Закон за градежно земјиште, го уредува и прашањето на трансфор-мација на правото на користење во право на сопственост кога правото на користење е стекнато врз основа на купен станбен или друг градежен објект. Народниот правобранител смета дека ова прашање ќе биде најмногу во сферата на интересот на граѓаните и очекува дека во тековната година ќе има претставки во врска со постапките околу трансформацијата. Во текот на извештајната година не се забеле-жани претставки што се однесуваат на постапките за трансформација на сопстве-носта за што причина е задоцнетото донесување на подзаконските акти и затоа неговата целосна имплементација се очекува дури во престојниот период.

Во текот на извештајната година претставките се однесуваа најмногу на неисплатен надомест за одземено градежно земјиште, на повреда на права во постапките за признавање на предимствено право на градба на неизградено граде-жно земјиште, како и на постапките за доделување градежно земјиште. И во овие постапки Народниот правобранител укажуваше на потребата од доследна примена на законските одредби и ефикасност во постапувањето особено при одредување надоместок и негова исплата, се разбира доколку истиот се врши во пари.

Новиот Закон за сопственост и други стварни права за првпат во правно-политичкиот систем на Република Македонија го уредува правото на сопственост и другите стварни права во согласност со Уставот. Влегувањето во сила на овој закон значеше измена на повеќе законски решенија што произлегуваа од поранешноиот сојузен Закон за основните сопственосно-правни односи.

Едно од прашањата што особено ги интересира граѓаните, поради што заслу-жува посебно внимание на Народниот правобранител, секако е дека трансформацијата на правото на користење на градежно земјиште, со оглед на тоа што носителите на правото на користење на градежно земјиште со денот на влегувањето во сила на Законот за градежното земјиште, можат да стекнат право на сопственост на градежно земјиште по основ на поранешна сопственост на истото со поднесување барање, а по повод барањето Министерството за транспорт и врски донесува решение за трансформација на ова право.

Во досегашното практично работење на Народниот правобранител во контекст на поднесените претставки чија содржина е правото на денационализација, општ впечаток е дека надлежниот орган за денационализација не се придржува и воопшто не го почитува утврдениот законски рок, што секако доведува до несогледиви штетни последици кои се состојат во крајна линија до губење на довербата на граѓаните-поранешни сопственици или нивните законски наследници дека државата конечно ќе ја отстрани неправдата што им била нанесена.

Имајќи го предвид сето погоре изнесено, Народниот правобранител констатира дека и во оваа област граѓаните при остварување на своите права се судираат со голем

број потешкотии, кои по својата природа се некогаш од објективен, а многу често и од субјективен карактер.

*     *
*

Од горните причини, а со цел да се надминат погоре изнесените проблеми и да се овозможи побрзо и поефикасно остварување на правата на граѓаните пред надлежните органи, Народниот правобранител на надлежните органи (Влада на Република Македонија, Министерство за финансии, Министерство за транспорт и врски и Државен завод за геодетски работи) им препорачува:

- доследно почитување и примена на соодветна законска регулатива;
- навремена и ефикасна постапка по повод доставените барања од страна на граѓаните;
- почитување на правосилните судски одлуки, исправите составени во законски пропишана форма и одлуките на државните органи;
- придржување кон законски определените рокови;
- почитување на барањата, препораките и другите укажувања на Народниот правобранител, навремено постапување по истите и воспоставување подобра соработка со Народниот правобранител;
- преземање дејства за реализирање на постигнатите спогодби за давање соодветен надоместок за експроприран имот или за одземено градежно земјиште.

### 2.13. Заштита на правата во други области

Во оваа област се вбројуваат оние претставки што по својата содржина не може да се распоредат во една од погоре наведените области, а се однесуваат на здруженија на граѓани, организации и други правни лица чии одлуки и дејства не се во надлежност на Народниот правобранител.

Имено, согласно одредбите од член 2 од Законот за народниот правобранител, Народниот правобранител е орган на Република Македонија кој ги штити уставните и законските права на граѓаните кога им се повредени од органите на државната управа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања. Оттука произлегува дека Народниот правобранител нема законски овластувања да презема какви било дејства во случај на повреда на правата на граѓаните во трговски друштва, здруженија и други правни субјекти кои не се во состав на органите на управата или кои не вршат дејност од јавен интерес. Во текот на изминатата година голем број граѓани од страна на работодавците беа прогласени за технолошки вишок или на друг начин добија отказни решенија или им беа ускратени правата на запишување и располагање со акциите во одредени акционерски друштва поради што за овие проблеми најчесто се обраќаа до Народниот правобранител. Постапувајќи по ваквите претставки Народниот правобранител најчесто на посреден начин се трудеше да им помогне на граѓаните во остварувањето на нивните права со свои совети и укажувања како најбрзо, најефикасно и во каква постапка можат да го остварат правото што сметаат дека им е повредено или ускратено. Во одредени случаи, кога станувал збор за очигледна повреда на правото на граѓанинот од страна на работодавецот, Народниот правобранител со свој допис се обраќаше до работодавецот и му укажуваше за истото, при што во поголем број случаи укажувањата беа прифатени и правата на граѓаните беа остварени.

# 3 ДРУГИ АКТИВНОСТИ

## 3.1. Иницијатива за измена и дополнување на Законот за народниот правобранител

Законот за народниот правобранител во практична примена е веќе пет години. Во практиката се покажа дека некои законски решенија до крај не се дефинирани, некои се нефункционални, а некои не соодветствуваат со условите и состојбите во кои функционира правниот систем во Републиката.

Од друга страна, недореченостите, непрецизностите и докрај недефинираните и нерегулирани решенија често беа предмет на погрешна оцена на делокругот на работа на Народниот правобранител и улогата и значењето што оваа институцијата ги има во правно-политичкиот систем на државата. Оттаму и покрај преземените мерки за популаризација и елаборација на функцијата и надлежностите на оваа институција се уште постојат мислења и очекувања дека Народниот правобранител може да ги промени одлуките на државните органи и организации, па дури и правосилните судски одлуки. Исто така граѓаните очекуваат Народниот правобранител да ги застапува во судски и други постапки, да посредува во семејни, соседски или спорови со работодавците, да им ги решава социјалните или станбените проблеми или да им обезбеди вработување. Во бројни случаи граѓаните, иако знаат дека Народниот правобранител не е надлежен да постапува по нивните случаи, тоа го бараа од него и бараа да им биде даден совет. Од друга страна пак, претставници на органи на државната управа често пати во одговорите по претставките сметаа дека Народниот правобранител не е надлежен по прашањето што е предмет на неговото барање.

Често се бара  Народниот правобранител да интервенира за општи состојби изнесени во средствата за јавно информирање за кои постои сомневање за сторени повреди на човековите права што е надвор од законските надлежности на Народниот правобранител. Се бараше Народниот правобранител да поднесува тужби за поведување управен спор иако, според Законот, постои можност единствено да поднесе барање за поведување управен спор до надлежен орган кога ќе оцени дека за тоа се исполнети законските услови. Од Народниот правобранител се бараше да преземе улога и на орган за кривично гонење, да врши контрола во акционерски друштва и во други правни субјекти, како и да повикува на одговорност директори и други одговорни лица, што е надвор од неговата надлежност.

Од овие причини, а со цел да се обезбеди нормативна основа за надминување на постоечките тешкотии во практичната примена на Законот, како и со цел да се овозможи и изгради цврста гаранција за самостојно, независно и ефикасно остварување на

функцијата до надлежната Анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот на Собранието на Република Македонија доставена е иницијатива за изменување и дополнување на Законот.

По иницијативата до денес не е постапено. Претпоставуваме дека овој процес беше закочен поради воените конфликти во Републиката. Меѓутоа, со потпишу-вањето на Рамковниот договор, како компромисно решение на воената криза, во анексот на овој договор беа предвидени уставните амандмани со кои меѓу другото се предвидени и измени во поглед на условите за избор на Народниот правобранител и по однос на неговата надлежност.

Со амандманот ЏИ предвидено е Собранието да го избере Народниот правобранител со мнозинско гласање од вкупниот број на пратениците кои тврдат дека припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во Република Македонија, а во истиот член како посебна надлежност е утврдено дека Народниот правобранител ќе посвети особено внимание за заштита на начелата на недискриминација и рамноправна застапеност на заедниците во јавните тела на сите нивоа и во другите области на јавниот живот.

Со Анексот Б од Рамковниот договор предвидено е Собранието на Република Македонија до крајот на 2002 година да донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за народниот правобранител со кој ќе се осигура дека:

- Народниот правобранител ќе преземе дејства за одбрана на начелата на недискриминација и правична застапеност на зедниците во јавните тела на сите нивоа и во другите области на јавниот живот и дека има соодветни ресурси и персонал во неговата служба кои ќе му овозможат извршување на неговата функција;
- Народниот правобранител ќе формира децентрализирани канцеларии;
- Собранието посебно ќе го гласа буџетот на Народниот правобранител;
- Народниот правобранител ќе поднесува годишен извештај до Собранието и онаму каде што е тоа соодветно, по барање може да поднесува извештаи до советите на општините во кои се формирани децентрализираните канцеларии;
- овластувањата на Народниот правобранител се зголемуваат за да му се овозможи пристап и можност да ги прегледа сите службени документи, а притоа се подразбира дека Народниот правобранител и неговиот персонал нема да откриваат доверливи информации;
- на Народниот правобранител му се овозможува до донесувањето на одлука од страна на надлежниот суд да го суспендира извршувањето на управниот акт, доколку тој определи дека актот може да произведе непоправлива штета за правата на заинтересираното лице;
- на Народниот правобранител му се дава право пред Уставниот суд да ја оспори согласноста на законите со Уставот.

Народниот правобранител смета дека новините во изборот и надлежностите на Народниот правобранител, како и престојните измени на Законот за народниот правобранител се една од придобивките во процесот на демократизација на држа-вата и се насочени во правец на зајакнување и обезбедување самостојно, независно и ефикасно извршување на функцијата народен правобранител.

Народниот правобранител се надева дека во измените и дополнувањата на Законот за народниот правобранител ќе бидат вградени и предлозите и сугестиите

изнесени во иницијативата што веќе е доставена до Собранието на Република Македонија.

### 3.2. Воведување на информатички потсистем

Тргнувајќи од фактот дека осовременувањето на работењето, односно следе-њето на развојот на техниката и технологијата, е основен предуслов за постигнување подобри резултитати и поголема ефикасност во работењето, во последното тромесечие од извештајната година во канцеларијата на Народниот правобранител се пристапи кон реализација на визијата за формирање современа, стручна, ефикасна, материјално-технички и кадровски опремена канцеларија која ќе функци-онира целосно и ќе се доближи кон стандардите на Европската унија. Оствару-вањето на таа визија нема да можеше да се реализира без финансиската помош од Канадската меѓународна агенција за развој, а под покровителство на Амбасадата на Канада во Република Македонија. Имено, по потпишувањето на договорот со наве-дената агенција беа префрлени финансиски средства во износ од 43.670 канадски долари на сметката на изведувачот на проектот со кои средства е набавен дел од компјутерската опрема и е изготвен софтвер со сите специфики потребни за работење на канцеларијата на Народниот правобранител. Во оваа прилика изразу-ваме благодарност за разбирањето на Канадската амбасада и секако на Канадската меѓународна агенција за развој за финансиската помош.

Со системот за автоматска обработка на претставки, кој во моментот на изготвувањето на овој извештај е во фаза на инсталирање и обука на вработените, ќе се овозможи квалитетно информирање и комуникација во рамките на канцела-ријата на Народниот правобранител, базирано на користење на современа компју-терска технологија, современа организација на работата која ќе гарантира ефикасна координација на сите активности и квалитетно решавање на предметите, ќе обезбеди идентичен квалитет на работата на обработувачите на претставките и конечно ќе значи воведување и развој на информатички систем кој ќе биде база на податоци.

### 3.3. Вебстраница

Во извештајниот период во употреба е ставена и вебстраница напишана на три јазици: македонски, англиски и албански, со идеја да се направи и на другите јазици на заедниците. Вебстраницата сметаме дека ќе придонесе за ефикасно и објективно известување за работата на канцеларијата на Народниот правобранител, односно за неговата транспарентност како законска обврска и како афирмација меѓу граѓаните на Република Македонија, но и меѓу органите на државната управа и органите и организациите со јавни овластувања.

Пристап на вебстраницата може да се оствари на адреса:
www.ombudsman.gov.mk

### 3.4. Едукација на граѓаните

Правните стандарди, инструменти и механизмите што на европско, па и на домашно ниво се создаваат заради заштита на човековите слободи и права би имале незначителен ефект ако граѓаните не се информирани за нивното постоење и значење.

За жал како и претходните така и оваа година констатиравме ниско ниво на информираност и едуцираност на граѓаните за нивните права. Оттаму и потребата од преземање широки активности на сите субјекти, особено на Владата на Република Македонија и нејзините органи и организации, вклучително и невладините организации, на планот на подигањето на свеста и информираноста на граѓаните за нивните права преку изготвување документации и информации, со визуелна поддршка и придружен наставен материјал, со воведување посебна факултативна настава пред се во основното образование, со организирање советувања, семинари, обука и размена на гледишта, како и водење кампања и други иницијативи за истакнување на определени аспекти од човековите права.

На овој план, иако не е законска обврска, Народниот правобранител презеде определени мерки и активности. Така во изминатата година се пристапи кон изработка на соодветна брошура во вид на водич за начинот и формите како да се заштитат правата на граѓаните за нивно запознавање со институцијата Народен правобранител. Брошурата е издадена во тираж од 15.000 примероци на македонски јазик, 5.000 примероци на албански и 500 примероци на англиски јазик, а ќе биде издадена и на јазиците на другите заедници. За оваа цел обезбедена е финансиска помош од страна на Британската амбасада, за што и во оваа прилика Народниот правобранител изразува особена благодарност.

Во текот на извештајниот период канцеларијата на Народниот правобранител учествуваше на повеќе едукативни семинари за заштитата на правата на граѓаните на кои имаше активно учество со свои излагања. Во овој контекст во текот на 2001 година Народниот правобранител одржа повеќе предавања за улогата и значењето на институцијата Народен правобранител во повеќе средни училишта и на Правниот факултет.

Заради конкретно запознавање на граѓаните со нивните права, во извештај-ниот период беа изготвени и брошури во нацрт-верзија чие објавување треба да се реализира во претстојниот период. Брошурите обработуваат различни тематски проблеми, односно со истите се опфатени сите области по кои Народниот правобранител постапува, изготвени се со приемчив стил, лесно разбирливи и се наменети за сите граѓани. Интенција на брошурите е граѓаните да се запознаат со своите права и со соодветните законски одредби што во иднина би можеле да им користат во нивното остварување, во случај на евентуални повреди.

Воедно, канцеларијата на Народниот правобранител изготви и програма за секоја област, во која се опфатени основните цели на дејствување и задачи што во иднина треба да се реализираат.

### 3.5. Изготвување на амблем на Народниот правобранител

Досегашното функционирање на институцијата Народен правобранител и стекнатите искуства од соработката со другите вакви европски институции ја наметнаа потребата за создавање на свој препознатлив симбол-лого. Размислувањата укажаа на потреба од создавање лого што ќе ги содржи основните карактеристики на институциијата и ќе овозможи нејзино лесно препознавање. За реализирање на повеќегодишната идеја за создавање карактеристичен и лесно препознатлив симбол на институцијата, во текот на

извештајната година беа преземени активности и конечно, со помош на стручни и квалификувани лица, се дојде до соодветно и прифатливо графичко решение.

Имено, идејата беше симболот да го содржи основниот субјект на заштитата кому му ја дава Народниот правобранител, а тоа е граѓанинот. Затоа, внатрешниот круг, како што впрочем се гледа на подолу даденото лого, симболизира глава на човек, а празниот бел простор меѓу кругот и полукружните форми го симболизира телото на човекот со раце кренати нагоре во форма на полукруг што симболизира човеково вознесување, но истовремено и барање правна заштита и помош. Двете полукружни форми, ја симболизираат правната заштита, а простирањето е симбол на движење или може да се рече на развој во заштитата на правата. Во десната полукружна форма е сместено знамето на Република Македонија, со што се симболизира дека основен гарант на заштитата на правата и слободите на граѓаните е Народниот правобранител како орган на државата. До него од десната страна стои “Република Македонија-Народен правобранител”, а под нив е општоприфатениот назив на институцијата со транскрипција во англиското писмо “Омбудсман-Републиц оф Мацедониа”.

Со овој чин сметаме дека институцијата Народен праворанител добива автентичен, лесно препознатлив симбол кој достојно ќе ја презентира и ќе ја афирмира во и надвор од Републиката.

## 3.6. Соработка и контакти со меѓународни организации, здруженија, асоцијации и со нивни претставници во Република Македонија

Во извештајниот период Народниот правобранител оствари бројни средби со повеќе претставници на меѓународни организации, асоцијации и здруженија кои ја посетија канцеларијата на Народниот правобранител. На овие средби се покажа голем интерес за оваа институција и за нејзиниот делокруг на работа, разменети се корисни мислења и искуства за нејзиното функционирање, а покренати се и иницијативи за разгледување на одделни практични прашања и нивно разрешување. Во сите средби неподелена беше оцената за функцијата, карактерот и значењето на институцијата Омбудсман што таа го има во светот. При средбите претставниците на меѓународните организации, асоцијации и здруженија изразија целосна подготвеност за соработка и давање соодветна помош со цел оваа институција успешно да ги извршува своите уставни и законски овластувања. Претставници на Европската унија, Советот на Европа и ОБСЕ покажаа особен интерес за условите и можностите за самостојно и независно вршење на функцијата, како и помош за имплементација на Рамковниот договор со кој е опфатен и Народниот правобранител.

Во извештајната година остварени се средби со:

- **г.Доналд Мек Грегор**-директор во Директоратот за јавна администрација во Лондон;
- **г.Џулион Најџел**-аналитичар, дописник на Радио “Слободна Европа”;
- претставници на Шведската национална телевизија;

- **г.Теренс Лорн Муни**-шеф на канцеларијата на Канадската амбасада во Скопје, **г.Ривар**-директор за финансии и **г-ѓа Изабела Шами**-политички советник на канцеларијата на Канадската амбасада во Скопје;
- **г.Карстен Вебер** и **г-ѓа Колет Рауш**-претставници на мисијата на ОБСЕ во Косово, односно на Одделот за поддршка на Омбудсманот при Одделот за човекови права и владеење на правото;
- **г.Марк Дитрич**-постар советник во "Менаџмент систем интернационал"-(ЦЕЕЛИ);
- Посета и претставување на институцијата во ОБСЕ и разговор со **г.Карло Унгаро**;
- Посета и претставување на институцијата во Амбасадата на Руската Федерација во Скопје и разговор со Неговата екселенција амбасадорот-**г.Владимир Иванов**;
- Посета и претставување на институцијата во Амбасадата на Кралството Норвешка во Скопје и разговор со Нејзината екселенција амбасадороката-**г-ѓа Вибеке Лилои**;
- Посета и претставување на институцијата во Амбасадата на Република Франција во Скопје и разговор со Неговата екселенција амбасадорот-**г.Жан Франсоа Терал**;
- Посета и претставување на институцијата во канцеларијата на делегацијата на Европската комисија при Европската унија во Република Македонија и разговор со **г.Хозе Мануел Пинто Тешеира**;
- **г-ѓа Петра Крдман** и **г.Јан Јансен**-претставници на Амнести интернационал;
- **г.Бадентер**, остварена средба во француската резиденција;
- **г-ѓа Силвиа Касел** и **г-ѓа Бојана Урумова**-претставници на Комитетот против тортура при Советот на Европа;
- **г.Рон Ример**-шеф на Одделите за комерцијални и политички прашања, јавност и медиуми во Британската амбасада во Скопје;
- **г-ѓа Тања Либерс**-претставник на "Пакс Кристи"-холандска невладина организација;
- **г.Дагфин Аднанс**-шеф на мониторинг мисијата на Европската унија во Скопје;
- средба со претставник на Министерството за меѓународен развој на Велика Британија;
- **г.Хенрик Амнис**-амбасадор и **г.Предраг Живковиќ**-висок комесар за човекови права на Обединетите нации-УНХЦР од Женева;
- **г-ѓа Сузан Вуд**-политички службеник при Стејт Департментот на САД;
- **г.Томас Маркет**-претставник на Советот на Европа;
- **г.Ендрју Калберг**-претставник на ОБСЕ и **г-ѓа Мари Бенедикт**;
- **г.Василис Марагос** и **г.Џовани Каприо**-претставници на Европската унија;
- **г-ѓа Дехауер** од белгиската канцеларија;
- **г.Марк Сегал**-советник во Европската комисија при Европската унија за проект за развој на судскиот систем;
- **г-ѓа Џоана М. Крандел**-претставник на ОБСЕ;
- **г-ѓа Шарлот Хит**-социјален советник и **г.Алан Филипс**-советник за национални прашања при Британската амбасада во Скопје;
- **г.Џон Пени**-прв советник во канцеларијата на постојаниот претставник на Европската комисија;
- **г.Уве Миснер**-консултант од Романија, канцеларија на ИБД;
- **г.Јоаким Робертсон**-советник на ОБСЕ-мисија на Косово;
- **г-ѓа Дениз Д. Овер**-советник на Амбасадата на Кралството Белгија;
- **г.Марсел Схол**-претставник на Комитетот на Меѓународниот црвен крст;

- **г.Сирпа Рајто**-шеф на мониторинг мисијата на ОБСЕ.

### 3.7. Студиски посети, стручно-едукативни советувања и состаноци

Народниот правобранител и оваа година оствари повеќе работни средби, студиски посети и учествуваше на повеќе едукативни советувања. При овие средби разменети се искуства на планот на заштита на правата и слободите на граѓаните, корисни мислења од функционирањето на овие институции, материјали и стручна литература, корисни за постапување во практиката, а покренати се и иницијативи за разгледување на некои практични прашања и нивно разрешување. Народниот правобранител учествуваше и на неколку советувања и средби од интерес за функционирањето на оваа иснтитуција. Од бројните остварени студиски посети, советувања и состаноци ги издвојуваме следните:

- Загреб, Република Хрватска, учество на Тркалезна маса: “Советување за улогата и моќта на Омбудсманот, особено во земјите во транзиција”, организирана од Советот на Европа и Директоратот за човекови права;
- Атина, Република Грција, учество на ВИИ работилница на тема “Независни органи во Грција” во организација на Центарот за европско уставно право;
- Стразбур, Република Франција, во рамките на Пактот за стабилност-”Преглед-средба на независни и омбудсман институции за заштита на човековите права” во организација на Советот на Европа и медијаторот на Република Франција;
- Варшава, Република Полска, Годишна средба на омбудсман-институции и Комесаријатот за човекови права на тема “Состојбата на Ромите и нивните миграции” во организација на Совет на Европа;
- Кишњев, Република Молдавија,семинар на тема “Омбудсманот и неговиот однос со медиумите” во организација на Европскиот омбудсман институт;
- Белград, СР Југославија, работилница “Модел на омбудсман институција за СР Југославија” во организација на ОБСЕ од СР Југославија и грчкиот омбудсман;
- Дубровник, Република Хрватска, работилница на тема “Човековите права и демократизацијата” во организација на ООН-Женева;
- Париз, Република Франција, годишна средба на омбудсмани за деца во организација на ЕНОК и УНИЦЕФ;
- Љубљана, Република Словенија, меѓународна конференција на тема “Омбудсманот и односите со судските органи”, во организација на омбудсманот на Република Словенија и Советот на Европа;
- Стразбур, Република Франција, состанок на омбудсманите од Централна и Источна Европа во врска со состојбата на Ромите и Европската конвенција за човекови права и основни слободи, во организација на Советот на Европа;
- Цирих, Швајцарија, 7-ма тркалезна маса на европските омбудсмани, во организација на Советот на Европа;
- Белград, СР Југославија, тркалезна маса за нацрт-законот за омбудсман на Србија, во организација на Советот на Европа.

### 3.8. Советувања и состаноци одржани во Републиката

Во текот на извештајната година Народниот правобранител и неговите заменици зедоа учество на работни средби и советувања одржани во Републиката во:

- Скопје-семинар на тема: “Борба против трговијата со бело робје”, во организација на ИОМ-Интернационална организација за миграција и УНИЦЕФ;
- Скопје-форум на млади новинари во организација на МАНУ;
- Скопје-експертски форум за правата на пациентите, во организација на Организацијата на потрошувачи и Сојузот на пензионери;
- Скопје-проект: “Програма за градење мир 2001” на тема “Правото на граѓанинот во предкривичната и кривичната постапка”, во организација на Нансен дијалог центар;
- Скопје-тркалезна маса на тема “Ромите во конфликтни/кризни ситуации” одржана во Институтот за социологија, политички и правни истражувања под покровителство на Центарот на ромската заедница ДРОМ-Куманово и градоначалникот на Општина Шуто Оризари-Скопје;
- Скопје-тркалезна маса за управни спорови, во организација на Министерството за правда;
- Скопје-учество на презентацијата на проектот-глобално движење на децата “Кажете да за децата” во организација на УНИЦЕФ;
- Струмица-семинар на тема: “Практична примена на Европската конвенција за човекови права”, во организација на Информативниот центар за граѓанско општество;
- Охрид-годишна средба на правници од стопанството “Владеење на правото и правната држава”-излагање на Народниот правобранител;
- Скопје-присуство на саемот на Невладини организации;
- Скопје-присуство на церемонијалите на Правниот факултет и Комесаријатот за бегалци по повод Денот на Обединетите нации;
- Скопје-учество и излагање на семинарот: “Локално учество, локална демократија” во организација на Гемајнен Гемајншен Швајс-ГГС-невладина организација и Амбасадата на Швајцарија;
- Скопје, учество на трибина: “Државна управа” во организација на студентите на Правниот факултет;
- Битола-семинар на тема “Обука со деца од улица”, во организација на “Феликс” од Битола и Институтот за поддршка на децата од Португалија;
- Скопје-тркалезна маса за семејно насилство и злоупотреба на децата, во организација на УНИЦЕФ, Институтот за трајни заедници и Советот за превентивна малолетничка деликвенција од Кавадарци;
- Скопје-тркалезна маса во организација на “Одделение за заштита на децата”;
- Струга-семинар за “Малолетнички казнен кодекс”;
- Дојран-семинар за стручно оспособување од областа на малолетничката деликвенција;
- Скопје-семинар “Сексуално и репродуктивно здравје на младите”, во организација на ХЕРА;
- Скопје-трибина “Правата на граѓаните во предкривичната и кривичната постапка”;
- Скопје-семинар за “Заштитата на жената како дел од демократското општество”, во организација на Сојузот на жените на Република Македонија и Конрад Аденауер Стифтунг од Нирнберг-СР Германија;
- Скопје-работилница на тема “Агенда за дејствување на Заедницата за единиците на локалната самоуправа”, во организација на УНИЦЕФ и ЗЕЛС;
- Скопје-семинар за “Правата на потрошувачите во извршната постапка и инспекциските служби”, во организација на Организацијата на потрошувачите на Македонија;

- Скопје-семинар за стручно усовршување на полициските инспектори за малолетничка деликвенција, во организација на УНИЦЕФ и Министерството за внатрешни работи.

### 3.9. Соработка со невладини организации

Дејствувајќи и пошироко на полето на заштитата на правата на граѓаните Народниот правобранител воспостави тесна соработка и со невладините организации, асоцијации и здруженија што работат во правец на заштитата на слободите и правата на граѓаните. Со оглед на тоа што невладините организации во своето делување не се ограничени т.е. лимитирани со закон тие можат пошироко да се занимаваат со одредени проблеми во општеството со кои граѓаните се сретнуваат. Тоа значи дека овие организации можат да ги следат, односно да ги набљудуваат состој-бите во општеството во секој сегмент и од секој аспект и да даваат свои мислења и предлози за подобрување на состојбите.

Воспоставена е соработка и со невладини организации што дејствуваат на територијата на Република Македонија, а кои веќе го известуваат Народниот правобранител за повреди на човековите права врз основа на кои Народниот правобранител презема дејства преку надлежните органи со цел да утврди дали постојат повреди и доколку постојат во рамките на своите надлежности презема соодветни мерки.

Ваквиот начин на соработка помеѓу невладините организации и канцеларијата на Народниот правобранител значи обезбедување демократски принцип на транспарентност во работата на јавните служби и јавните претпријатија од една и нивниот третман кон граѓаните од друга страна што претставува основен услов за функционирање на демократско општество во кое граѓанинот е поставен на централното место.

Оваа соработка помеѓу Народниот правобранител и невладините организации треба и понатаму да се продлабочува дотолку повеќе што заедничката цел е иста-заштита и помош во остварувањето и заштитата на човековите слободи и права.

Оваа година Народниот правобранител воспостави поблиска соработка со повеќе невладини организации, особено со: канцеларијата на УНИЦЕФ во Република Македонија; Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија; Сојузот на организацијата на жени на Република Македонија; Нансен Дијалог Центарот; “Каритас”-претставништво во Скопје; Советот за превентива против малолетничката деликвенција во Кавадарци; Сојузот за грижа и воспитување на децата; “Феликс”-Битола; Сојузот на жените Ромки во Република Македонија “Есма”; Здружението за заштита на правата на детето од Скопје; “ХОПС” заштита на децата од употреба на дрога во Скопје; канцеларијата на “Амнести интернационал” во Република Македонија; Хуманитарното и добротворно здружение на Ромите “Месе-чина” од Гостивар и други.

# 4 ОПШТИ ОЦЕНИ ЗА СОСТОЈБИТЕ СО ПОЧИТУВАЊЕТО НА УСТАВНИТЕ И ЗАКОНСКИТЕ СЛОБОДИ И ПРАВА НА ГРАЃАНИТЕ

## 4.1. Општа оцена

Примените претставки поднесени од над 5.000 граѓани, извршените разговори со повеќе од 3.000 граѓани во канцеларијата на Народниот правобранител и надвор од неа при посетите во поголемите центри во единиците на локалната самоуправа низ Републиката, извршените телефонски раговори со над 4.000 граѓани и 300 посети и увиди во поединечното предметно работење, констатираните повреди на правата на граѓаните по претставките, како и од увидите во севкупното работење во повеќе органи и организации од надлежност на Народниот правобранител упатуваат на оцена дека во обезбедувањето, остварувањето, почитувањето и заштитата на слободите и правата на граѓаните од страна на органите на државната управа и другите органи и организации со јавни овластувања, врз кои надлежно постапува Народниот правобранител и оваа година, во споредба со претходните не се направени позитивни и значајни промени, туку напротив надлежните органи во Републиката не успеаја во целост да ги заштитат фундаменталните човекови права како што се правото на живот, слобода на движење, сопственост и слично. Оттаму граѓаните на Република Македонија и оваа година своите права пред надлежните органи многу тешко и бавно ги оствaруваа низ долготрајни управни и судски постапки во кои се уште се применува застарена, некохерентна и неконзистентна правна норматива, нецелосно усогласена со Уставот на Република Македонија и со меѓународните правни акти за што покрај објективните состојби своевидно влијание имаше централизираната и нетрансформирана државна управа во која се уште значително е присутен бирократски, непрофесионален и чиновнички менталитет на службениците како во комуникацијата со граѓаните така и при одлучувањето и постапувањето по барањата за остварување на граѓанските права.

Меѓутоа за ваквата неповолна состојба во обезбедувањето, почитувањето и заштитата на слободите и правата на граѓаните во Републиката значително придонесоа и севкупните општествено-политички, економски, социјални и безбедносни услови на живеење. Имено, воените дејства се рефлектираа и соодветно се одразија во сите пори на животот и продуцираа категории на лица бегалци, времено раселени, човечки жртви, киднапирани, исчезнати, повредени, инвалидизирани и болни лица, растурени семејства, лица со уништени имоти, домови и разурнати историски, културни и верски споменици.

### 4.2. Односот и соработката на Народниот правобранител со граѓаните и со органите и организациите врз кои надлежно постапува

Податоците потврдуваат дека Народниот правобранител е прифатен од граѓаните и благодарение на упорноста и професионалниот и одговорен однос на вработените во оваа институција граѓаните веќе ги остваруваат своите интереси што значи дека имаат стекнато доверба во Народниот правобранител и во потполност го поддржуваат. Меѓутоа со загриженост може да се констатира дека ваквата оцена не се однесува и за прифатеноста и соработката на Народниот правобранител од органите и организациите врз кои надлежно постапува. Така, и покрај преземените мерки и активности за воспоставување неопходна кооперативна соработка и оваа година состојбите значително не се подобрени. Имено, и по укажаните неправилности и извршените интервенции некои од органите и организациите делумно или воопшто не постапуваа, некои само декларативно изразуваа согласност и спремност за соработка, а во практиката останlivaa со непроменет однос.

Ваквото однесување на службениците и одговорните лица беше причина за неоправдано одолжување на постапката пред Народниот правобранител, а со тоа и за оправданите реакции на граѓаните дека Народниот правобранител по некои предмети ненавремено реагирал или за тоа не ги известил. Ова наведува на заклучок дека ваквиот однос навистина е недопустлив и непримерен и дека во иднина треба да се воспостави поблиска соработка со органите и со организациите, дотолку повеќе што за тоа постои законска обврска.

Оттука е и загриженоста дека ваквиот игнорантски однос и намерното непочитување и попречување на работата на Народниот правобранител може на поши-рок план да доведе до кочење на развојот на демократските процеси, губење на довербата на граѓаните во институцијата Народен правобранител и во другите институции во системот и воопшто во функционирањето на правната држава.

### 4.3. Состојбите со законската регулатива

За навремено и ефикасно остварување на правата на граѓаните од суштествено значење, пред се е усогласувањето на законската регулатива со Уставот и со меѓународните правни акти и документи прилагодени на состојбите и приликите во Републиката и нејзина доследна примена во практиката. Иако дел од законските проекти се донесени и усогласени со Уставот и со меѓународните стандарди, значаен дел не е усогласен, што негативно се рефлектира врз навременото и ефикасното остварување на правата на граѓаните.

Во овој контекст од приоритетно значење е доуредувањето на правната рамка која ја гарантира заштитата на правата на граѓаните во повеќе области. Како приоритетно и неопходно е донесување нов Закон за општа управна постапка и Закон за управните спорови што ќе бидат во функција на ефикасно остварување на правата на граѓаните. Со овие закони треба пред се да се утврдат правните рамки за дејствување на администрацијата во остварување на правата на граѓаните, кои во основа ќе ги следат принципите на еднаквост на граѓаните и нивна заштита од самоволието на државните органи пред кои ги остваруваат правата. Потоа ќе треба особено да се имаат предвид

потребите од почитување на роковите во постапувањето, намалување на непотребното администрирање по предметите и осовременување на начинот на работа на државните органи заради зголемување на ефикасноста во заштитата на правата на граѓаните што би требало да биде помогнато и со воведување современа информатичка технологија и обврска на органите по службена должност да ги прибавуваат сите или дел од потребните факти и документи. Од битно значење е и обезбедување на двостепеност во постапките по управните спорови што би било во согласност со Уставот на Република Македонија, за што беше укажано и минатата година.

Меѓутоа, Народниот правобранител со загриженост може да констатира дека остварувањето на човековите права во Република Македонија се уште го карактери-зира изразена противречност меѓу уставно и законски утврдените права и нивното користење, односно проблемот со остварувањето на правата не се однесува само на несоодветната, застарена и неусогласена норматива, туку проблемот е во сериозниот и не ретко многу загрижувачкиот расчекор меѓу нормите и реалноста. Оттаму треба да се знае дека не може да се смета за демократска онаа земја која само ги нормира слободите и правата на човекот и граѓанинот на ниво на највисоки светски, европски и цивилизациски стандарди, а системот и особено власта од сите степени, видови и нивоа не обезбедува нивно остварување во реалноста и во секојдневниот живот.

Оттука потсетувањето на Народниот правобранител и неговата порака до надлежните државни органи и организации дека Република Македонија, како членка на Обединетите Нации и земја која претендира за членство во Европската Унија, со потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација со Европската Унија презеде обврска не само да го приспособи домашното законодавство со она на земјите членки на Европската Унија, туку и доследно да го реализира во стварноста.

### 4.4. Односот на државната администрација-службениците со граѓаните

И оваа година општа оцена е дека службениците и одговорните лица во јавната администрација при постапувањата и одлучувањата по барањата на граѓаните постапката неоправдано ја одолжуваа. Оттаму и констатацијата дека ретки се случаите кога постапката завршува во определениот рок согласно Законот за општата управна постапка. Така, присутни се појави на одолжување на управната постапка од една до две и повеќе години што е неразумно долг рок за водење управна постапка, а заведените управни спорови пред Врховниот суд на Република Македонија како по правило се земаат во работа и траат по една, две и повеќе години.

Покрај одолжувањето на постапките при остварувањето на правата присутни се и други намерни или ненамерни повреди на Законот за општата управна постапка и други повреди на законите и несоодветно однесување на вработените во јавната администрација изразени најчесто како:

- невклучување на заинтересираните странки во постапката;
- отфрлање на барањата поради неприложен доказ што можел и самиот орган да го прибави по службена должност или лично да изврши увид во јавните книги или исправи;
- непостапување по укажувањата на второстепените управни или судски органи;
- неизвршување на правосилните и конечни управни акти или селективен пристап при извршувањето;

- непочитување на правото барањето да се реши поинаку и покрај очи-гледните докази и укажувања на странките и Народниот правобранител;
- некооперативна соработка, некоординираност и неорганизираност на внатрешните служби во органот и меѓу органите;
- одбивање да се прими поднесено барање;
- ненавремено доставување на списите по предметот до второстепен орган и до судот;
- грубо, неприемчиво, недолично и одбивно комуницирање со странките;
- намера да се остави впечаток кај странката дека и е направена услуга иако преземените дејства се во рамките на работните обврски и сл.

***Порака***

***Тргнувајќи од фактот дека обезбедувањето, остварувањето, заштитата и воопшто развојот на човековите слободи и права преставуваат основен предуслов за натамошен развој на демократијата, владеењето на правото и функционирањето на правната држава, Народниот правобранител им порачува на Владата на Република Македонија, на органите на државната управа и на органите и организациите што имаат јавни овластувања да ги преземат сите неопходни мерки и активности со кои ќе се отстранат сите неправилности и незаконитости изнесени во овој извештај и во иднина да обезбедат:***

- ***Совесно, одговорно, ажурно и навремено постапување, како по барањата на граѓаните за остварување на нивните права така и по барањата и интервенциите на Народниот правобранител;***
- ***перманентно следење на состојбите со човековите права, нивно надградување, обезбедување, почитување и навремено нормирање и усогласување со меѓународните акти и стандарди;***
- ***транспарентност во работата и навремено информирање на јавноста за сите преземени активности на полето на човековите права и нивно активно вклучување;***
- ***посистемско информирање, обука и едукација за слободите и правата на сите граѓани од сите возрасни групи, при што е потребно да се вклучат и невладините организации што работат на полето на заштитата и почитувањето на човековите права, како битни услови за развојот на демократијата, владеењето на правото и функционирањето на правната држава.***

Тргнувајќи од фактот дека обезбедувањето, остварувањето, заштитата и воопшто развојот на човековите слободи и права преставуваат основен предуслов за натамошен развој на демократијата, владеењето на правото и функционирањето на правната држава, Народниот правобранител им порачува на Владата на Република Македонија, на органите на државната управа и на органите и организациите што имаат јавни овластувања да ги преземат сите неопходни мерки и активности со кои ќе се отстранат сите неправилности и незаконитости изнесени во овој извештај и во иднина да обезбедат:

- Совесно, одговорно, ажурно и навремено постапување, како по барањата на граѓаните за остварување на нивните права така и по барањата и интервенциите на Народниот правобранител;

- перманентно следење на состојбите со човековите права, нивно надграду-вање, обезбедување, почитување и навремено нормирање и усогласување со меѓународните акти и стандарди;
- транспарентност во работата и навремено информирање на јавноста за сите преземени активности на полето на човековите права и нивно активно вклучување;
- посистемско информирање, обука и едукација за слободите и правата на сите граѓани од сите возрасни групи, при што е потребно да се вклучат и невладините организации што работат на полето на заштитата и почитува-њето на човековите права, како битни услови за развојот на демократијата, владеењето на правото и функционирањето на правната држава.

# 5 ОРГАНИЗАЦИЈА, КАДРОВСКА СОСТОЈБА И СРЕДСТВА ЗА РАБОТА

## 5.1. Организација на работа

Уставно и законски утврдената концепција Народниот правобранител да дејствува како единствен, самостоен и независен орган на целата територија на Република Македонија и воспоставената практика на континуирана обиколка и разговори со граѓаните во единиците на локалната самоуправа се покажа доста успешна, економична и практична.

Внатрешната организација на институцијата поделена во три организациони единици: Студиско-аналитичка единица, Единица за евиденција, документација и информатика и Единица за финансиски и административно-технички работи со посебно Одделение за заштита на децата во принцип овозможува постапувањето по претставките и сите други активности преземени од Народниот правобранител да се извршуваат брзо и ефективно.

Согледувајќи ја потребата од специјализација на стручните кадри по области, притоа користејќи ги компаративните искуства на повеќе вакви институции во светот, на крајот од извештајната година се изврши распределба на извршителите на стручната служба по области. Имено, образувани се пет групи со кои раководат народниот правобранител и неговите четворица заменици. Во секоја група покрај народниот правобранител или заменикот распоредени се уште тројца соработници. Така со групата на области: заштита на права на припадниците на заедниците што не се мнозинство, заштита на правата во полициската постапка и заштита на правата на воените лица и воените обврзници раководи народниот правобранител Бранко Наумоски; со групата на области: заштита на правата на детето, заштита на правата од областа на образованието, заштита на правата од пензиското и инвалидското осигурување и заштита на правата од областа на здравствената заштита раководи заменикот Невенка Крушаровска; со групата на области: заштита на правата од областа на урбанизмот и градежништвото, заштита на правата од областа на животната средина и заштита на правата во областа на правосудството раководи заменикот Трипун Танушески; со групата на области: заштита на правата од финансиите и финансиската работа, заштита на правата од областа на имотно-правните односи, заштита на правата од царинската област, заштита на потрошувачките права, заштита на правата од областа на комунални и други јавни услуги и надоместоци и заштита на правата од други области раководи заменикот Љупчо Ивановски и со групата на области: заштита на правата од областа на работните односи, заштита на правата од областа на социјалните права, заштита на правата од областа на науката, културата и спортот и заштита на правата од областа на станбените односи раководи заменикот Сузана Салиу.

### 5.2. Кадровска состојба

Како и претходната и оваа година Народниот правобранител функционира со 32 извршители од кои 17 во Студиско-аналитичката, 3 во Единицата за евиденција, документација и информатика и 12 извршители во Единицата за финансии и административно-технички работи. Според квалификационата структура на кадрите 21 се со високо образование, 10 со средна стручна подготовка и еден со основно образование. Половата структура е 19 жени и 13 мажи, а по национална структура се: 2 Албанци, 2 Срби, 1 Влав и 27 Македонци.

Народниот правобранител цени дека вкупниот број на вработените и покрај повремените отсуства, боледувања и едногодишното отсуство на еден од вработе-ните (породилно отсутство на една самостојна советничка) со својата дополнителна ангажираност, стручност и квалификации во потполност и успешно го совладуваа приливот и обемот на работата по претставките и постигнаа задоволителни резултати. Со стекнатото тригодишно искуство во претстојниот период се очекува дека оваа институција ќе оствари уште позначајни резултати.

### 5.3. Финансиски средства за работа

Согласно член 26 од Законот за народниот правобранител средства за работа на Народниот правобранител се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

Оваа година за остварување на функциите на институцијата Народен правобранител беа определени 17.566,000,00 денари кои средства не беа доволни, меѓутоа со рационална и рестриктивна употреба и финансиска и техничка помош, особено од Советот на Европа, УНИЦЕФ, Канцеларијата на Канадската амбасада и Британскиот совет, Народниот правобранител успеа да ги изврши законските функции и надлежности.

Во Буџетот за 2001 година направени се дополнителни рестрикции на средствата на Народниот правобранител. Исто така во Буџетот беа предвидени недоволно средства за едукација, семинари и други организирани средби во и надвор од Република, како и средства за едукација и стручно усовршување на помладите кадри во Народниот правобранител.

Се надеваме дека во 2002 година и во наредниот период ќе се предвидат и обезбедат доволно финансиски средства за да може институцијата Народен правобранител соодветно да одговори на зголемените надлежности и обврски, предвидени во Рамковниот договор и за имплементација на амандманот XI прогласен и усвоен од Собранието на Република Македонија на 16.11.2001 година.

# 6 ПРЕТСТОЈНИ АКТИВНОСТИ

Во текот на 2002 година, пред Народниот правобранител претстојат повеќе активности кои континуирано и во согласност со Програмата за работа за тековната година ќе треба да се реализираат. Имено, и во оваа година ќе се продолжи со веќе воспоставената практика на посета на граѓаните на подрачјата на единиците на локалната самоуправа во Републиката. Ваквиот начин на работење во изминатите години се покажа како поефикасен и поекономичен од аспект на граѓаните и придонесе за стекнување поголема доверба во институцијата.

Во рамките на претстојните активности, а во функција на зајакнување на едукативната улога на Народниот правобранител се планира да се интензивира и соработката со сите органи на државната управа и со органите и организациите со јавни овластувања, со надлежните инспекциски органи и со невладините организации со цел да се постигне поголема ефикасност при остварувањето на заштитата на правата на граѓаните.

Во овој контекст, со цел да се подобрат сознанијата на граѓаните за нивните права и за начинот на остварување на тие права, канцеларијата на Народниот правобранител предвидува организирање трибини во градовите на кои би се реализирала едукативната улога на Народниот правобранител по пат на нивно информирање со законските решенија во одредена регулатива, но и подигање на правната свест и култура.

Народниот правобранител ќе настојува, како што тоа го чинеше и во изминатите години, со свое учество да придонесе во изработката на законската регулатива, односно да придонесе во процесот на хармонизацијата на законодавството на Република Македонија со законодавството на Европската Унија и негова имплементација. Народниот правобранител како член на Комисијата на Министерството за правда, активно ќе учествува во изработката на текстот за Законот за измена и дополнување на Законот за народниот правобранител, кој треба да му овозможи на Народниот правобранител да може да презема дејства за примена на начелата на недискриминација и правична застапеност на припадниците на заедниците во јавните тела на сите нивоа и во другите области на јавниот живот.

# 7 ПРИМЕРИ ОД ПРАКТИЧНОТО РАБОТЕЊЕ

### 2.2.-1 НП 48/01

Народниот правобранител по сопствена иницијатива, во врска со акцијата на полицијата за откривање на сторителите на нападот на Полициската станица во село Теарце-Тетово и можна повреда на уставните и законските права на поголем број граѓани за кои известуваа средствата за јавно информирање, оформи предмет, при што во текот на постапката изврши непосреден увид и разговор со повеќе граѓани и службени лица во Тетово и во селата Шипковица и Шемшово, во времето кога истите не беа зафатени со вооружени конфликти.

Во текот на постапката се констатира дека како последица на акцијата во Медицинскиот центар во Тетово медицински третман им бил даден на пет граѓани со што се потврдија наводите дека била употребена физичка сила. Народниот правобранител побара од Министерството за внатрешни работи преземање одредени мерки во правец на откривање на службените лица кои ги пречекориле службените овластувања и поведување дисциплински, прекршочни или кривични постапки против истите, да им се надомести материјалната штета на граѓаните што била предизвикана со преземената акција, како и континуирано преземање дејства во правец на едукација на припадниците на Министерството за практична примена на прописите и правилата на службата во постапувањето во вакви и слични ситуации на помасовни акции за откривање и спречување на казниви дела, со цел во иднина да нема пречекорување на овластувањата. Ваквото укажување од страна на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија не беше прифатено.

### 2.2.-2 НП 77/01

По телефонското јавување на граѓанинот Н.Љ. од с.Радуша, а во врска со приведувањето на лицето С.М. од с.Радуша од страна на овластени службени лица поради основано сомневање дека бил инволвиран во нападот на Полициската станица “Теарце” и по објавувањето на информацијата во дневниот печат, Народниот правобранител покрена постапка во текот на која констатира дека од страна на службените лица биле пречекорени службените овластувања и била употребена прекумерна и непотребна физичка сила над наведениот граѓанин како резултат на што истиот задобил тешки телесни повреди. За случајот беше побарана целосна информација од министерот кој раководи со Министерството за внатрешни работи, а воедно беше доставено и соопштение до средствата за јавно информирање. По изнесување на случајот во јавноста и по налог на министерот за внатрешни работи беа извршени детални проверки од страна на Секторот за интерна контрола на Министерството, при што е утврдена одговорност на три раководни работници на Дирекцијата за државна

безбедност и е констатирано дека двајца оперативци на оваа служба ги пречекориле службените овластувања. За понатамошните дејства Народниот правобранител не е известен.

### 2.2.-3 НП 53/01

Народниот правобранител, врз основа на написите објавени во средствата за јавно информирање, по сопствена иницијатива покрена постапка во врска со употребата на физичка сила од страна на овластени службени лица на Министерството за внатрешни работи врз граѓанинот Љ.К. од Куманово, чувар во фабриката “Киро Фетак”-Куманово. Во текот на постапката откако констатира дека во конкретниот случај се пречекорени службените овластувања и е употребена прекумерна и непотребна физичка сила со што му се нанесени тешки телесни повреди на граѓанинот, до Министерството за внатрешни работи на Република македонија, достави предлог за утврдување дисциплинска одговорност и барање за покренување постапка за утврдување кривична одговорност против службените лица, а поради основано сомнение за извршено кривично дело-Тортура од член 142 од Кривичниот законик. За преземените дејства во врска со доставените акти, Народниот правобранител не е известен.

### 2.2.-4 НП 844/01

Ј.А. од Скопје, достави претставка во која наведе дека неговиот брат А.А. во спроведувањето на акцијата на специјалните единици на полицијата за фаќање и елиминирање на припадници на група вооружени лица на ул.”Вергино” во Скопје, исчезнал, односно бил приведен од страна на службени лица-полицајци.Народниот правобранител покрена постапка во текот на која се утврди дека кај ова лице е констатирана смрт од страна на Институтот за судска медицина и криминалистика-Скопје со дијагноза: *Хаематомо субдурале*, поради што веднаш се обрати и побара од Основното јавно обвинителство-Скопје преземање мерки и дејства за откривање на сторителот на кривичното дело за што постапката е во тек.

### 2.2.-5 НП 872/01

С.Ј. од с.Љуботен -Скопје поднесе претставка во која наведе дека неговиот брат Р.Ј. од истото село починал при акцијата на припадниците на полицијата на 12.08.2001 година и побара интервенција за побрзо утврдување на причините на смртта. Во врска со претставката Народниот правобранител покрена постапка во текот на која Бирото за јавна безбедност при Министерството за внатрешни работи до Народниот правобранител достави информација од која се утврди дека ова министерство презело мерки за откривање и фаќање на припадниците на т.н.”ОНА” при што биле приведени 73 лица од с.Љуботен, а за 27 од нив до Основното јавно обвинителство во Скопје биле поднесени кривични пријави поради основано сомнение дека сториле кривично дело-Тероризам и подготвување на тероризам. По добивање на информација дека во селото се пронајдени 5 тела била формирана увидна екипа, составена од истражен судија од Основниот суд Скопје ИИ - Скопје, заменик на основниот јавен обвинител и стручни лица од Министерството, но поради нестабилната состојба увидот не бил извршен, а починатите лица биле погребани на селските гробишта без дозвола од надлежните органи. Од горните причини, поднесувачот на претставката е советуван да покрене судска постапка за докажување на смртта на неговиот брат или да почека со ексхумацијата на телата по што надлежниот суд ќе донесе соодветна одлука за истото.

### 2.2.-6 НП 28/01

И.Х. од Скопје поднесе претставка во која наведе дека од страна на Министерството за внатрешни работи, Сектор за управно-надзорни работи Одделение за државјанство и граѓански работи, му се повредуваат законските права со одолжу-вање на постапката за прием во државјанство на Република Македонија. Во текот на постапката се констатира дека подносителот на претставката е роден во Скопје, го отслужил воениот рок во Армијата на Република Македонија и дека е во тек постапка за прием во македонско државјанство по основ на посебен интерес за Република Македонија (член 11 од Законот за државјанство), но поради неразрабо-теност на критериумот за оправданоста на приемот се прибавуваат претходни мислења од министерствата за одбрана и правда.

Од тие причини Народниот правобранител достави соодветни укажувања до органот пред кој се води постапката за забрзување на истата и земање предвид на специфичните околности на случајот на граѓанинот. Постапката е се уште во тек.

### 2.3.-1 НП. 498/01

Н.Д. од Охрид достави претставка во која наведе дека од страна на Апела-циониот суд во Скопје и Основниот суд Скопје И - Скопје, му се повредуваат уставните и законски права бидејќи неоправдано се одолжува постапката по повод жалбата вложена против Решението И. Бр. 741/96 од 15.10.1997 година на наведе-ниот првостепен суд, со што е дозволено извршувањето. Во текот на постапката Народниот правобранител констатира дека второстепениот суд во текот на 1998 година, административно ги вратил списите од предметот до првостепениот суд со барање сторените пропусти во постапката да бидат отстранети, по што првостепе-ниот суд постапил дури во 2001 година кога од граѓанинот побарал да достави примерок од Решението со кое истиот суд го дозволил извршувањето. Утврдувајќи дека во конкретниов случај не се обезбедува законито, навремено и ефикасно врше-ње на функцијата, како и непречено, во разумен рок и економично остварување на правото на граѓанинот, Народниот правобранител достави сугестија до Републи-чкиот судски совет и до Министерството за правда со која побара да се преземат дејства за утврдување на причините за одолжување на судската постапка и да се создадат претпоставки за донесување одлука во најкраток можен рок, а од друга страна да се преземат дејства и за утврдување одговорност заради нестручното и непрофесионално вршење на функцијата. Ваквите укажувања беа прифатени при што Републичкиот судски совет понатаму презеде дејства во рамките на своите надлежности.

### 2.3.-2 НП 484/01

Граѓанинот С.С. од Кичево, достави претставка во која наведе дека од страна на Врховниот суд на Република Македонија, му се повредуваат уставните и законски права бидејќи неоправдано се одолжува постапката по повод тужбата поднесена во месец октомври 1999 година за поведување управен спор. Согласно овластувањата што произлегуваат од Законот за народниот правобранител, во текот на постапката Народниот правобранител преку Министерството за правда укажа на времетра-ењето на постапката и побара приоритетно постапување по тужбата, по што предметот беше земен во работа и донесена соодветна одлука.

### 2.3.-4 НП 241/01

Т.Т. од Битола, моментално на издржување на казна затвор во КПУ”Идризо-во” Скопје, достави претставка во која наведе дека му се повредуваат неговите законски права со тоа што по повод неговото барање за прекин на издржување на казната во траење од 30 (триесет) дена Управата за извршување на санкции не донела одлука. Во текот на постапката беше извршен непосреден разговор со подносителот на претставката, како и со службени лица, при што се констатира дека се исполнети претпоставките за удоволување на барањето, а по даденото укажување Управата за извршување на санкции при Министерството за правда му овозможи да користи прекин на издржување на казната.

### 2.5.-1.1 НП 119/01

Е. П. од Скопје, поднесе претставка во која наведе дека и покрај тешката материјално-финансиска состојба, од страна на Центарот за социјални работи не и се одобрува еднократна парична помош и дека поради немање сини картони и финансиски средства не можело да се изврши неопходна хируршка интервенција над нејзиниот малолетен син. По утврдувањето на фактичката состојба Народниот правобранител препорача надлежниот центар да и додели еднократна парична помош што беше и направено, а по неговата интервенција Фондот за здравствено осигурување издаде потврда врз основа на која и без сини картони се создадоа предуслови хируршката интервенција да се изврши без надоместок.

### 2.5.-1.2 НП 507/01

К.Ж. од Валандово поднесе претставка во која наведе дека и покрај тоа што ги исполнувал условите согласно Законот за социјална заштита и Одлуката за условите, критериумите, висината, начинот и постапката за утврдување и остварување на правото на социјална парична помош, барањето за добивање социјална помош му било одбиено. По интервенција на Народниот правобранител барањето на подносителот на претставката е удоволено, односно истиот го оствари правото за социјална парична помош.

### 2.5.-1.3 НП 1012/01

Х.Ј. од Штип, достави претставка во која наведе дека надлежниот центар за социјални работи не постапува по одлуката на Врховниот суд на Република Македонија со што му се оневозможува остварувањето на правото на социјална помош. По утврдувањето на фактичката сотојба и преземените дејства од страна на Народниот правобранител беше удоволено барањето на граѓанинот.

### 2.5.-2.1 НП 285/01

Д.Ј. од Свети Николе поднесе претставка во која наведе дека Заводот за вработување-Биро за вработување во Свети Николе му ги повредува правата со тоа што повикувајќи се на Одлуката на Владата на Република Македонија за времено запирање на вработување кај корисниците и единките корисници на средствата од Буџетот, одбивал да изврши заверка на договорот за работа склучен со Советот на Општина Свети Николе. По утврдувањето на фактичката состојба Народниот правобранител му укажа на Бирото за вработување во Свети Николе да изврши заверка на договорот за работа од причина што Советот на Општината Свети Николе има законско право да врши избор и именување на директор и негови заменици, што во целост беше прифатено и договорот беше заверен.

### 2.5.-2.2. НП 126/01

К.С.П. од Скопје, поднесе претставка во која наведе дека со донесеното решение за престанок на работниот однос со отказ по потреба на службата и се повредени правата што произлегуваат од работен однос, а се определени во Законот за работните односи, со тоа што решението стапувало на сила со денот на донесувањето, а со тоа и било ускратено правото на отказен рок и на годишен одмор. Народниот правобранител покрена постапка во текот на која констатира постоење повреди на постапката и погрешна примена на материјалното право во делот на одредбите за правата на годишен одмор, отказен рок и по однос на стапувањето на сила на решението поради што до Владата на Република Македонија, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за правда достави мислење во кое укажа на потребата работодавците да им ги овозможат погоре наведените законски права на работниците на кои им престанал работниот однос. Дадените укажувања не беа прифатени, меѓутоа Уставниот суд на Република Македонија оценувајќи ја уставноста и законитоста на Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, ги укина одредбите што се однесуваат на престанокот на работниот однос со отказ по потреба на службата, а потоа и надлежните судови во соодветни судски постапки, за кои Народниот правобранител има сознанија, донесоа пресуди со кои оспорените решенија ги поништија како незаконити. Ваквиот став е во поткрепа на мислењето на Народниот правобранител.

### 2.5.-2.3 НП 974/01

Р.Џ, Е.Р, А.Џ, А.М и С.Б. од с. Арачиново, Скопје, поднесоа претставка во која наведоа дека им се повредени правата од работен однос со тоа што од страна на работодавецот биле донесени решенија за престанок на работниот однос поради повреда на работната дисциплина, односно недоаѓање на работа, а кои не им биле врачени со што им било ускратено правото на остварување заштита кај работодавецот, синдикатот, инспекциските органи, пред надлежниот суд и другите органи во согласност со закон. По проучување на наводите во претставката, а имајќи ги предвид настанатите состојби во с.Арачиново и воените дејства што се преземаа во тој регион, Народниот правобранител достави сугестија со која на работодавецот му укажа на потребата од повторување на постапката во делот на доставување на донесените решенија, за да можат работниците да го искористат правото на приговор, односно да ја оспорат правилноста и законитоста на решенијата. Покрај тоа, до министерот кој раководи со Министерството за труд и социјална политика Народниот правобранител достави барање за преземање дејства за спроведување на информацијата на Владата на Република Македонија, според која на работниците од кризните подрачја не треба да им престане работниот однос поради изостанување од работа или нередовно доаѓање на работа за време додека трае кризата. Постапката по претставкта е се уште во тек.

### 2.5.-3.1. НП. 710/01

Л.П. и други граѓани од Штип поднесоа претставки во кои укажаа на повреда на уставните и законските права од страна на Комисијата при Министерството за транспорт и врски, во врска со спроведената постапка за распределба на становите согласно Одлуката за начинот и постапката за распределување на становите изградени по "Проектот за изградба на станови кои ќе се издаваат на лицата со ниски приходи".

Народниот правобранител покрена постапка во текот на која констатира одредени незаконитости и неправилности во постапката поради што се обрати до Секторот за станбено-комунални работи и инфраструктура при Министерството за транспорт и врски и

до Владата на Република Македонија и притоа укажа дека е потребно преиспитување на погоре наведената одлука, а постапката за распределба на становите да биде повторена со цел да се отстрани непочитувањето и неправилната примена на уставните и законските одредби, односно одлуката за распределба на становите да се донесе и изготви во форма на решение со кое мериторно ќе се одлучи за предметната работа, да се определи орган кој ќе биде надлежен да одлучува во втор степен по повод жалбите на незадоволните граѓани и конечно правилно да се дефинира статусот на предметните станови, а распределбата да биде извршена со доследна примена на одредбите на Законот за социјална заштита. Истовремено Народниот правобранител побара доколу заинтересираните граѓани се обратат со посебно барање, за да не бидат изложени на дополнителни трошоци, да им бидат вратени документите што како доказ ги приложиле кон барањата.

Со оглед на тоа што и по изминување на подолг временски период од страна на надлежните органи се уште не се прифатени доставените укажувања, предметите се уште се во постапка пред Народниот правобранител.

### 2.5.-3.2 НП. 910/01

Граѓанинот В.К. од Скопје поднесе претставка во која наведе дека и покрај тоа што од страна на Училишниот одбор при Гимназијата “Јосип Броз-Тито” од Скопје била донесена одлука со која станот му бил доделен, во согласност со правосилната судска одлука на Основниот суд Скопје И - Скопје, не биле преземени никакви дополнителни активности во смисла на спроведување и извршување на донесената одлука, односно пристапување кон склучување соодветен договор за користење-закуп на предметниот стан.

Народниот правобранител во текот на постапката констатира повреда на уставните и законски права на подносителот, па од тие причини се обрати до Државното средно училиште “Јосип Броз-Тито” при што упати сугестија дека е потребно од нивна страна, во смисла на одредбите од Законот за домување, да бидат преземени дејства во правец на склучување соодветен договор за користење-закуп на предметниот стан со подносителот на претставката и притоа да му биде обезбедено негово непречено користење или доколку постојат услови во смисла на одредбите од Законот за продажба на становите во општествена сопственост да му биде обезбедено правото на откуп на истиот по пат на склучување договор за продажба на станот. Сугестијата беше во целост прифатена така што на подносителот му е издадено соодветно решение за повторна распределба на односниот стан и во смила на одредбите од Законот за домување му е овозможено склучување договор за негово користење со Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија.

### 2.6.-1.1 НП 195/01

М.А. од Охрид во претставката наведе дека во постапката за одобрување на болничко лекување во странство на неговото дете Фондот за здравствено осигурување изнудил да потпише договор во кој било одредено да прифати лекување со максимални трошоци во износ од 20.000 германски марки од кои 80% од трошоците ќе ги покрие Фондот, што не е во согласност со законските одредби во кои не се определува највисокиот износ на здравствената услуга, туку процентот што треба да го плати осигуреникот.

Народниот правобранител во текот на постапката констатира повреда на правата на граѓанинот поради што упати препорака до Фондот и информација до министерот за здравство во која укажа на незаконитостите во работењето. Препораката во целост беше прифатена со што и се удоволи барањето на граѓанинот.

### 2.6.-1.2. НП 923/01

Н.С. од Скопје достави претставка во која наведе дека од страна на Клиниката за трансфузиологија-Скопје му се повредени правата од здравственото осигурување со наплаќање повисок износ за надоместок за извршена медицинска услуга, односно за извршена здравствена услуга и покрај приложениот лекарски упат, заве-рена зравствена легитимација и сини картони му бил наплатен износ како на лице кое не е здравствено осигурено. По интервенцијата на Народниот правобранител наплатените средства му беа вратени на граѓанинот.

### 2.6.-1.3 НП 995/01

В.Ј од Скопје достави претставка во која укажа дека таа како осигуреник кој боледува од неизлечива болест *прогресивна системска склероза*, а секако и другите лица заболени од ова тешко заболување се ставени во незавидна положба што е предизвикана од неповолните законски решенија за оваа категорија осигуреници за кои не се предвидени бенефиции во поглед на лекувањето во смисла на обезбедување соодветна терапија, која се сведува повеќе на витаминска база, потреба од неопходно бањско-климатско лекување и слично.

Народниот правобранител во текот на постапката констатира и укажа на пропустот направен во законските прописи и во посебните програми на Владата на Република Македонија со кои овие осигуреници не се ослободени од партиципација, па за надминување на ваквата ситуација предложи да се преземат неопходни мерки во насока на измени и дополнувања на правната регулатива. Предлозите на Народниот правобранител се доставени до надлежните служби на Фондот и Минстерство-то за здравство со цел истите да се земат предвид при изготвувањето на Програмата за 2002 година.

### 2.6.-2.1. НП 1035/01

Ј.Ш. од Пехчево достави претставка во која наведе дека од страна на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и се повредени правата поради непризнавање право на паричен надоместок до вработување по основ на преостанаата работна способност како инвалид на трудот од причина што немало доказ за престанок на правното лице, односно за негово бришење од судскиот регистар. Народниот правобранител во текот на постапката достави препорака во која укажа на обврската на Фондот да ги признае овие права без исполнување на овој услов што произлегува од Статутот на Фондот, како и поради тоа што со отворањето на постапката за стечај и ликвидација на вработените им престанува работниот однос по сила на закон и се евидентираат во Бирото за вработување како невработени лица. Ваквиот став на Народниот правобранител беше прифатен со што се удоволи барањето на граѓа-нинот.

### 2.6.-2.2. НП 499/01

Н.Ј. од Гевгелија, достави претставка во која наведе дека Фондот за пензиското и инвлидското осигурување на Република Македонија му го попречува законското право да изврши откуп на станот на отплата на 40 години, кој му бил доделен на користење на неговиот татко, со тоа што по повод неговото барање не биле преземени никакви дејства, ниту бил известен за причините поради кои не му било овозможено да го откупи станот.

Народниот правобранител покрена постапка во текот на која утврди дека со правосилно Решение Р.бр. 148/97 од 10.12.1998 година на Основниот суд во Гевгелија на подносителот на претставката му е признато правото на носител на станарско право на

предметниот стан, поради што му укажа на Фондот од неопходноста да се пристапи кон склучување договор за купопродажба на станот поради непостоење законски пречки, што беше и направено.

### 2.6.-2.3. НП 815/01

Б.Л. од Делчево, достави претставка во која наведе дека од страна на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување му биле повредени правата во постапката за признавање на правото на старосна пензија со одолговлекување на постапката. Народниот правобранител покрена постапка во текот на која, по утврдената фактичка состојба од која неспорно произлезе дека граѓанинот ги исполнува законските претпоставки по однос на годините на старост и стаж на осигурување, му укажа на Фондот на потребата од итно постапување особено што се работи за основно социјално и егзистенцијално право, што беше во целост прифатено и удоволено барањето на граѓанинот.

### 2.6.-2.4. НП 1023/01

Х.С. од Скопје, достави претставка во која наведе дека е корисник на пензија од Република Бугарија, која нему, а и на група други пензионери им се исплаќа во многу мал износ.

Народниот правобранител, имајќи го предвид фактот што овој проблем се провлекува повеќе години, укажа и побара известување од Министерството за труд и социјална политика за можностите за разрешување на овој проблем преку склучување договор со Република Бугарија. Укажувањето е прифатено така што надлежното министерство отпочна преговори за склучување договор за социјално осигурување, кои се уште се во тек.

### 2.8.-1 НП 155/01

Родителите на ученикот Р.Б. поднесоа претставка во која укажаа дека професор во Јавното средно училиште извршил физичко насилство над малолетникот. По проучувањето на наводите во претставката, приложените и прибраните материјални докази во текот на постапката Народниот правобранител, до надлежниот Основен јавен обвинител, поднесе кривична пријава против наставникиот поради постоење основано сомнение дека сторил кривично дело Малтретирање во вршење на службата од член 143 од Кривичниот законик, во врска со која пред истражниот судија на надлежниот Основен суд е во тек соодветна судска постапка.

### 2.8.-2 НП 359/01

Н.И. од Скопје, поднесе претставка во која наведе дека и се повредуваат правата со неизвршување на судска одлука за развод на брак со која на подносителката на претставката и е доделено на чување, воспитување и делумна издршка малолетното дете.

Народниот правобранител покрена постапка во текот на која констатира дека подносителката од прекинот на брачната заедница во потполност била спречена во контактите со малолетното дете, а сите дејства што Центарот за социјална работа ги презел во таа насока не резултирале со позитивен исход, пред се поради несоодветното однесување на другиот родител.

За надминување на ваквата состојба Народниот правобранител се обрати до Министерството за правда укажувајќи на проблемот со извршувањето на судската одлука, а истовремено побара од Центарот за социјална работа да се преземат поригорозни

мерки против родителот кој во потполност ги попречува контаките помеѓу другиот родител и детето, што пред се влијае на неговиот нормален развиток.

Според сознанијата што Народниот правобранител ги има во моментот, детето се уште не остварува какви било контакти со мајката и покрај активностите на Центарот од советодавен карактер, односно разговори со таткото, а исто така не се преземаат ни мерки за извршување на судската одлука бидејќи се уште се води постапка по жалба на таткото против извршното решение.

### 2.8.-3 НП 771/01

С.С. од Скопје, поднесе претставка во која укажа на повреда на неговите родителски права и на правата на детето да одржува лични контакти со родителот кому не му е доверено на чување со соодветна одлука, кои и покрај активностите на Центарот за социјални работи не можеа да се воспостават. Народниот правобрани-тел согледувајќи ја настанатата состојба и крајно влошените односи на поранешните брачни другари од една страна и тргнувајќи од најдобриот интерес за детето, од друга страна, стапи во контакт со двата родитела, при што по извршените разговори отпочна процесот на видување на детето со родителот.

### 2.8.-4 НП 987/01

Здружението на родители на деца заболени од церебрална парализа достави претставка во која се укажуваше на многубројните проблеми со кои истите се сретнуваат, а особено заради: непостоење на посебни центри за оваа категорија деца заради нивно образование и унапредување, немање соодветни лекарства во држа-вата и ненабавка на истите, како и за ортопедските помагла од странство без надо-месток од Фондот за здравственото осигурување, за обврската за плаќање партици-пација за здравствените услуги; ускратеното бањско лекување и неможноста за престој на родителот во услови на болничко лекување на дете постаро од три години. Согледувајќи ја реалната состојба Народниот правобранител изготви и достави информација до Министерството за труд и социјална политика и до Министер-ството за здравство, во која укажа на неопходност од итно преземање дејства за надминување на погоре истакнатите проблеми, при што истата беше прифатена и веќе се преземени конкретни дејства за отворање дневни центри за оваа категорија деца.

### 2.9.-1.1 НП 999/00

З.Ј. од Скопје, поднесе претставка во која наведе дека од страна на Мини-стерството за транспорт и врски - Подрачна единица Кисела Вода, во постапката за издавање решение за услови за градба и заверка на урбанистичкиот проект, односно за добивање на одобрение за доградба и надградба на колективна станбена зграда му се повредени законските права со тоа што се барало во смисла на одредбите од член 48 од Законот за домување, да достави согласност од сите станари. Во текот на постапката Народниот правобранител констатира дека постои повреда на правата затоа што согласно член 6 од Законот за изменување и дополнувње на Законот за домување, изменет е погоре наведениот член така што е потребна согласност од мнозинството станари за што до надлежниот орган достави препорака по која беше во целост постапено.

### 2.9.-1.2 НП 303/01

З.А. од Куманово, поднесе претставка во која неведе дека од страна на Министерството за транспорт и врски, Одделение за урбана полиција не се преземаат деј-ства за присилно административно извршување на конечните управни акти за уривање на објектот изграден без соодветна градежно-техничка документација, при што по спроведената постапка Народниот правобранител му препорача на надлежниот орган да закаже и да пристапи кон реализација на управните акти. Во текот на постапката се констатира дека извршувањето било закажано, но дека било делумно извршено, со што му се овозможило на инвеститорот повторно да го изгради урнатиот дел. При ваква состојба Народниот првобранител и сугерираше на Урбанистичко- градежната инспекција, да изврши надзор, а по констатираната состојба да донесе нови управни акти или предходно донесените повторно да ги достави до Урбаната полиција за целосно извршување, што беше прифатено. Постапката за извршување на управните акти пред Одделението за урбана полиција Куманово е се уште во тек иако Народниот правобранител достави нова препорака.

### 2.9.-2.1 НП 154/01

Народниот правобранител по сопствена иницијатива покрена постапка во врска со сознанијата стекнати од дневно-информативните гласила и другите електронски медиуми во кои беа објавени реагирања на граѓани од Велес по однос на работата на Топилницата за олово и цинк при МХК “Злетово”-Велес. Во текот на постапката се обрати до надлежните органи - Државниот инспекторат за животна средина и Државниот санитарен и здравстен инспектор, со укажување од потребата за преземање дејства во рамките на нивните законски овластувања заради разрешување на проблемот со загадувањет на воздухот во Велес, во кои особено укажа на неопходната потреба да биде извршен увид на лице место, да се утврди фактичката состојба на начин што, меѓу другото, ќе бидат извршени неопходните мерења во рамките на објективните можности, меѓутоа укажа и на обврската и потребата од иницирање постапка за набавка на други соодветни мерни инструменти и доколку биде констатирана неправилност во работењето на правниот субјект да се преземат сите управни мерки и активности согласно законот.

Дадените укажувања беа прифатени и по извршениот инспекциски надзор се донесе Решение за забрана со работа на МХК “Злетово”-комплекс Металургија, а против одговорните лица во правното лице беа поднесени барања за поведување прекршочна постапка, како и кривична пријава.

### 2.10.-1.1 НП 103/01

Ј.К. од Кавадарци, достави претставка во која наведе дека од страна на Министерството за финансии му се повредуваат правата со тоа што не му се дозволува враќање на погрешно уплатените средства на име процесни трошоци, на жиро-сметка на Основниот суд во Кавадарци наместо на доверителот. Постапувајќи по претставката Народниот правобранител констатира дека Министерството за финансии во конкретниов случај погрешно го применува членот 36, став 3 од Законот за судските такси, наведувајќи дека не може да се изврши поврат на средствата бидејќи поминало повеќе од една година од денот на уплатата, од кои причини со препорака укажа дека предметните парични средства не се уплатени како судски такси, туку како процесни трошоци поради што и не можат да се применуваат одредбите од наведениот закон. Ваквиот став беше прифатен, по што надлежниот орган изготви Решение со кое на граѓанинот му се дозволи да ги подигне средствата.

### 2.11.-1 НП 965/01

М.Н. од Битола достави претставка до Народниот правобранител во која наведе дека од страна на АД"Македонски телекомуникации" е задолжена да плати неосновано високи износи на повеќе телефонски сметки за наводно извршени разговори со телефонските броеви од серијата 0500, поради што и е исклучена телефонската линија.

Постапувајќи по претставката Народниот правобранител констатира дека е извршена злоупотреба на телефонската линија на подносителката од страна на други лица, поради што се обрати до службата на АД"Македонски телекомуника-ции"-"Градски телефон" со укажување да се коригираат спорните сметки, по што стручната служба на "Македонски телекомуникации" донесе решение со кое ја прифати интервенцијата на Народниот правобранител и изврши отпис на спорните импулси.

### 2.11.-2 НП 362/01

М.С. од Делчево достави претставка во која наведе дека од страна на ЈКПД "Брегалница" од Делчево надоместокот за извршените услуги за собирање и транспортирање на сметот се пресметува и наплатува по број на домаќинства, а не по цена утврдена за метар квадратен станбена и дворна површина.

Констатирајќи дека со ваквиот начин на наплата се врши повреда на правата не само на подносителот на претставката, туку и на сите граѓани-корисници на услугите на Јавното претпријатие, Народниот правобранител достави препорака со која побара при наплаќањето на комуналните услуги да се постапи согласно одред-бите од член 29 од Законот за комуналните дејности, односно цената за надоместо-кот да се утврди по метар квадратен станбена и дворна површина. И покрај вака преземените дејства од страна на надлежниот орган се уште не е постапено во врска со истите.

### 2.11.-3 НП бр. 534/00

Граѓанинот Љ.Б. од Охрид поднесе претставка во која наведе дека и покрај тоа што од поодамна го платил надоместокот за уредување на градежно земјиште, како и другите надоместоци за изградба на неговиот станбен објект, се уште не е отворен пристапен пат.

Констатирајќи дека пристапниот пат е опфатен во Деталниот урбанистички план, Народниот правобранител се обрати до Фондот за комунален развој-Охрид со барање при изготвувањето на претстојната Програма за уредување, градење и одржување на локалните патишта за 2002 год. да биде опфатена, односно предвидена изградбата на предметниот пат до објектот на подносителот.

Барањето на Народниот правобранител е прифатено од страна на Фондот за комунален развој со укажување дека на Советот на Општина Охрид ќе му биде предложено во Пограмата да ја планира реализацијата на пристапниот пат.

### 2.11.-4 НП 578/01

Т.Ј. од Скопје поднесе претставка во која наведе дека од страна на ЈП"Водо-вод и канализација" неосновано е задолжен да плати висок износ на сметка за потрошено количество вода.

Во текот на постапката Народниот правобранител се обрати до ЈП"Водовод и канализација" со барање да се преиспита исправноста и функционирањето на водо-мерот, како и да се изврши корекција на спорната сметка, од која, со оглед на драстично високиот износ, неспорно произлегуваше дека се работи за грешка при пресметувањето.

Постапувајќи по укажувањето на Народниот правобранител, Јавното претпријатие изврши контрола на функционирањето на водомерот и состојбата за потрошеното

количество вода, при што е констатирана разлика во состојбата евидентирана на водомерот и спорната сметка. Вака утврдената грешка е кориги-рана во сметката и подносителот за предметниот месец е задолжен да плати износ за реално потрошеното количество вода.

### 2.11.-5 НП 752/01

З.Н. од Визбегово, Скопје достави претставка до Народниот правобранител во која наведе дека неосновано е бришан од евиденцијата на корисници на услугите на ЈП"Водовод и канализација".

Во текот на постапката Народниот правобранител се обрати до Јавното претпријатие со барање подносителот да се евидентира како корисник, во која смисла беше постапено од страна на "Водовод и канализација".

### 2.11.-6 НП 1059/00

Р.И. од Штип поднесе претставка со која побара интервениција во однос на решавањето на проблемот со атмосферската канализација бидејќи од страна на надлежните служби, односно Советот на Општината не се преземат дејства за негово надминување. Постапувајќи по наводите од претставката Народниот право-бранител се обрати до Советот на Општина Штип и до надлежното Јавно претпријатие за урбанизам и уредување на градежното земјиште со барање во рамките на нивните надлежности да обезбедат нормално функционирање на атмосферската канализација, по што од страна на надлежните служби се иницира постапка за изработка на проект за санација на проблемот со предметната атмо-сферска канализација.

### 2.12.-1 НП 586/01

Граѓанинот К. К. од. с.Пештани-Охрид до Народниот правобранител поднесе претставка во која наведе дека од страна на надлежниот орган за денационализација му се повредуваат неговите права во постапката по повод барањето за денационализација-враќање на недвижен имот. Постапувајќи по претставката Народниот правобранител утврди дека истата е основана, со оглед на тоа што подносителот барањето до Комисијата за денационализација со седиште во Општина Охрид го доставил на 13.09.2000 год, односно дека во случајот постапката неоправдано се одолжува, што е во спротивност со одредбите од Законот за денационализација.

Тргнувајќи од таквата правна и фактичка состојба на работите Народниот правобранител заради спречување натамошно предизвикување штетни последици, а притоа имајќи ја во вид целта и содржината на Законот за денационализација, до органот за денационализација достави препорака во која укажа на неопходната потреба од донесување соодветен управен акт со кој ќе биде удоволено предметното барање на подносителот на претставката. Притоа, иако за изложеното во претставката Народниот правобранител дополнително го извести и министерот за финании, се уште не е добиено известување за преземените дејства и донесената одлука по повод дадената препорака.

### 2.12.-2 НП 429/01

М.Т. од Македонски Брод достави претставка по која Народниот правобра-нител во текот на постапката утврди дека од страна на Одделението за премер и катастар - Македонски Брод при Државниот завод за геодетски работи во постапката на излагање на јавен увид на податоците од премерот на недвижностите со утврдување на правата на недвижностите во Пописниот лист бр. 38 КО Белица биле повредени правилата на

постапката со оглед на тоа што органот не ги прифатил сите докази-исправи што претставуваат основа за запишување во катастарот на недвижностите.

Заради обезбедување ефикасно остварување и заштита на правата на подносителот на претставката Народниот правобранител на Одделението за премер и катастар му препорача да спроведе повторна постапка во која треба да ги има предвид и исправата-договор за физичка делба на недвижен имот заверен пред надлежен суд и со споредување на податоците за недвижностите наведени во овој договор и на оние во оставинското решение, а имајќи ја предвид состојбата утврдена на лице место при премерот, да ги утврди правата на предметните недвижности. Вака дадената препорака е прифатена и е спроведена соодветна постапка.

### 2.12.-3 НП. 1053/01

М. и А.Г. од Скопје, до Народниот правобранител поднесоа претставка од чија содржина произлегуваше дека им се повредуваат уставните и законските права бидејќи и по истекот на подолг временски период од страна на Јавното претпријатие ,,Електростопанство на Македонија”-Подружница ХЕЦ,,Козјак”-Скопје, не се пре-земени дејства за исплата на преостанатиот дел од надоместот за експроприраниот недвижен имот-земјиште на коешто тие се поранешни сопственици.

Имајќи ги во вид изнесените наводи, како и приложените материјални докази, Народниот правобранител констатира дека во врска со конкретниот случај предметното право по однос на подносителите на претставката е утврдено со Спогодба постигната пред органот на управата надлежен за имотно-правните работи, односно Министерството за финансии-Управа за имотно-правни работи-Реферат во Македонски Брод. Од овие причини препорача дека е неопходно потребно во најкраток можен рок да бидат преземени соодветни дејства така што ќе биде постапено во смисла на цитираната спогодба и на подносителите на претставката ќе им се исплати преостанатиот дел од определениот паричен надомест. Но и покрај повторно доставени барања Народниот правобранител не е известен за преземените дејства и донесената одлука во контекст на дадената препорака, односно на подносителите на претставката се уште не им е исплатен односниот надомест.